

31 автор
51 расказ

# :2006
# Електролит

ТЕМПЛУМ

e book
okno.mk

ТЕМПЛУМ

Уредник на едицијата: Никола Гелевски
Графичко уредување и дизајн: Точка™

Темплум, адреса:
Климент Охридски 15, 1000 Скопје
www.templum.com.mk
templum@mt.net.mk

**CIP** - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

**821.163.3-32(082.2)**

**Електролит 2006: избор од најдобрите раскази од конкурсот „Електролит“ за 2006 година** - Скопје : Темплум, 2006. - 160 стр.; 18 см. - (Библиотека Катапулт; кн. 1)

ISBN 9989-902-96-8
COBISS.MK - ID 67863562



КАТАПУЛТ
книга 1

# Elektrolit:2006

*избор од најдобрите раскази од конкурсот „Електролит“ за 2006 година*

*раскази*

ТЕМПЛУМ
Скопје, 2006

## СОДРЖИНА:


ПРЕДГОВОР :6:

А:АНГЕЛОВСКИ ДАРИН:ЗВУЦИ :9:
А:АНГЕЛОВСКИ ДАРИН:ПОДРУМ :10:
А:АНГЕЛОВСКИ ДАРИН:СТРАВ :11:
А:АНЕТА АНЕТА:ПРИКАЗНА ЗА АНЕТА АНЕТА... :13:
А:АРБРЕРОВ А.:ПОДВОДЕН ВОАЈЕРИЗАМ :17:
А:АРБРЕРОВ А.:НОЌ НА ПОЛНА МЕСЕЧИНА :19:
А:ARVYDAS KRTINA:ЗЛОСТОРНИК :21:
А:АРСОВСКИ ВИКТОР:ГЛАД :26:
Б:БОЈКОВСКИ МИЛКО:МРТОВЕЦ ВО МОЈОТ КРЕВЕТ :30:
Б:БУВЉАК НАДА:ЏОКЕР :35:
Б:БУВЉАК НАДА:ФИСТУЛА :39:
Б:БУКАРСКИ АЛЕКС: ЛУЃЕ НА КОИ НЕ ИМ СЕ ОТВАРА ПАДОБРАНОТ :43:
В:BUSHY MEAT:НЕ Е ЗА ОБЈАВУВАЊЕ :54:
В:BUSHY MEAT:ЉУБОВ И КОМПИРИ :56:
В:BUSHY MEAT:ВОЛВО РЕКТУМ :59:
В:BUSHY MEAT:ПРОФЕСИОНАЛЕЦ :63:
В:BUSHY MEAT:АБЕР ОТАДЕ :67:
W:WORM: ЛОПАТАР :71:
Г:ГАЦОВА КРИСТИНА:БЕНЈАМИН :76:
Г:ГАЦОВА КРИСТИНА:ТРОЕН АГОЛ :78:
Г:ГАЦОВА КРИСТИНА:РЕКЛАМАЦИЈА (NOT A FICTION) :79:
Г:ГЕЛЕВА НАТАША:CRASH BOOM BANG :81:
Г:ГЕЛЕВА НАТАША:НАМЕШТАЈ :82:
Г:ГЕЛЕВА НАТАША:ДОМА :84:
Г:ГЕТО РУДИ:ТРИ НАВРАЌАЊА НА МОТИВОТ КЛУПА :86:
Г:ГОЛАКОВ КОСТАДИН:АМЕРИКАНСКА НОЌ :89:
Г:ГРУЕВСКИ ЗОРАН:СИН НА БИСТА :93:
Д:ДЕНКОВСКИ ДРАГАН:ЗАЧМАЕНОСТ :97:
Д:ДИМИТРОВСКА ЈАСНА:ЧЕШЕЛ :99:
Е:ЕФРЕМОВА ИНЕС:ГАБРИЕЛ :103:
К:КАРАНФИЛОВСКА ЛИДИЈА:МАКАО :106:
К:КОВАЧЕВСКИ МАРКО:ЧУДАК :108:
К:КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ:ПОВИК :110:
К:КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ:ВЕЌЕ ВИДЕНО :112:
К:КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ:ЖИВОТОТ НА ФРОСИНА :114:
К:КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ:СВАДБА :115:
К:КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ:ИГРА :116:
К:КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ:СЕНИШТА :117:
Н:НИКОЛОВСКА МИЛЕНА:ХЕРОЈ НА НАШЕТО ВРЕМЕ :118:
Н:НИКОЛОВСКА МИЛЕНА:САКАВ НЕШТО ДА КАЖАМ :122:
П:ПАВЛОВА СЛОБОДАНКА:I FIND NO PEACE (МАБЕЛ) :126:
П:ПЕТРЕВСКА МИМОЗА:Н. КАМЕЛЕОН :130:
П:ПОПОВСКА ИРЕНА:ЗИМСКИ ДЕН :132:
П:ПЧИНСКИ НИКОЛА:ТРАНЗИЦИСКА БАСНА :136:
Р:РАСПУТИНОВСКИ ПЕТАР:ИЊЕКАДАН :139:
S:SHE:СЕНАТОТ :143:
S:SHE:КУ-КУ ЧАСОВНИК :146:
Т:T.W.S:ОПЕРАЦИЈА ИСФРЛАЊЕ ЗЕЛКА (КИСЕЛА) :149:
Ц:ЦВЕТКОВИЌ ИРЕНА:СКОПСКА ПРИКАЗНА :151:
Ц:ЦВЕТКОВИЌ ИРЕНА:ОБЛИЦИ НА ОСАМАТА :154:
Ш:ШОПОВ ИВАН:БАГАЖОТ НА СТАРИОТ ПРИЈАТЕЛ :157:

# ПРЕДГОВОР

Заврши првата електролит-година. Пред вас се наоѓаат 51 расказ од 31 автор. Овој избор го сметаме за некаков дестилат од осумте конкурси распишани во текот на 2006 година. Од вкупно пристигнатите 508 раскази (од приближно 150 различни автори; тешко е да се одреди прецизниот број на авторите заради многубројните псевдоними:), во книгава се пренесени, значи, само околу десет проценти, но наше мислење е дека тоа се мошне репрезентативни десет проценти...

Идејата на конкурсот „Електролит“ е јасна и едноставна: да се овозможи нов, евтин и релативно силен медиум за презентација и афирмација на литературата пишувана на македонски јазик, главно од помлади и од недоволно познати автори. Како медиум го искористивме интернетот, се разбира, т.е. сајтот на книгоиздателството „Темплум“: www.templum.com.mk/konkurs.htm

Резултатите по првата година се сосема задоволителни, пред сè на квантитативен план, иако и квалитетот од месец во месец се подобрува (за што, искрено веруваме, ќе сведочи и книгата што ја држите во раце, почитувани читатели:).

Првава година конкурсите беа замислени на месечно ниво, но имавме и два двомесечни конкурси. На осумте конкурси наградивме вкупно 31 расказ од 24 автори. Сите наградени раскази ги има и во книгава, плус дваесетина други. Во книгава се најзастапени расказите на Крстевски и Буши Мит, автори кои годинава се издвоија и според бројот на испратените раскази (особено Крстевски, кој ни испрати триесетина раскази!:), но пред сè тие двајца автори се издвоија со квалитетот на нивниот прозен ракопис. Веднаш зад двајцава има група од десетина автори кои често го достигаа нивото на Крстевски и Буши, но едноставно имаа испратено малку помалку раскази; станува збор за Дарин Ангеловски, Нада Бувљак, Кристина Гацова, Наташа Гелева, Зоран Груевски, Милена Николовска, Никола Пчински, Алекс Букарски, Ши... Се разбира, и другите дваесетина автори застапени во изборов најчесто ги достигнуваа релативно високите стандарди што ги поставуваа првонаградените (радува, на пример, бројот од дури 24 различни наградени автори во текот на годината! Тоа е сосема пристојна база за регрутирање нови актери на издишаната македонска книжевна сцена:).

Кога го започнавме „Електролит“ напишавме: „Потенцијални писатели! Веќе не морате да го поминувате низ мачниот процес на барање издавач, молење, клечење, фаќање врски и спонзори... Нашиот конкурс има некомерцијален и демократски карактер и се залага за ширење на пишаниот збор, но и за давање можност на младите, неафирмираните и пред сè на оние кои немаат каде да ги објават своите креативни дела. Замислете го како некој вид заеднички блог/архива на вашите текстови. Наш цел е Електролит да прерасне во голема архива на текстови која ќе функционира како некој контра/паралелен/виртуелен и динамичен литературен простор во кој ќе бидат лансирани млади и непознати, но потенцијално моќни писателски катапулти. Тие катапулти, меѓу другото, можеби ќе треба да се обидат да го парчосаат големиот челичен писателски Титаник, замрзнат и заспан некаде на некоја наша Антарктадемија!?“

Ете, со „реалнава“ книга (надвор од виртуелниот простор:) ставаме точка на првата електролит-година. Еден ден, книгава ќе биде носталгичен документ на едно „долготрајно пријателство“, кое штотуку започнува!

***

Идејата и реализацијата на Електролит конкурсот се на Бранко Прља. Автор на месечните критики и осврти и главен уредник на Електролит е Никола Гелевски. Другите членови на жирито се Искра Гешоска, Роберт Алаѓозовски и Владимир Јанковски. Електролит е хостиран на сајтот на Темплум и е финансиран од истоимената издавачка куќа.

-Понекогаш, кога е многу темно, но не е премногу доцна, значи обично ноќе, слушам како собата дише со мене.

-И јас се обидувам да ги чујам звуците на куќата - вели мајка ми.



-И? - прашувам јас.

-И ги препознавам.

-И?- пак јас.

-И знам дека тие се наши.

Тогаш ми текна дека пред неколку дена ме праша за човекот што пред некоја ноќ го сетила како минува низ дневната и си седнал во кујната. Се сетив дека ја убедував како сигурно немало никој и дека ѝ се сонило. Ми беше интересно да ја слушам како прашува за нешто кое обично се заборава по сабајлечкото мочање, и ако не го заборавиш, обично не го превалуваш пред друг.

-И?-продолжувам да прашувам. -Какви се звуците?

-Да, знам дека тие се нашите- тивко си повтори.

- И после?

-Тогаш тебе обично ти паѓа капакот од тенџерето.

Среде лето, кога дома станува пеколно врело и ѕидовите не можат преку ноќ да ја пуштат сета топлина што ја впивале со денови, си седам во подрум на ладно. Низ воздухот лебди остатокот од ланската туршија и некој бајат мирис. Во ќошот до полицата со тегли забележувам ноџе. Крај скалите кои слепо завршуваат во темелите и прават триаголник во кој е тутнат стар двосед, се гледаат две глави, едната стркалана близу ѕидот, меѓу нив чифт нозе, малку понатаму едно свиткано опавче. На двоседот лежи мачка со маче. Мачето сè уште цица, мачката не може да стане. Над нив на наслонот стои накострешен мачор, не скока, а ме гледа право в очи. Мирисот на бајато стежнува и секнува. Глетката е изненадувачки вистинита. Има сè, фали само воздух. Како во секоја семејна сцена по жестока караница.





Кај мене во зграда зад влезната врата стојат, Јаворка од приземје, синот на цигарџијата и Добрила, жената што чисти.

Синот на цигарџијата од далеку ми ја подава раката и прави некое смешно движење како кога рацете ти се многу валкани па сакаш да се поздравиш со лактот, гледам се решава за подлактицата и јас веќе го држам за зглобот кај дланката и го слушам како ме прашува:

- Ти не знаеш?

- Што?- му велам.

- Пак нѐ опљачкаа, маме им ебам.

Ги гледам до него празните картони од цигари како ги клоца со нога.

- Сè зеле, бравите ги испокршиле, првата, втората, катанците, сè, попара напраиле!

- Кога? – прашувам.

- Сега у саботата.

Јаворка ќути, Добрила ја цеди метлата. Сапуницата се слева по скалите, мириса на *Билјана*.

- Ама знаеме кои се - ми вели синот.

- Ги пријави ли? - го прашувам.

На Добрила ѝ паѓа метлата, се ведне по неа и ни вели:

- Ја видов еден у саботата како се вртка тука.

Се исправа па се крепи на метлата.

- Го гледам се вртка тука пред влезов и му викам, „Дечко што бараш ти тука?“ а тој:

- На мајка ти пичката ја барам, ќути да не те убијам.

- А, бе, ја треба да рибам овде - му викам - тргни ми се, а тој пак: - Ќути да не те искасапам!

- Ви кажувам, луѓе со пиштоли шетаат, за пеесет денари убиваат - се плаши Добрила.

- Кој ќе те убие тебе, ти си сиромашна - ѝ вели Јаворка.

Добрила веќе ништо не слуша, стравот ја обзема к'о да е сама со крадецот.

- Леле - ја става раката на гради - ја не можам да работам тука, еве оваа врата - покажува со другата рака кон задниот влез - треба нон-стоп да биде затворена, под клуч! Ете, преескa метам и ми игра левово око. Што било тоа, да си влегува кој сака?

Јаворка гледа и се чуди.

Синот на цигарџијата истапува помеѓу двете и ми вели: - Да му кажеш на татко ти, а и ја ќе му кажам, да стави нови врати.

Потоа ѝ се врти на Добрила и ѝ вика: Море ја ќе ставам, и камери ќе наредам, и тука, и во подрум, има сѐ да се знае!

Добрила к'о да се успокојува, ја зема метлата и продолжува да риба.



## АНЕТА АНЕТА: ПРИКАЗНА ЗА АНЕТА АНЕТА, ТРАЛАЛ ТРАЛАЛА И ЕДИКОЈ СИ И НИКОЈ СИ ОД КРТОТ НА ДОБРАТА НАДЕЖ

Си беше еднаш во една приказна Анета Анета. Името го добила по некоја кучка, а другите мислеа дека е пингвин. Имаше јапонско потекло и зелени очи. Не знам кој од нејзините предци бил Јапонец, ама кога тој дошол да живее овде, нашол нешто што демек многу му значело и оставил аманет неговите наследници да не носат веќе имиња од типот: Сузуки Чикара или Кавасаки Јатабара, туку да имаат имиња како тукашните мештани и да живеат тука. Нејзе тоа не ѝ значеше ништо, како и сѐ друго. Затоа и си доби опомена од никој друг туку токму од Кртот на Добрата Надеж, кој велеше дека не може да ја гледа таква туку ако сака да биде лик од неговата приказна мора да прави нешто.

-Размисли што и почни! Ќе те избришам!

Сфати дека сака како прапра... дедо ѝ да појде по светот. Не знам зошто, но таа очајно веруваше дека има Смисла во животот без смисла. Не обратно. И така реши да замине да ја бара на Саемот на сите смисли.

Првиот штанд беше на Земјата во која никогаш не можеше да се дојде. Земјата На Изгубени Илузии. Претставник од таа земја беше Тралал Тралала. Рус човек со антички потекло, ама не признаваше никаква врска со Античките Македонци.

- Зошто да живеам во Вашата земја? Не гледам многу интересни работи, посебно не Смисла во животот без смисла - му рече таа.

- Ти судиш само според очите. Очите лажат. Поентата е во тоа што овој штанд може да се наполни. Можеби и веќе е полн, ама ти не гледаш.

- Ако не гледам нешто што не може да се види не значи дека не гледам. Кажи ми каде е Вашата земја.

-Ние сме растурени по цел свет. За да има секаде некој што страда.

-Кое е Вашето Богатство?

-Никој не е побогат од оној што поседува љубов.



-Хм! А да разгледам што има понатаму па да се вратам?!

-Зависи што бараш. Ако сакаш само да бараш не значи дека нема да добиеш.

Потоа Анета Анета замина на вториот штанд, Земјата Во Која Не Требаше Да Се Стигне. Ситните Души. Таму имаше двајца претставници: Едикој Си и Никој Си. Едикој беше помлад од Никој и подобро лажеше. Можеби заради неговото американско потекло.

-Ве молам објаснете ми, не знам точно, Вие сте сѐ уште мајмуни или...

-Не... Такво нешто нема. Како се осмелувате млада госпоѓице! Ние сме напредни суштества.

-Зошто да сакам да живеам во Вашата земја? Има ли Смисла?

-Да. Многу е убаво. Еве, погледнете рекламен материјал! Како во сон: безгрижен модерен живот, секс на сите страни...

-А каде е точно Вашата земја?

-Онаму каде што најмногу се очекува да биде. Ако сакаш секаде, ако сакаш некаде или никаде; некогаш, секогаш или никогаш, со некој, никој или со секој, можеш да ја најдеш - притоа кимна задоволен од своето објаснување.

-Кое е Вашето богатство?

-Злато, па ние од сѐ правиме злато. И од тебе.

И тогаш таа незадоволно продолжи. Никој за прв пат проговори и ѝ рече:

-Знај дека тоа што го бараш, тоа и ќе си го добиеш.

Продолжи понатаму и понатаму... И велеа сѐ и сешто и нешто и ништо... сѐ додека еден ден не дојде до местото од каде што тргна и сфати дека секогаш се стигнува таму од каде што си почнал. Замина дома за да размисли како да живее. Мајка ѝ очекуваше дека таа ќе се врати со добри вести, а слушна само:



-Пројдов по сите земји, планети, вселени и не најдов ништо. Решив да си направам своја земја во својот дом и ќе ги доведам сите. Нека ми прости прапра... дедо, ама ќе морам да згазам на неговиот збор и да не живеам во неговата сакана земја, ами во мојата.

Така рече тогаш и така не направи веднаш. Сѐ уште немаше смисла. Мајка ѝ се налути и замина да живее кај прапра... дедо ѝ.

Кога остана сама, почнаа еден по еден, да доаѓаат и да ја полнат нејзината нова земја: Земјата на Згазени Зборови. Ги имаше толку многу што веќе не беше згазен само зборот на прапра... дедо ѝ, туку сѐ што постоеше таму. Кога го виде тоа Анета Анета многу се разочара. Реши да ја спаси својата земја и да стави ред. Ги избрка сите и врати само

по некој. Некои не сакаа да останат сами и не останаа, некои доаѓаа илегално, па умираа од досада во дворот. Последни кои заминаа беа едниот од господата Си, Никој и Тралал. Анета Анета мораше да ја прекрсти најновата земја во Земја во Која Ништо Не Остана со некаква колку да се рече филозофија за Смислата на животот без смисла по која Анета Анета тргна пред да стигне таму од кај што тргна кога почна да бара: Ако сакаш само да бараш не значи и дека нема да добиеш. Тоа што си го барал, тоа и не си го добил. Затоа, за да не го најдеш она што не го бараш, барај го тоа што не можеш да го најдеш.

Верувале или не, таа од својата филозофија ништо не разбираше ама сепак продолжи да живее презадоволна; а и како да не биде кога поентата беше не да ја сфати Смислата, туку да направи нешто и да не биде избришана. И тогаш во нејзиниот живот пак се појави некој т.е Никој се врати зашто не можел да живее сам. Едикој Си починал во меѓувреме некаде од некоја модерна болест. И продолжија заедно да уживаат во задоволствата што може да ги понуди еден живот без Смисла во животот без смисла.

А Кртот На Добрата Надеж ја гледаше на телевизорот и си се смешкаше, не заборавајќи лаконски да си се пофали:

-Е... Крте, Крте... Гледаш. Добро ја среди работата: уште една приказна со среќен крај. Ќе те биде, Кртее! А Смислата? Кој мисли за неа кога му е убаво! Сѐ е добро кога добро не гледаш.



## АРБРЕРОВ А.: **ПОДВОДЕН ВОАЈЕРИЗАМ**

Кој би можел да знае дека светлината се крие под подводните лилии обраснати со пубичните влакна на сирените, кој би знаел дека тие лилии се опседнати со убавина и со секс, дека опседнати со Венера, тие ја раѓаат Венера, создавајќи ја со четката на соништата, создавајќи ја со пупење.

Тајната е во светлината под нивните корени поцврсти од фалус, а помеки од нозете на месечарот кој привлечен од полната месечина чекори врз водата не оплодувајќи ја со својот притисок и со своето постоење, чекори врз неа и повторно поминува незабележан од нимфите кои мастурбираат на неговите соништа.

Вагината чека на првиот допир. Таа е сеизмонастична, и при секој допир нејзината уста се затвора, не дозволувајќи му на допирот да ја почувствува. Затоа, таа секогаш ќе го има првиот допир. Но истовремено и никогаш. Таа е девица на која секогаш ѝ преостанува - повторно допирот.

Сирените пеат, намамувајќи го морнарот во смрт. Тој слегува по скалите направени од вода со заклучени клепки, привлечен од допирот на гласот. Неговиот фалус е во полна форма, тој очекува контакт. Тој очекува уште еден допир. И го добива. Пенетрира во вагината на смртта, топла, а истовремено студена како морница врз затегната кожа.

Пенетрира, гледајќи во својата подводна рефлексија, конечно препознавајќи ја смртта. Тој почнува да мастурбира, тој изопачен некрофил, на кој смртта му го одзема последниот оргазам, одвојувајќи ги неговите раце од неговиот фалус, и од неговото тело. Тој умира со отворена вагина.

Каде е светлината,кој би можел да знае каде е светлината оваа ноќ погуста од окото на мочуриштето. Сите врати се заклучени, но водата е несопирлива. Таа влегува од под вратата, низ клучалката, и никој не може да ја запре. Таа вода е фертилна. Таа вода ги оплодува соништата. Таа вода е загубената светлина оваа ноќ. Таа вода има боја на око. Таа вода мириса на облак. Таа вода мириса на сперма. Таа вода... Кој би можел да знае?!

Кој би можел да знае?! Спијачите ги заклучиле очите, единствено сонувачите можат да видат сè. Сонувачите спијат под корените на подводните лилии, и опсервираат сè што оваа ноќ осветлува. И сè она што не може да биде осветлено. Тие се воајери. Нивното око може да види сè. Па дури и мене. Затоа моето око се повлекува и останатите приказни им ги оставам ним и на нивните очи.



## АРБРЕРОВ А.: **НОЌ НА ПОЛНА МЕСЕЧИНА**

Цигарата е испушена. Автоматизираните инсекти иритирачки кружат околу испушокот на денот, сè додека конечно не ги смири смртоносниот бакнеж на уличните метални дами за кои се лепат привлечени од нивната радиоактивно жолта аура. Сè е црвено од љубов и подготвено за испорака во локалната месарница. Месарот ги остри своите мисли со нож, притоа отсекувајќи си ја главата. Топката се стркалува низ лепливата крв оставајќи прекрасен црвен отисок на скалите. Ми почнал циклусот, помислува една девојка. Зарем не е малку рано?! Сигурно дека е. Месечината сè уште не излегла од канализациskиот отвор. Исто и месечарите.

Оваа ноќ кукларот спие. Сенките ќе останат залепени за ѕидот. Проклето статични и неподвижни. Но, полната месечина се појавува во последен момент и ги оживува и нив, и тие ги протриваат очите и излегуваат од ѕидот подготвени за блуд. Изопачено. Изопачено. Ангелите ги соблекуваат крилјата и почнуваат да водат љубов, да разменуваат течности и останати материи.

Оваа ноќ е, исто така, доста инспиративна и за лебарките. Тие излегуваат од својот интимен микрокосмос сместен во отворот на левиот агол и го започнуваат својот полноќен хедонистички танц, удирајќи со своите преакустични нозе

врз затегнатиот стомак на подот. Ѕидовите оваа ноќ, за жал, имаат уши и мораат да го слушаат тој инспиративно конспиративен акустичен танц.

Девојките, обземени од појавата на полна месечина, нетрпеливо ги извлекуваат прстените од своите прсти и вселувајќи ја месечината во истите, почнуваат да замислуваат желби... но, што се случува??! Нивните раце, придвижени од непознат каприц, почнуваат да се лизгаат надолу, кон нивните полови органи и тие се претвораат во изопачени воајери кои, користејќи ги своите прстени како клучалки, почнуваат да мастурбираат на мозокот на месечината. Крајот е фатален: Месечината останува заглавена во еден од прстените.

На ноќ на полна месечина...

„Оваа ноќ ќе се случат уште многу други работи, но јас морам да спијам“, рече ноќта, крајно исфрустрирана и ги затвори капаците, оставајќи ме да зјапам во празнината која ја отвори устата и ме проголта и мене.



## ARVYDAS KRTINA: **ЗЛОСТОРНИК**

Ш. по сѐ, беше перспективен младич; родум од Скопје; припадник на Високата Каста; специјализираше ЗПО (Зголемување на профитот во општеството), и ја работеше својата дисертација по која требаше да се стекне со насловот Профет на профитот.

* * * * *

Еден ден, при рутинската психо-физичка проверка, му беше дијагностицирана акутна РПЗ - радикална политичка заблуда.

За среќа, РПЗ-то сѐ уште не беше мутирано во целокупна идеја која би стимулирала конкретна (ре)акција. Тоа значеше дека Ш. може да биде спасен од страна на социјално-освестувачките структури, по вербален пат (со евентуална примена на благи гестикулации и телесен контакт), без потреба за стимулирање на нервните завршетоци со биохемиски и физички средства, согласно утврдената постапка Мајевтика.

* * * * *

- Што сум згрешил?! – праша збунето Ш., откако влезе еден од специјалните пратеници – Што барам јас овде?!

- Вие сте призатворени. – одговори новодојдениот. - Не се тревожете, Педеру[1], јас дојдов само да поразговараме. Значи, прашањата не ги поставувате Вие.

- Спремен сум за соработка, ако е така – резервирано врати Ш.

Навистина, тој не можеше да претпостави зошто го доведоа; дури и да му кажеа, тој немаше да разбере – впрочем, патеше од РПЗ, која ја нарушува општата перцепција на настаните.

- Драг Педер – му се обрати пратеникот – сѐ што нема да кажете може да се искористи против Вас. Многу од работите веќе ги знаеме; залудно би било да се обидувате да мамите.



- Но, што би можел јас – веќе тотално конфузно прошепна Ш.; пратеникот беше сугестивен и ја предизвика неговата скепса. Првиот чекор во поткопувањето на заблудата.

На Ш. не му веруваше дека е наполно невин, и дека институциите навистина немаа основа ниту желба за покренување постапка против него, доколку тој не им ја пружеше. Тој беше призатворен единствено за да може неговата трезвеност да биде повратена; да не се дозволи ставовите и однесувањето во голема мера да му отстапат од оние на мнозинството.

* * * * *

- Еве, основното – рече пратеникот – околу единката Ж., каква е Вашата конекција со неа?

1 Педер – вокативот „пеер“; „педер“ или „пер“ е одамна стандардизиран. Неговата официјална форма сега е „Педер“.

- Ама, Педер – подголтна – Ж. е наполно летна, не гледам.. другари сме, блиски, ако може да формулирам – звучеше тој неуверливо, дезориентирано, бидејќи за миг помисли дека е осомничен за употреба на пролетници. Но, службите знаат, неговата врска со Ж. не беше воопшто употребување; уште помалку таа беше пролетна, иако доколку коваа хајка против него, можеа да интервенираат во нејзините податоци или пак во Законот; па да излезе дека е сепак виновен.

- За наполно летна, е!

Му олесна.

- Педеру, не дозволувајте Вашата РПЗ да Ви создава параноја! Престапот треба да го гледаме ние, не Вие. А, престап нема! – децидно звучеше пратеникот – Сѐ е овде сомнеж и хипотетичка девијантност! Да продолжиме, што Вие претполагате за Ж.?!



- Тоа е моја лична работа – целосно неверувачки врати Ш. – Ме прашувате за моите емоции – зошто кажа „емоции“; се сепна, употреби некоректен збор, пратеникот за миг поцрвене додека Ш. пробуваше да се извади - овај.. . мојот однос... мојот став... е лична работа.

- Курац лична! – изваден од такт, тресна по масата пратеникот. – Кога влегуваш тука личните работи ги оставаш надвор! Ова НЕ Е лично. Кажи, чувствуваш, а? Ја сакаш? Дркаш на неа? Ја мислиш пред спиење? Ја сонуваш? А? – продолжи да се пени во моментот кој требаше да претставува врв на Мајевтиката. – Зошто, знаеш ли?!

- Ме проценивте за моите – подголтна - чувства кон неа... нема да се вадам... чувства. Но, зошто!

- Одговарај.

- Не знам, верувајте.

- Заради ебење? Можеш било која, гарантирано со Устав. И неа дури, ако поднесеш молба и уплатиш на жиро сметка на задругата. А, ружна е, со мали цицки. Си постојат и функционираат совршени правни модули – подзапре пратеникот – свесно одиш против законите, не те разбирам.

- Нема што да разбирате – како учениче врати Ш.

Сега подразмисли – тој не само што беше конектиран со Ж., туку ја љубеше. Она што го чувствуваше кон неа, нивниот однос беше повеќе од секојдневен кооперационизам. Неговото лице инстантно доби израз на вина; но не и на каење.



* * * * *

- Вие сте деклариран дисидент. Што ќе биде кога Вашата РПЗ ќе почне да се рефлектира на Вашето дејствување? Дали сте свесни колку ќе загуби Профитот од тоа? Сигурен сум, Вие Педеру, иден Профет, сте свесни за рецесијата која Ве чека во поглед на маргиналната корист поради ова. Вашето чувство, е најекстремната детерминанта на расходите, тоа го има во секој учебник по социологија. Залудно ги трошите вашите ментални, физички, материјални и временски ресурси! Згора на сè, го признавате тоа! Злосторник! – откако се созеде, пратеникот одржа мал монолог кој требаше да биде окончување на Мајевтиката и да предизвика безусловно прифаќање на апсолутната правна вистина од страна на Ш. како не би се зело предвид неговото претходно сведочење кое, ако не го повлече, дефинитивно ќе заврши на Пистата за каменување.

- РПЗ-то, ако не го надминете, нема да ве запре само кај единката – продолжи пратеникот триумфално. – Преку ноќ ќе посакате да ја запознаете единката од чија матка сте извадени; единката која донирала семе за Вашето настанување; ќе поверувате во еднаквост на Кастите; ќе поверувате дека има нешто позначајно од Профитот! Тотална регресија! Повлечете го искажувањето на чувството врз основа на вашата заблуда, додека имате шанса, ова е ултиматум!

Ш. пак, со подзината уста, тапо гледаше во врамениот факсимил од Уставот на ѕидот:

„...за секое правно, физичко или виртуелно лице, било кое чувство освен физичката болка е недозволено и неговото манифестирање е казниво согласно Кривичниот Законик и Законот за спазување на оптималната психичка состојба...“



За прв пат почувствува страв; поради тоа што веќе чувствуваше љубов. Но, лавината не запре таму – веќе во следниот момент го исполни жестока омраза кон Уставот... и кон Профитот... кон пратеникот... поредокот... себе си... колку само зборовите на Педерот беа вистинити!

## АРСОВСКИ ВИКТОР: **ГЛАД**

Згради. Сонце. Премногу е жешко. Облаци, но мали и небитни. Зошто мора да биде жешко? М. седеше на балконот со дневниот весник. Реклами за кредит. Политика. Спорт. И мал безначаен напис за ограбена жена. Полицијата сѐ уште трага по сторителите. Внук ѝ. Го остави весникот и влезе внатре. Светлината се одбиваше од излакираниот дрвен мебел, сѐ уште зачуван. Дури можеа, на светлината, да се забележат и дамките од скорашното чистење. Стол. На зидот слика со избледен црнобел портрет. Другите - празни. Масичка. Телевизор. Тросед. Но сепак може да седат шест души. Седеа еднаш и беше комфорно. Зарем еднаш, па колку пати. Почнав и да заборавам. Не, не е тоа заборавање, никогаш не можам да заборавам. Колку беше подобро. Колку ли само се забавувавме. Луѓе. Разни места. Бевме најдобри. Секое присетување му го собираше челото, збирајќи му ги очите, а со тоа му го стеснуваше погледот. Веќе не е толку светло во собава. Сигурно се стемнува. Да. Секое нешто си има крај. А мојот, мојот крај?

Ѕвонче.

- Не е можно.

Ѕвони и ѕвони и ѕвони и ѕвони...



- Добро, доаѓам.

Ѕвонче.

- Доаѓаам!

Одвај се поткрена од креветот. Беше исцрпен, гладот го исцрпуваше, и сега дури се наоѓа некој дрзок да му го прекрати сонот. Отклучи. Огромна насмевка.

- Кој кур се смееш. На тоа, насмевката само стана поголема.

- Пола час ѕвонам. Спиеше? Тамам, ќе правиш по едно кафе.

Младиот човек влезе во станот нестрпливо. Седна. Го вклучи телевизорот. Вести. Политика. Свет. Катастрофи. Војни. Крај на светот. Утрешната прогноза. Спорт. Почна непрекинато да ги менува каналите.

- Ајде М., што стана со кафето.

М. сонливо го набљудуваше подигањето на кафето.

- Еве го... Уф, не можам да се наспијам, спијам само по 3-4 часа.

Младиот човек се смееше.

- Да, по 3-4 часа на секои 3-4 часа.

Решително одби да реагира на коментарот, и се одлучи за полесната варијанта. Цигара. Сивиот дим играше на зраците на сонцето.

- Уште постиш? Се заебавам. Уште гладуваш?

- Да, постам.

- А зошто? Знам, знам. Реагираше на гримасата на М. Ми кажа. Но зошто? Помина долго време. Не ти пречи?

Човеку, по тоа што ми го имаш кажувано, ти всушност гладуваш за глупости.

- Не гладувам за глупости. Почнав да гладувам со намера, а сега веќе не ми се ни јаде. До кога да ти објаснувам. Па ти не разбираш. Па не сум на суд. Мое право е. Не. Па тоа е моја желба, а не право. Никој не смее да осуди желба. Да. Желба е. Желба. Желбата му беше да гладува до последниот здив. Не знаеше како поинаку. Се напнуваше, но никогаш не поверува дека иднината ќе биде подобра од минатото. Зарем тогаш не беше подобро? Тогаш се дружеа, играа, целото друштво беше, а сега сите се на свои страни. Тогаш можеше да се верува. Не, тогаш не се веруваше. Беше глупаво да веруваш. Тогаш комплетноста, целината ги правеше среќни, па според тоа секој човек беше среќен. А сега. Разделени се. И сега можеш само да гледаш како нештата одминуваат. Далечни се. Тие нешта. Самоубиство? Па, не е тоа самоубиство. Тоа е само еден начин. Глад. Гладуваше речиси 16 дена. 16 дена...

- ... 16 дена поминаа откако ги видов последен пат.

- И?

- И? Тогаш се сретнавме онака... По пат. Жалната насмевка на М. предизвика реакција на младиот човек кој почна да се смее. Пак.

- Добро бе, што ти е на тебе. Не се убиваш поради тоа, нели?

- Доста! Тебе можеби не ти е гајле. Смеење. М. нервозно стана од масата. Отиде до телевизорот. Го смени каналот. Го зголемуваше тонот. Сѐ погласно и погласно и погласно... Зарем да ги слуша тие глупости. Тој не разбира, па имам преживеано многу повеќе од него. А тие. Тие ме придружуваа цело време додека... Па тој со нив стана личност.



Цигара. Чадот повторно се вивна кон последните зраци од сонцето кое заоѓаше зад последните ридови. Чудно, си помисли, како сѐ се повторува. Круг. Можеби. Можеби тоа едноставно е така. Така. Не може да биде така! Повторно се налути, но овој пат беше прекинат од болките. Тешко ми е. Гладот. Да полежам. Тросед. Троседот. Гладот го исцрпуваше. Тешко ми е. Уште малку ќе се стемни. Телото се покоруваше на гладот. Тогаш ќе биде попријатно. Тогаш ќе можам и да излезам на балконот. Уште малку... Тогаш...

Квечерина. Месечина. Стотици крстови. Сликички. Датуми. Блескаа само оние што беа обложени со позлатени рамки. Бетонски плочи. Неколку дрвја. Гаврани. Уште гаврани. Еден пламен. Две силуети. Двајцата палеа по една цигара. Младиот човек беше загледан во свежиот гроб покриен со мали евтини, па и пластични, но бројни, многубројни букети цвеќе. Добро де, повеќето од нив беа каранфили.

- Неверојатно. Бев кај него... Ми умре... па можам да кажам речиси и на раце. Умре тажејќи... Идиот!

До него стоеше друг млад човек кој си ги чистеше чевлите од калта. Нај нова мода беа. Црни. Како секогаш.

- А да си одиме.

- Ајде. И така џабе стоиме тука. Идиот!

Низ небото полека се движеше месечината додека од спротивната страна сонцето ѝ го отстапуваше местото. Сѐ до наредното утро.

## БОЈКОВСКИ МИЛКО: **МРТОВЕЦ ВО МОЈОТ КРЕВЕТ**

Dead man in my bed - Nick Cave

Одѕвони осум. Ѕвонливо и силно ко никогаш дотогаш. Сѐ беше едноставно онака како што треба да биде. Ништо не покажуваше дека тоа утро ќе се случи нешто непредвидено. Студенилото рапидно се ширеше низ полумрачната соба, чајникот беше превртен како и обично. Креветот крцкаше од моето превртување, но тоа не беше толку важно; денот беше загрижувачки тивок, имаше некаква предупредувачка нишка во сето тоа. Облаците наведнати и намуртени се движеа во некаков непознат правец следени од гласниот ветар. Небото беше црвено, немирно. Ја повлеков главата под мноштвото памучни ќебиња, истото го направив и со моите разголени стапала. Се подвиткав ко стогодишен старец; стомакот ми тежеше, не можев да лежам во таква положба. Студенилото стана неподносливо, задолжителна покривка во смрзнатите утра. Во такви утра препорачливо е да се остане во кревет и да се пие нешто топло, барем така вели мајка ми. Усните ми беа закоравени од студот, но и од претходната вечер, не спијам доволно, поради скратениот сон видно сум ослабнат. Ми се пиеше што било, колку да ги навлажнам усните. Знаев дека немам никој покрај мене, затоа попусто е да викам, никој не може да ги слушне моите повици, дури ни ти.



Килаво. Таа беше замината, предодредена кога-тогаш целосно да ме напушти; полесно совладливи сеаквите ситуации кога имате некој покрај себе, најмалку што може да стори за вас е да ви донесе пиво или вино за да не дехидрирате, но во никој случај вода.

Видов-не видов успеав некако да исползам од под затрупаниот кревет и да зачекорам низ неделниот мамурлак. Облеков голем памучен џемпер, долни пижами и папучи на нозете. Додека поминував покрај ѕидот тој ми се виде изгребан, искривен, напукнат или така нешто, како некој во ноќта да сакал да пробие низ цевките за канализација.

Побрзав да се движам, набрзина ги прелетав големите во облик на круг огледала, застарените прашливи слики и се најдов во една пространа соба која првпат ја гледав. Изгледаше убаво наместена во светло црвена боја. Со поглед кон разбрануваното езеро. Стушената светлина на денот се прекршуваше во секој агол од собата, задржувајќи се најмногу врз изветвените столови кои беа наредени во свечен распоред. Погледнав насекаде, по подот имаше оставено стари весници пожолтени од стоење, преполни со неважни настани за мене. Ретко читав весници, само поради временската прогноза која секој пат беше промашувана, ветувањето никогаш не се исполнуваше, нејзините ветувања. Продолжив, пријатно мирисаше на темјан и догорени свеќи.

Ми беше убаво, зачудувачки е како некој може да се чувствува опуштено кога во истата соба мириса на смрт. Имаше заборавени фотографии од некој човек на кој од некакви необјасниви причини не можев да му го видам лицето.

Претпоставував дека сето тоа имаше врска со моите постојани несоници. Моето присуство беше повеќе од непожелно, но освен моето имаше и нечие друго присуство во воздухот.

Одненадеж сѐ беше вратено во нормална состојба, повторно бев на мојата позната релација кревет-фрижидер ко во романите на Ерофеев, но овој пат ја знаев конечната дестинација која се наоѓаше веднаш зад кујната. Во тој миг ги ограничив земањата воздух само на најнеопходните, оние што најмалку се тегобни, и по неколку воздишки, слики, успеав некако да доталкам до фрижидерот. Стоев исправено и отворив. Грст ослепувачка светлина ми удри во очите, почнаа да ме печат, светлината ме фати на препад, не можев да ја поднесам, бргу извлеков две пива и го треснав фрижидерот.



Едното пиво го отворив веднаш и отпив. Годеше. Го пиев можеби најдоброто пиво во мојот живот, но се чувствував празно; така е тоа, меланхолијата не бира време - таа доаѓа и не прашува. Нема ништо попоразително од самотното пиење, сето друго е поподносливо, чинам дека тоа највеќе боли. Пивото е мојот вечен соговорник. Читател на сите мои шепотења, секогаш тука, никогаш блиску, никогаш далеку.

Студенилото успеваше да се протне низ сите можни отвори на моето тело, да ги наполни со непрекинлива грозница која предизвикуваше тресење. Се стресов, дограбив неколку цигари и излетав спобудалено. Враќајќи се назад кон мојата соба го видов одново ѕидот, овој пат сѐ беше во ред со него, немаше никакви траги од гребење, напукнатост, само во горниот десен агол на клинец беше прикачена истата црно-бела фотографија од претходно. И на неа присутен човекот со невидливото лице. Свртев лево во бањата, го извадив, се измочав и се вратив во собата.

Овој пат го допив пивото и запалив цигара. Се почувствував подобро. Ги разлистав расфрланите ќебиња и се пикнав под нив. Не студеше толку. Дланките ги триев со цел да ги згреам, дури и дишев во нив залудно. На периферните делови заледеноста е најизразена.

Во обид да заспијам, почнав да нуркам, водата беше млака, од дното долетуваа одблесоци на моите претходни животи. Покрај мене пливаа разни ликови, некои познати, некои не. Сиот мој дотогашен живот ми прелета пред очите. Некој ме повлече за ракавот, се давеше, бараше помош, не ја подадов раката.

Се разбудив целиот испотен. Го отворив второто, пената течеше водопадно, седно го голтнав и пак назад. Лежев мирно, кога од постелнината одненадеж нешто како да изурна. Најпрвин незабележливо и подоцна индискретно полека. Не се исплашив, напротив. Успеав низ напластената постелнина да дофатам нечиј прамен. Светложолт. Косата беше долга, несредена, паѓаше врз ковчестите раменици. Ја сетив испапчената коска на черепот, беше тоа човек во раните четириесетти судејќи според брчките на издолженото чело. Поседуваше убави црти. Сиот студ беше вселен во неговите мускулести гради на кои имаше грди изгореници.



Ги напипав усните се уште влажни, ко да се помрднаа. Помислив рефлексен грч. Низок по раст, знаев, облечен по фармерки и долга црна блуза. На нозете носеше нови кожни чевли. Ноктите му беа изгребани ко да се борел ил' копал по нешто. Не знаев како пристигнал, размислував за сите можни начини, но ниеден не ми беше логичен; а ете тој се наоѓаше тука лежејќи покрај мене. Цврсто заспан.

Не, на него немаше никакви пулсирачки знаци, се приближив поблиску и му легнав на градите. Срцето веќе

изгледаше стивнато, мирно. Неподвижно е можеби најдобриот збор за неговото тело. Се згрозив. Морници ми поминаа по грбот. Претходно никогаш немав видено мртов човек во животот, сега бев во состојба да допирам еден. Лицето сѐ уште остануваше нерешлива мистерија. Целото беше покриено со густи превези кои беа заврзани околу неговиот скаменет врат. Почнав нервозно да ги одврзувам, не одеше баш најдобро, беа цврсто завиткани.

Интересно е на што сѐ не е подготвена и колку далеку може да отиде човечката љубопитност кога е правилно предизвикана. Побарав нешто остро нешто со кое можев да ги пресечам проклетите превези. Ги пронајдов ножиците кои беа во фиоката веднаш над мојата глава, ги извадив и почнав да сечам. Откако завршив со сечењето, се зафатив да го разоткривам неговото мумифицирано лице. Одеше полесно и подобро. Со вадењето на секој превез ритамот на моето срцебиење станува позасилен. Ко вжештен вулкан пред ерупција. Превезите еден по еден отпаѓаа, гнили плодови на неговата продуктивност. Полека почнаа да се наѕираат неговите јаболкници, забите, брадата. Го извадив и последниот превез, го фрлив. Погледнав. Човек постепено ја открива својата судбина. Мртовечка жолтотија. Личеше на мене премногу. Налудничаво. Сонувам, претпоставував имав голема желба за оживување, желба за оживување на...



## БУВЉАК НАДА: **ЏОКЕР**

Од прва рака извлече три џокери. Полека ги редеше картите додека невешто маневрираше со нив во своите раце. Другите го забележаа тоа. Еден од нив јавно даде до знаење дека, наводно, му „прекипело“ да чека таа да фрли карта. Коментарот ја натера да крене глава за прв пат, по веќе тричасовната игра. Но наместо да погледне во него, погледна во шишето кое беше полупразно. Скопско. Не се слеваше низ грлото како некогаш. Можеби е до атмосферата: премногу беше спарно, а и сонцето е кренато премногу високо над Пацификот за да може човек да ја долови бојата на облаците. Сѐ уште немаат боја; не се приметни - си рече.

Играа карти. Бриџ. Некои од Источњаците се противеа, „хант“ се велело на македонски. За малку ќе се степаа. Отворање е дозволено после втора или трета рака?! Не најдоа компромис. Секоја нова игра се растураше барем по еднаш: нервозно се фрлаа картите, се кршеа шишиња и се испуштаа крици на негодување. Сепак продолжуваа. Секогаш поинаку од претходно воспоставените правила. Немаше правила.

До бурето за пиво или, според некои, „кегот“, се препотуваа три средовечни жени. Се жалеа на сопружниците. На едната сопругот немал работа, а купил нов „Харли“, до-

дека таа, кутрата, сè уште морала да се вози во скапаната „Тојота“ купена пред неколку години на старо. Втората се обидуваше да наметне своја тема за каматните стапки кои ѝ ги јаделе инвестициите во тукуштo купената куќа. Вината нормално лежеше во сопругот, кој не се консултирал со кредиторот на време, иако го предупредила. Третата цело време демонстрираше нервоза, иста како онаа на момчето што не можеше да го дочека неговиот ред. Нејзе веќе ѝ било доста од муабетите за пари, за материјалности, за куќи, брокери, работа, деца... Размислува да се врати назад во Македонија, таму барем имала куќа со голем двор, каде што ќе може да си играат.

Од другата страна на „кегот“, на клупа направена од неизделкани букови дрва, сопружниците се обидуваа да најдат комфор. Од нив разбра дека во јуни ќе имало избори, но дека не било сосема сигурно. Едниот едвај чекал да падне власта. Ќе се врател да инвестира. Иднината на Македонија е во сервисот!

Додека погледот ѝ беше сосредоточен во новиот џокер кој го извлече, се обидуваше да одгатне што би можело да му значи тоа „сервис“?! Механичар е, можеби мисли на вулканизерски сервис. Неважно - помисли.

Ма сите се исти! - крикна вториот. Никој не сакал да работи, затоа не ја бивало Македонија. Гоце го продале, а еве сега и на Јане на гробот не дозволиле литургија - што да сме сакале од таа земја.

Таа продолжи да гледа во облаците, се обиде да ја визуелизира бојата низ која се рефлектираат долу. Време на зајдисонце е таму, сигурно се црвеникаво-жолти над Водно. Го дофати шишето, последната голтка се синхронизира со крајот на играта. Оној до неа ѝ беше лут: не била доволно сериозна во играта. Можеби сакаше да игра табла? Не, му одговори тивко и тргна да си земе ново пиво. Немаше повеќе „Скопско“, но и „Хајнекен“ вршеше работа.



Седна на тревникот испржен од јакото сонце. Ѝ пријде еден од локалците, расположен за муабет. Само што го завршил пријавувањето данок, го издрала државата, веќе немало причина да се живее во оваа земја. Размислувал да замине за Канада, половина од работата му била завршена само уште да ја убеди сопругата.

Свесно се обиде да погледне низ него, а истовремено да остави впечаток дека е заинтересирана. Во последно време тоа ѝ беше најголемиот предизвик. Облаците сè уште не рефлектираа боја. Рано е за зајдисонце - помисли. Време е.

На патот назад, потпрена на вратата од метрото, ги наслушуваше изливите на двајца француски туристи. Протестите на Сорбона веќе немале смисла, животот во Франција очевидно одел во декаденција. Едниот се обиде да ја објасни познатата вајлдовска теза за американскиот премин од варварство во декаденција, но не можеше да се сети кој беше прескокнатиот мост помеѓу двете. Цивилизација! – громогласно си шепна самата и продолжи да ги гледа. Размислуваат да се преселат овде, каде што сè уште имало можности.

На излегување, барајќи го возниот билет во џебот, најде карта. Џокер. Кога ли го ставив во џеб? - помисли. Тргна да го фрли во најблиската корпа за отпад, но се предомисли. Излегувајќи од под земја го здогледа зајдисонцето. Облаците беа жарко-црвени со некоја нијанса на бордо, помешани со жолто и сиво.

Некој на саксофон ја свиреше *Самертајм*. Музиката се бореше со еден неслучаен ционист, кој најверојатно посакуваше воспаление на грлото. Ечеше целото предградие од Мојсиевите заповеди и „Иднината е во Израел!“

Ѝ се разлеа насмевка на лицето. Пречекорувајќи ја улицата, загледана во сиво-жолто-црвениот отсјај, се успокои од глетката: облаците сепак не се сиви.

Го стави џокерот во задниот џеб од фармерките, ментално запишувајќи дека не смее да заборави да го извади пред да ги однесе на хемиско чистење. Ги затвори очите во обид да го преслика залезот на сонцето, во својата сиво-жолто-црвена мапа на мирнотија од душа.

Останатите сигурно сè уште играат карти, не забележувајќи дека им недостига џокер.



## БУВЉАК НАДА: **ФИСТУЛА**

Лео беше роден со поткожно влакно на една од препоните. Дури беше бебе не го чувствуваше, бидејќи влакната му беа премногу нежни и не му ја иритираа кожата. А беше влакнест. Кога се роди, мајка му не знаеше што собира повеќе прашина, дали неговата глава или градите на татко му, кој во пијано време знаеше да ги расплеска, создавајќи звук како да удира по прокиснато тесто.

Како старееше Лео, така му се зголемуваше отокот помеѓу нозете. Во честите случаи кога ќе се разболеше од грип, мајка му знаеше да влезе среде ноќ и да го намачка со ракија. Не го палеше светлото, за да не го разбуди и само ќе го потфатеше помеѓу нозете. По телесниот сензибилитет кој го предизвикуваше неговата грутка гној го распознаваше од брат му, со кого ја споделуваше перницата.

Кога порасна доволно за сам да пее под тушот, сите одеднаш како да заборавија на поткожното влакно. Не се зборуваше за него. На лето, кога ќе се стоплеше и ќе му се вжештеше пределот околу препоните под фармерките, се криеше во бањата со позајмената пинцета од мајка му и кришум, со часови, се обидуваше да го извлече тој поткожен давеж кој му создаваше тегоби. Секогаш залудно.

Кога го фати пубертетот, меѓуножјето одеднаш како да беше сошиено со конец. Мајка му престана да го облекува во фустани, што дотогаш беше само еден вид нејзина забава со која му ги оттргаше мислите и му даваше до знаење дека е уникатен. Не дека нему му пречеше промената. Фустаните не му беа омилени, но немаше срце да ѝ каже. Но, му пречеше што престана да биде посебен во нејзините очи. Стана чудак. За чудакот и неговата околина, поткожното влакно припадна во групата теми за кои не се разговараше, а со неа и сѐ што му се случуваше помеѓу бедрата. Повеќе не му беше дозволено јавно да си игра со загноеното место.

Со налетот на првите хормонални промени пристигнаа и првите дилеми. За што беше одговорно поткожното влакно, а за што природните телесни реакции?! Недоумиците најмногу се истакнуваа кога во близина беше Неда, неговата другарка од детството. Секогаш кога ќе се сретнеше со нејзе и нејзиниот брат Марко, му се надразнуваше пределот околу поткожното влакно. Ја обвинуваше за тоа, следејќи ги советите на постарите, чии искази навестуваа дека сето тоа е нормално. *„Нормално, да, можеби за оние кои немаат поткожно влакно на препоната“,* си велеше, иако немаше храброст пред нив да го искаже своето сознание. Претчувствуваше дека нема да го дочекаат со разбирање.

Со мајка му престана да има физички контакти, а и било какви други. Почнаа да се оддалечуваат по последната средба со педијатарот, на која го одведе откако самата се убеди дека не може повеќе да го види поткожното влакно на кое ѝ се жалеше. Педијатарот тврдокорноста на влакното ја припиша на Леовата перверзна потреба постојано да си игра со своето меѓуножје.



- *„Тоа што вашиот син го прави не е нормално, треба да се преземат мерки. Нема никаква фистула, ниту трага дека воопшто некогаш ја имал. Измислува, за да си ги оправда блудните пориви“*, заклучи докторот.

Од тој ден мајка му престана да му зборува, освен службено кога во мисла ќе ѝ се вмешаше милата слика на Нединото лице. Неда беше посакување кое ја прикриваше реалноста како утринска магла, која чека да се распрсне со првите зраци на изгрејсонцето.

Лео се трудеше „да не си игра“, иако не можеше да разбере како може да очекуваат такво нешто. *„Па и коњот си ја користи опашката за да ги избрка мувите кога му ја дразнат кожата“,* си мислеше. Тогаш заклучи дека неговото поткожно влакно е личен сензор, кој го издвојува од останатите и како таков треба да го прифати. Не можеше да го прифати само во една единствена ситуација.

Постоењето на поткожното влакно му предизвикуваше срамежливост само кога беше насамо со Марко. Тогаш му се чинеше дека сите погледи се вперени во него. Сосетките му се појавуваа во облик на вештерки кои истеруваат духови околу себе. На мајка му мигновено ѝ растеа изострени заби и на крајот доживуваше срцев удар. Неколку пати го испрати и брат му во потрага по пиштол. Само замислата на татко му, при таквите средби, се совпаѓаше со реалноста. Тој секогаш се плескаше по градите. Всушност, татко му, како и секој прав маж престана да го забележува од денот кога за прв и последен пат помисли дека првенецот му, можеби има поткожно влакно. За да остане на сигурната страна, никогаш повторно не се ни запраша.

Кога ќе му набабреше поткожното влакно, Лео се будеше среде ноќ, испотен, помеѓу пламените на пеколот. Често си играа ѓаволите со загноеното парче месо откинато од неговото меѓуножје, смеејќи се како малоумниот чувар на киното, по претставата на *Нокта на вештерките*. Во тие моменти добиваше нагон да се заштити. Секогаш се будеше со раката помеѓу бедрата. Стравот од губењето на она што го дефинираше почна да станува неподнослив.

Еден ден, по натпреварот во кошарка, се најде насамо во соблекувалната со Марко. Додека се соблекуваше ги забележа вперените очи во своето меѓуножје. За прв пат после толку години се почувствува слободен да си ги остави нозете раширени. Марко го грабна малото ноже, кое секогаш го носеше со себе и му го зари помеѓу нозете не прашувајќи ништо, зауздувајќи го врисокот кој излезе од градите на Лео со стисокот на својата рака. Телата за момент се испотија во прегратка обвиена со болката која ја предизвика ослободувањето на она кое Лео го тиштеше од самото раѓање. Во очите на другиот секој се здогледа себе си. Поткожното влакно излезе заедно со наслагите кои се собрале од неговото прво лето. Лео реши да го зачува сето тоа како една мала тајна, засекогаш помеѓу ѕидовите на соблекувалната. Не кажа никому.

Останатите продолжија да веруваат дека тој некогаш бил, а и сѐ уште е поразличен од нив. Сѐ уште ги вперуваа погледите кон момчето со поткожното влакно, иако тоа повеќе не го болеше, па ни кога Неда намерно и шегобијски ќе му седнеше во скут.

Мајка му сѐ уште не му зборуваше. После тој ден, велеше дека повеќе не може да го препознае. Нејзе ѝ недостасуваше поткожното влакно.



## БУКАРСКИ АЛЕКС: ЛУЃЕ НА КОИ НЕ ИМ СЕ ОТВАРА ПАДОБРАНОТ

Во Сајберот ечеа *карневали*.

почнувајќи од вработениот Пеце Д Шит кој беше ситен, слабичок и исцицан. поради многубројните тепачки забите напред ги замени со вештачки кои беа жолти и криви.

прекарот го добил, кога се поздравувал со некој голич кабадаја кој го прашал „Пеце кој“?

Пецката наприцкан во џемсбондовски стил му вратил:

Пеце бе...Пеце Д Шит.

тоа му остана прекар.

„Пеце бато, во устата личиш ко да си лапнал крешник!“ - го земаше „наудолу“ Макаренко, Ром кому мешлакот му се провираше под маицата со кратки ракави. беше во доцните дваесетти - лик од инвентарно значење.

обично одеше од компјутер на компјутер, и кога негде ќе загледаше порно чудно жмијуркаше со очињата викајќи „КЛЕПТОМАН!“.

досието на Макаренко говореше дека бил осуден во КПД „Идризово“ на 6 години робија.

причина: нанесени 8 убоди со кујнски нож врз бабата на 12 годишната невеста-бегалка.

одлежа 4 год. и нешто фазла.

сега Макаренко беше умешен трговец.

иронијата на судбината сакаше на пазарче да шитка кујнски ножиња.

шанкурињата во „Cyber World“ или Сајберот по нашки, не правеа ништо особено.

меѓусебе си покажуваа слики од искомплексирани штукчиња.

тие исто како и нив беа напалени, сексуално незадоволени, и не беа во ситуација да најдат партнер во 3D.

тивко шуштеа наоколу - видија брат оваа, видија брат онаа.

масовно се слегуваа порно клипчиња со Silvia Saint, Jenna Jameson и Aria Giovanni. залудно газдата на Сајберот имаше испечатено лентичка со следниот натпис:



*„забрането слегување на икс, икс, икс, филмови“*

денски на смена работеше еден стар роднина на газдата.

чиче со бела коса и наочари со дебела рамка. екс-раководител во фабрика за сточна храна. чичето на сите им се обраќаше со „Вие“. култура да го ебам.

намќорски расположен киснеше пред кварцна печка.

решаваше ко улав крстозбори. подоцна го проваливме дека четува. шифра SeksiTi.

се кажуваше ко 17 м Бт, и практикуваше сајбер-секс кога Сајберот ќе се испразнеше. беше фкрај уфилман да си иби пелената.

го дупчевме од друг Сајбер со женска шифра - Ena18.

ирцашка класика.

ебачкиот вокабулар му се состоеше од микс на старечки еротски изрази од на Тито времето ко „да ти го грицнам коковчето“ со нови квази-романтичарски ко „да ти долетам драга до креветот?“ и „погледни ме в очи“.

и Макаренко четуваше исто.

шифра „Дејан“.

едно, две научи да пиши asl,pls

„кажи срц голташ или плукаш а“?

му беше втора и последна напишана реченица на „Дејан“.

***



со денови, со врсниците додека листавме виртуелни енциклопедии ко Wikipedia, прегледувавме сателитски мапи на градови и места на Google Earth, и илегално слегувавме епизоди од пиратски т.н. warez сервери од омилената цртана серија South Park, Макаренко држеше предавања за пичињата.

„клецкам бато јас клецкам. не си играм играчки. шо се вели, клецни ваму, клецни таму не остана време за тинкање. вчера на една шо и го фтерав. абе ја искинав од дупење.“

„алал да ти е“ - кусо му одвраќаше газдата на Сајберот кој уживаше како се кршат кичми во бруталните клипчиња со Ultimate Fight.

„а не, вии го тркалото онде. море ти учен си, ама џабе ти е тоа. не знајш ти со пичињата како. ќе им зазбораш некои зборој, зборој, ич нема да те сварат. ќе те глеат ко зелен. шо кака бе овај?“

„во право си. малио по улица не знај да оди“ - се надоврзуваше газдата, чие окцето ми намигнуваше во смисол „се заебавам.“

Макаренко кога ќе направеше неколку ситни далавери - земаше девојки дома. демек невести, ќе се жени „чоеко“.

ќе ги потрошеше парите и ги враќаше на клоци дома.

„газда дали знајш шо е најакото? да си со пиче, да си на топло, да си во кревет... да има музиче, нормално... и да има кикикрики.“

„поарно бадеми земи Макаренко“ - му дофрли еден хроник кој седеше на 6ката.

Макаренко се попари:

„КОИ БАДЕМИ МОРЕ? ЗА ТИЈЕ ПАРИ ИМА ДА КУПАМ ЕДНА ЦЕНА КОКОШКА...ЕЕЕЕБАТЕ ЉОКОТО.“

Газдата ко по обичај, се смешкаше:

„за такви ко вас Алан Форд можи слободно канти лајна да јади.“



***

пичиња наминуваа се поретко и поретко. а што кур да доаѓаат? шанкурињата гледаа клипчиња со Zoo секс или исклучиво дебели фуфици какви што преферираше Пеце Д Шит. (кои го потсеќаа на неговата жена дома)

беше тоталка непријатно за девојката во тие пет минутки да прегледува ел. пошта, додека глаучите одзади индискретно и се ѕверат во деколтето.

на пример како да не се плашеа од 42 годишниот шофер Борко на „Transkop“.

шифра Alone42. за него кружеа многубројни анегдоти.

една од нив раскажуваше дека возел со својот бус 120 км/ч кога сообраќаец го фатил на радар. но Борко не застанал на палица, туку продолжил да шиба. знаел дека му следува казна. за да не му ја пишат, сепак се досетил на една „оригинална“ идеја.

застанал неколку км потоа и го паркирал автобусот. излегол надвор ги турнал панталоните пред некој жбун демек кака. кога пристигнала патролата Борко почнал да им се правда во стилот „морав луѓе, извинете ме стегна.“

вообичаено преку интернет бркаше младо месо.

со fucking webcam.

често ме масираше да му преведувам на англиски.

„молимте пиши и АЈ ЛАЈК ЈУР ПУСИ!“

I like your pussy yeah!

„тоо бато тоо! леле бе да цепав колку тебе англиски имаше пичните жили да им ги превртам на пичињава од по америкиве!“

на почетокот на новиот заебан техно милениум стана мода низ интернет да се појавуват домашни порно филмови - „home pornvideo“ на естрадни ѕвезди од целиот свет.

ебана атракција.

во Сајберот по безброј пати го вртеа 11 минутното порно-филмче на хрватската поп-пејачка Северина која се рокаше со некојси тајкун во јахта.

Макаренко изигруваше пичлеме пред другарчињата.

„вии ја бе ова во пичкана. сета шума е!“ - се чудеше еден од младите Роми, алудирајќи на Северина која не си ги имаше средено срамните влакна.

Макаренко застанат со поза на белобрад академик, ладнокрвно

претпоставуваше дека:

„море ѓупци филмо по се изгледа 90та е снимен!“

најкрваво беше кога Макарено од пичку си материн, се појави наполнет тинтак со многу кеш.

беше празник. Водици.

Макаренко чапнал 50-тина евра роварејќи со крст на градите низ градот. нам, не ни беше јасен муабетот.

„добро Макаренко не дупчиш? си играш дрндупка со нас?“

„не бе, внучиња. се заработив сам. башка шо и крсто го најдов за 180 динари... и уште не ми е отплатен!“ - се курчеше Макаренко во кабадајски манир.

***



Пеце Д Шит се сушеше од алкохолите од ден на ден. џокаше ко сунѓер.

„дечки до кога ви е работното време?“ - ќе прашаше некој муштерија по полноќ.

„до Биииииингооо!“ - одговараше Пеце, што во превод значеше ќе затворат кога ќе им текне. (кога тој ќе рече „Бинго!“)

колегите пијандури му идеа на гости, си носеа „по едно“ и локаа на мермерното шанкче поставено на средина помеѓу излогот и огромната маса со компјутерите.

„ние си пивкаме, така за ќеф. оние старине во продавничката сте ги виделе бе? моооре хроници еј. џигерот им виси ебаго“ - филозофираше еден матен тип Божо кој не дознав кој кур фактор е, ама Пеце го опишуваше како „чоеко шо за нова година бос рипна од втори и немаше ич гајле.“

„газдата кова швалерка, оти па и јас да немам? да не сум јас подолу?“ - имаше навика Пеце да се правда за блудничењето кое го правеше со неговата швалерка. таа беше дебељуца ко трафика. ја коваше силно долу во визбичето каде имаше билјард маса. покрај неа, имаше две обични маси, пепелници, звучник, пластични столици и секако ѕидови. чојата ја кинеа, топките ги крадеа, масите и столиците ги кршеа, звучникот го дупеа, семки и ѓубре имаше тони и тони, ѕидот беше исшаран со потписи, пепелниците ги арамисуваа...

доволно беше што просторијата не беше набљудувана од вработениот.

билјард масичката исто така му служеше ко ебачки кревет на Пеце.

а клецкаше на се што ќе наидеше, да го ебам.

Мара, Жането, Блага Кривата...

некои од нив на луѓе не личеа.

и правеа реденка со Макаренко на една која имаше криви плави очи.

неа ја викаа Снајперот.



***

постоеја и други ликови кои редовно се собираа во Сајберот.

беа споредни.

претежно идеа од населбите Баир, Генимале...

главнината беа триесетгодишници со оскуден работен стаж, со стомачиња, со промашени тикети за спортска прогноза, со скршена судбина.

беа таксисти, келнери.

пред да ја испијат на екс чашата со Rizling резигнирано велеа - „шо можи друго да се работи во овој посран град?“

повремено навраќаше пијан или дрогиран кој ти знае - Златко Морисон, некогаш важеше за рокенрол цар во околијата, фронтмен на панк-рок бендот „Кактус“.

последните две-три години свиреше турбо-фолк по кафани и народно по свадби, родендени и крштевки.

неговото „соло“, многупати одекнуваше во Сајберот:

„со себе секогаш си носам огледалце. среде некоја песничка од Саша Матиќ, го вадам и во него се гледам. се прашувам - Злате ти ли си овој бе брат...? не бе, не сум јас. врска немам кој е чоеков. ова мора да е некој друг!“

имаше и еден средовечен наставник по историја. бараше женичка преку интернет. „ми здосади“, викаше, „учениците на секоја матура да ми ја пеат *Ерген одев*“.

покрај него, вриеше полно педери. исто се наоѓаше и по некоја залутана лезбејка. беа прилично параноични на најмало врткање околу нив.

„аман бе луѓе има ли тука некаква приватност?“

мала банда составена од неколку 13-14 годишни клинци бараташе со крадени кредитни картички. се зборуваше дека знаеле и во Интерпол. не знам, дали тоа беше вистина, но знам дека за тоа знаеше Филипче млад џандар кој навраќаше во Сајберот. тој на клинците им викаше да немаат гајле.

„хехе ај да ве видам купете ми дрес од Ливерпул, ако сте толку јаки хакерчиња.“

Филипче слегуваше малолетничко порно кое го снимаше во папка со назив „Filip - ne brishi“

сепак по неколку месеци се појави, во цивилка, со кожен „удбашки“ мантил фкрај озбилен:

„еј, тоа што беше со кредитните пиздарии беше. појќе такви работи не...“

„зошто?“



„па, некни постанав инспектор за интернет криминал.“

навечер можеа да се најдат и наркомани со усти полни пена. паѓаа во кома и лежеа на тастатура. ќе се јавеше Пеце или газдата.

„бато дој пали ги патиките да изнесиме една будала.“

ќе појдев.

„кревај, кревај, аааaајде...покроце...пази да не го чукниме..не ми е за него, колку шо ми е за плочките. - збораше газдата давајќи инструкции кога на раце ги извлекувавме од Сајберот.

ги остававме да лежат на тротоарите откарши „Cyber World“ пред туристичката агенција „Dream Tours“.

таму кутрите наркомани спиеја, и се чини сонуваа, патуваа...

„еј, чоек, глеј намини ноќеска да го покриеш браткото. оти кизнај можи немирно спие и можи да се отскрие“ - низ смеа ќе речеше газдата.

***

во Сајберот имаше телефонски услуги за разговори во странство.

Битола, битолско е познат (нео)печалбарски крај. секој има по некој стрико, вујко, баба или дедо во странство.

во пазарните денови се собираа селани од околните села.

ги имаше шиптари, ѓупци, торбеши, каури, најразлични...

ебана шаренолика мултикултура.

во пазарните денови се создаваа редици за јавување. всушност од тоа газдата највеќе заработуваше.

без разлика кој на која националност ѝ припаѓаше, мотивот на сите им беше да исценкаат по некој цент од родниниte во странство.

од сите кои молеа најубедлив беше еден џуџест Турчин со брчкосано лице, темен тен и бела брадичка, облечен во лилави (виолетови) женски тренерчиња. го викаа Тасим, познат уште како Вампиро.

неговите сеанси започнуваа со тивко цивкање кое потоа преминуваше во хистерично вриштење во импровизираната (од лесонитни парчиња склопена) телефонска кабина.

кукаше да му пратат 100/200 евра.

лекови за неговата болесна кутра мајка, заостанати сметки за струја, на брат му ќе му ја сечеле ногата?



совесните роднини, после многу моленици ќе му испратеа пари. Вампиро одма се пустеше во кафулето со аквариум, пушеше „Marboro Light“, честеше сè што ќе влези внатре.

одеше на комар, „зад згради“, џиткаше зарови.

парите ги арчеше за кусо време. потоа одново пак во кабината, пак молеше и колеше...

газдата ми раскажуваше дека е фкрај исчукан.

„врати, прозорци, лавабоа, бојлер, па и паркетот ги има исшиткано во станот за тој пусти комар. мајка му од страв, се плаши дека ако го му го препиши станот, дека и него ќе го фрли рем.“

***

Сајберот го затворија како резултат на одредени санитарни недостатоци утврдени од градската инспекција. официјално. неофицијално причина за затворање беше смртта на Тасим Вампиро.

тој самиот дошол по којзнае кој пат да испрактикува една од своите донаторски сеанси. баздел километарски на алкохолни киселини. со кеш стоел - слабо. долго се набедувал со Пеце, кој од газдата по телефон добил условување „ако плати“.

Тасим урлајќи запалил накај излезната врата. шантал. стигнувајќи до вратата полека ги губел чекорите. пред да ја отвори, наместо чекор напред, незгодно нагазил чекор на лево та почнал да се тркала по скалите кои водеа со визбичката со билјард.

некој од присутните дрекнал - „еј, абе Вампиро ги фрли челите ало!“

Пеце каменосан, се затрчал да види што се случило.



на Вампиро главата му била сплескана за ѕидот, капеле реки крв.

присутните во Сајберот го прашале Пеце - „море шо е работата?“

Пеце Д Шит, го извадил крешникот, и низ лудачка смеа им одговорил:

„ништо луѓе, на Вампиро овајпат изгледа НЕ МУ СЕ ОТВОРИ ПАДОБРАНО!“

## BUSHY MEAT: **НЕ Е ЗА ОБЈАВУВАЊЕ**

(строго доверливо)

Откако знам за себе јас сум тајна агентка. Отпрвин бев позната само како агентката Подзината. Имав задача да се снајдам во животот. Си мислев, ова ќе биде мераклиска мисија, младост лудост што се вели: забави, игри и слично. Барем на почеток изгледаше така, но набрзо добив сигнал од постарите агенти од базата - агентката Мама, а посебно од агентот Тато, дека ќе треба малку посериозно да му пријдам на проблемот живот. Од мене се бараше да завршам факултет, а потоа да стапам во брак. Така се запознав со супер тајниот агент Сопруг. За жал, агентот Сопруг внесе немир во нашата тајна организација: не сакаше да соработува со базата, посебно не ја поднесуваше агентката Мама (таа него уште помалку), повеќе сакаше да работи самостојно. Неговата мисија беше: живот на коцка и брзо трошење пари. Јас бев збунета, но како послушна тајна агентка решив да го следам. Овој потег не беше најдобро примен од базата. Тогаш сфатив дека ќе мора да делувам како двоен агент - од една страна продолжив да опстојувам како агентката Подзината, но исто така посериозно почнав да работам и како агентка наречена Сопруга. Не беше лесно, од базата доаѓаше едно а бракот си бараше сосем друго. Агентскиот живот стана уште позаплеткан кога со нас дојде да живее и не толку тајниот агент Свекрва. Таа имаше строго зацртана мисија, пикање под кожа. Бидејќи под мојата кожа немаше место и за неа, во првата прилика во најголема тајност си го спакував куферот и се изгубив во западниот блок. Агентката Мама и агентот Тато сакаа да веруваат дека нивната мала агентка заминала на специјализација.

Веќе три години работам сама на своја рака, сега сум позната како тајната агентка Надеж; инаку мојата мисија е сѐ уште иста - снаоѓање во животот. Можам да кажам дека тука не се снаоѓам така лошо работејќи маскирана како читач на смркнати лица. Заработувам барем колку некако да се преживее . Имам време дури и да се занимавам со малку пишување, тајни писма. Почнав да пишувам колку душата да не ми биде празна. Не, не користам невидливо мастило, нема потреба - се служам со кодирани пораки. Така, допишувајќи се, се спријателив со еден руски емигрант, исто така таен агент, се нарекува Поет. Се израдував кога тој ми ја отвори вратата од неговото станче. Не ни требаше многу за да сфатиме дека најдобрите планови се коваат в кревет. Се чинеше дека со неговиот чекан и мојата наковална ќе исковаме чудо. Меѓутоа, вчера, откако ја запали цигарата, агентот Поет ми откри дека неговата вистинска мисија е барање на смислата на животот. Го рече тоа некако изморено. Ова ме вознемири. Денес цел ден го изгубив во размислување за полезноста на мојата мисија. На крајот сепак решив повторно да чукнам на вратата на агентот Поет. Мислам дека вреди да соработуваме, особено откако изутринава добив строго доверлива вест дека сум бремена.

## BUSHY MEAT: **ЉУБОВ И КОМПИРИ**

Бети беше мошне осамена девојка. Мајка ѝ беше загрижена, се плашеше дека ќерка ѝ ќе си остане немажена. Бети, најчесто затворена во својата соба, поголемиот дел од времето го поминуваше на интернет и сонуваше како еден сончев ден нејзиниот принц ќе се појави на бел коњ.



Поминаа многу сончеви (и облачни) денови, меѓутоа принцот никако не доаѓаше. На крајот некој сепак дојде. Додуша, наместо сончев ден беше врнежлива ноќ и наместо принц на бел коњ дојде бел гулаб, поточно целиот накиснат слета на нејзиниот прозорец. Бети веднаш го прибра гулабот на суво, го нахрани и му даде име, Марко. Набрзо се покажа дека Марко не беше обичен гулаб. Ако гулабите знаат што е тоа љубов, тогаш изгледаше дека Марко не само што веднаш се заљуби во девојката туку уште следниот ден, откако таа го бакна по клунот, ѝ слета на главата и ѝ се заплетка во бујната коса. Таму ги зари своите канџи и, ни пет ни шест, си сврши работа. Со тоа сакаше јасно да даде до знаење дека Бети е само негова. Очекуваше таа да забремени и да му снесе неколку јајца, на тој начин сакаше да ја врзе за седелото. Бети не разбираше каков далекусежен план има Марко, ѝ беше по малку чудно што секој ден ѝ се плетка во косата, но ѝ се допаѓаше сѐ друго што гулабот правеше во собата. Накратко кажано: Бети и Марко беа среќни што се заедно. Мајка ѝ уште повеќе се загрижи бидејќи сега ќерка ѝ сѐ помалку сакаше да излегува надвор. Меѓутоа Бети, додека беше со гулабот како да не сакаше да знае што си мисли останатиот свет.

Идилата сигурно ќе потраеше подолго ако еден ден не се случи несреќа. Марко се попари со врела вода. Бети топлеше лонец вода за да си ја измие косата кога Марко, онака качен на нејзиното репче, се лизна некако и падна во лонецот. Бети брзо реагираше, инаку тој ќе се свареше. Гулабот беше спасен од страшна смрт, но тоа веќе не беше истиот Марко: врелата вода му го попари прцалото. Гулабот почна брзо да венее, не можеше повеќе да се обидува да ја оплоди неговата љубов. Го дотолчи и тоа што дотогаш Бети сѐ уште немаше снесено ни едно јајце, без потомство се плашеше дека Бети ќе си најде друг гулаб. На Марко животот му стануваше бесмислен и празен. Кутрата Бети плачеше со денови, не знаеше како да му помогне. Смртта на птицата беше неизбежна. Бети мислеше дека не ќе може да ја преживее загубата на единствениот пријател.



Мајка ѝ се крстеше и се чудеше кога ги гледаше двајцата стуткани в соба. Се зачуди уште повеќе кога ја виде Бети како секојдневно зема по еден компир од шпајзот, потоа го закопува во дворот и стои одредено време крај местото. Таа не знаеше дека нејзината ќерка на тој начин се подготвува за денот кога ќе престане да чука срцето на Марко. После девет дена и уште толку закопани компири Бети мислеше дека најпосле е емотивно подготвена да ја дочека смртта на гулабот. За да не биде скршена од болка требаше само да си помисли дека закопува уште еден компир. Идејата за подготвување за најлошото беше инспирирана од сличен пример на кој налета додека луташе по интернет. Таму најде совет на некојси илузионист, Сендмен. Тој се подготвувал за смртта на своето славејче со тоа што

секое утро закопувал варени јајца. На Бети компирите ѝ се видоа попрактични. Додека го закопуваше десеттиот компир си помисли дека ќе биде убаво да му испрати имејл на Сендмен и да му каже дека неговата идеја е одлична, особено ако наместо јајца се користат компири. Побрза да се врати в соба, но таму ја чекаше потресно изненадување. Мајка ѝ се беше лизнала на компир и го испуштила здивот паѓајќи на подот. Марко го најде сплескан под нејзиниот задник.

Кога најблиските на Бети го спуштаа в земја ковчегот со мајка ѝ и гулабот, таа си помисли дека закопуваат врећа со компири - така ѝ беше полесно. Вечерта седна пред компјутерот и на илузионистот му ја напиша својата приказна. На Сендмен му се стркала солза по образот кога го прочита писмото на Бети, ѝ вети дека ќе ја посети наесен кога компирите во дворот ќе бидат стасани за откопување.



BUSHY MEAT: **ВОЛВО РЕКТУМ**

Радејце Пупеска, мори несто златна, да знајш оти ги добифме лутите пиперчиња шо ни ги прати по чојкот. Сите беја на број у најлончето завиткани, егзакли ко шо нѐ имаше информисано у писмото твоје. Фалати ногу на пажња и прими далечни поздраф от твоја Коцка Докурческа, от Лосанџелис, от хаусоф наш преубаф, кај шо сме у најубајот плејс задомени, опозит Холивут сме сега. От кај мене со камен ако фрла ќе му ја дупна глата на некој от глумциве: тука толку многу ги имат - плева је от селебритис.

Така да знајш, није овдеки у Лосанџелисоф еврибади сме ча-ча, ко на филмцко платно сме насмејни и океј сме, е па сега и вије таму пулете еврибади да сте ча-ча и така натака поарни. Радејце, ти знајш оти ја ич не приклава и благодарење на то ти си најверно информисана да от нашиве тука ја су најпојќе напрајна свецка и една врста права модерна женцка, посебно от ко заминафме у јабанава. Али овајпат ја сакам да ти пишвам збор-два за Митрејца Дуракоска, ја знајш жената, први другарки бефме и преубај песми пејфме трите на сретсело фатени. Мори душо, Митрејца сите овдеки ногу нѐ почуди и потресе; мене посебно ногу ме погоди у душа и у најдлабоко расположење и ме депреса. Мори несто златна, ме депреса до суза у око. И самата знајш оти Митрејца ко Митрејца уше

от време си леташе со умот. Јес, женичката си беше малку ку-ку у глата али пак не до толку. Прошлијо месец бефме да прошетаме у шопинк, да купујме нешо за јадење и за облекување. Си ојме ко шо си ојме така секипат со Митрејца, подрака фатени, ко таја ни пет ни шес ме влечит да влезиме у еден шоп за мотори. Еда, шо чудо ѝ брчна у глата на женцкава, си вела ја. Мотори, мори несто златна, мотори. Али таја ич не му се мислит, туку одит право кај едно от моторишќата и му се пулит ко да ќе го купујт. Али ти го зел госпот паметот, Митрејце Дуракоска, ѝ вела ја. Ја трга за рака сместа да излегујт оттаму, квикли мори. Ај да беше помлада па да речиш, ами ти си у годині, си ја турнала пејесетката, ѝ вела ја. Заврти се ваму, излегвај да си ги купујме нашите рабоќе, шо ќе ти је тебе мотор, будаличке. Таја ич не слушат, одма се фаќат за едно големо моторишќе - Волво Ректум ќе да се викаше пустинцкото. Кој чул кај вас за таква марка мори Радејце, кажи ми несто златна. Ќе си речиш ко вол у газот да ти го пикнал, со проштење, а не мотор да возиш. Ако купујш мотор тогај барем купи си Харли Дејвитцон, натемаго, то ти је праф мотор. Ами Митрејце не требит така: само да се трчат у први шоп и купуј го првото моторишќе шо ќе ти се вдајт, ѝ вела ја. Мори жено, не биди лесна у умот, требит најпрвин да го испиташ маркетот на мотори, да видиш шо се нудит, рисрч да напрајш, ами како. Али Митрејца наша се фати за Волво Ректум и не пуштат, ќе го купујт жената. Радејце, мори несто златна, ја не су знајла веќе шо да ѝ реча. Рекоф само: Митрејце Дуракоска, ако веќе толку ти је изветрејн умот тогај не купуј нишо изнад двестаипејесет кубици. За поголеми машиње ти требит возачко искусво. Ко ќе се качиш на таквото, нозете требит да ти фаќат на земја а не да ти се мафтат - демек моторот да ти је точен, егзакли по мерата. Таја ич нишо не ме слушат. Го слушат само плапотењето на продавачот - едно парфемисано итаљанцко маже беше; ѝ го сфрте умот на жената, ја маслоса до маслосвање: те вака ќе напрајме на кредит, те онака ќе ти попуштиме на исплата. Будала жена, ја гледа чудо ќе напрајт ќе го купит моторишќето, и го купи, несто златна - го купи!



Ами оти мори ги бупна париците ѝ го тријеф граот, туку да знајш оти после си го поткасаф јазикот. Радејце Пупеска, несто златна, си го поткасаф. Не би долго време: ден-два преку сила и еве ти го пак то мажето, продавачот - право петле ти било, руста мори, дојде да ја драјват Митрејца на моторот. Сето у кожа беше облечено, исто со сите џиџи-миџи пуфки напрајно ко онај пејачот шо беше ногу популарен, Елвис Прицли, мори. Таја после ми кажујше, двајцата качени на моторишќето се драјвале по Сансет булевар. Биле да се прошетат и по Беверли Хилц, Родејо драјф и по Санта Моника бичот се возеле и после голи тасма се капеле, ами како, ко улери мори несто златна; таја у купаќи костум ќе се прошлакала ама со Елвиса убо и се видело и скрос се тасмосале на зајдисонцето. Еднуш се живејт, Коцке Докурческа, после то секи ден ми се смејт Митрејца и пет пари не дават. Хеф фан, ми велит, мори несто, хеф фан. Таја уше ми кажујше то петлето ти било право мајсторче, не само за драјвање туку и за оније рабоќе шо не се за пишвање тука. А Митре нејзин, кутријот, скрос се беше простил со умот. Зидарска работичка си имаше; шо да је, вадеше некоја парица по скелиња вкачен, ама лани-лето падна от една вишина и му се измикса нешо у умот - сега те пулит ко да не те пулит. Греотица чојк. Грда судба го снајде. Митрејца от ко се качи на моторот ич не го фермат појќе: дење спијет, ноќе се возит со Елвиса Прицли. Арно ама то не мојше вечно да трајт - на крајот на Митрета му дојде матната пред очи: натемаго го натера да мавнит со сеќирата и да му ја поткинит глата на петлето, крвцата да му ја локнит. После и Митрејца ја

бркаше низ куќи. Уше Волво Ректум ти фалеше кучке една, ѝ викаше и се смејше, завалијата, се смејше со секирата в раце. На згрешен чојк памет со нишо не му се мерит. И на Митрејца, кутрата, ќе ѝ ја скинел глата, туку таја ноќта брзо-брзо се вкачила на моторот и уште еднаш веќе никој не ја виде, трагата у ветрот ѝ се изгуби. Наши чојци кажват оти жената си летнала от карпа, други велат црна земја се отворила и сосе мотор ја лапнала.

Радејце, ја си мисла Митрејца еден ден можит да се појавит таму кај тебе. Пиши мори ако ја видиш, ич да не се бојш, то праф филм можит да се напрајт, за цел Холивут да му се чудит, ами како. Несто златна ја си верва у такви рабоќе; ете за Димчета, мојта прва љубоф, сите оттаму кажујфте оти си умрел а ја после го сретоф тука на улица и му прогориф на чојкот. Колку се израдва кога ме позна. Кај си бе Димче, му рекоф, тријестипет години не сме се виделе. Си напрајфме муабет за мерак, го канеф дома да ми дојдит на кофи, туку се брзаше некаде, ама рече пак ќе ми се јавит.

Еда, мори Радејце Пупеска, за сега толку имаф за пишвање и информисање, друкпат појќе. Ногу поздраф имаш от твоја Коцка Докурческа. Овајпат Ставре мој не те поздравујт, ене го затворен је у нужник, плачит оти му лутит газот, вчера се нагнети от пиперчињата, сакаше сите да ги изејт на едно седнуење. Будала чојк.



## BUSHY MEAT: ПРОФЕСИОНАЛЕЦ

Планот беше набрзина да спечалам некоја пара на запад и да отворам бизнис во стариот крај, но завршив со свиткан опаш во мрачно здание од бетон и челик. Самотијата во ќелијата убиваше, имаше подолги периоди кога немаше со кого да се проговори.

Меѓутоа, попладнево неочекувано добив цимер, некојси Ото Ериксон. На Ото изгледа не му беше многу до зборување, барем поголемиот дел од времето го помина задлабочен во подебел прирачник за есперанто, всушност тоа беше сѐ што имаше со себе.

Зошто си во дупкава, ме праша тој штом најпосле реши да го затвори прирачникот и се истегна на својот кревет. Долга приказна, му реков. Се обложувам дека си невина душа, се насмевна тој. Така некако, а ти? Ото како со задоволство да го очекуваше прашањето. Јас сум класика, рече тој. Mi komencis kiel rabisto, ме разбираш, почнав како оној што се дрзнува да ти влезе во гнездото.

Зар е можно да си сигурен кога гнездото ќе биде без својот posedanto, покажав љубопитност. Ми се допаѓаше што најпосле имам со кого да помуабетам. Ото значајно ги крена густите веѓи и за првпат ме погледна в очи, веројатно го ценеше моето какво-такво познавање на есперантото. Не само што е можно, рече тој, туку јас толку се бев усовршил во тоа што веќе немаше ни потреба да

ги читам суптилните знаци што ти помагаат да дознаеш кога гнездото е без стопан; едноставно се насочувам кон целта и влегувам како со години да сум живеел таму - мислам дека сум стекнал моќ да станам nevidabla. Мислиш, невидлив, го препрашав, не бев сигурен дека го разбрав најдобро. Се разбира, невозможно е да се биде физички невидлив, Ото продолжи, повеќе мислев на еден вид незабележливост, слевање со околината, ме разбираш; на пример - влегуваш непоканет во соба во која има повеќе личности но тие не те забележуваат, толку си се извештил што можеш бесшумно да се прикрадеш на чекор од нив и да останеш незабележан. Тоа е пасивна форма, постои и активна - кога не те гледаат како што? Не сакав да го вулгаризирам одговорот и да речам како крадец, затоа се потрудив и реков: kiel rabisto. Точно, климна Ото, во такви ситуации те прашуваат од кај си дошол или кого го бараш; тогаш е најинтересно, имаш целосна слобода на измислување. Со смиреност и умешни зборови можеш секогаш да се извлечеш. Ото тука пак ги крена густите веѓи и додаде: меѓутоа, ме загрижува тоа што забележувам дека во последно време: има моменти кога не само што станувам незабележлив за моите „клиенти“ туку и самиот себеси не можам да се најдам, т.е се губам во работата. Еве на пример, пред извесно време се уфрлив во куќата на еден богат банкар, планирав да го олеснам, нормално; и сè ќе беше фино ако толку не се бев занел во вештината на незабележливост, што целосно се изгубив во процесот и завршив во градината на господинот; беше толку запуштена, ми требаше речиси цела недела да ја потсредам.

Зар во меѓувреме не те прашаа кој си, од каде си дојден?

Жената на банкарот мислеше дека сум изненадување приредено од мажот ѝ, рече Ото. Се израдува кога ме виде



како се грижам за бавчата; а самиот банкар веројатно не си мислеше ништо. Во секој случај сериозно се задумав кога забележав колку многу сум скршнал од првобитната цел.

Ото сега седна на креветот, навистина изгледаше загрижен.

Минатиот месец пак ми се случи вакво самоизгубување и заглавив во една трговска компанија, продолжи тој. Целата ми беше да го исчистам местото од одредена сума финансиски средства, но завршив како асистент во маркетинг. Верувал или не, токму тоа се случи, рече Ото. Дури и можев да бирам помеѓу место во канцеларијата за маркетинг или техничка служба. Тамошниот менаџер ме посоветува да останам во маркетинг, се очекувале кадровски промени па наскоро сум можел да очекувам унапредување. Ама што да ти кажувам, за никаде сум - се надевав дека вакво самоизгубување нема веќе да ми се случи, но не помина време и еве, минатата недела пак заглавување. Последново кај извесна имашлива госпоѓа. Кај неа влегов во подрумот; од таму имав намера да влезам во преостанатиот дел од куќата, поточно во спалната соба каде што научив дека е сефот. Значи, преку подрумот тргнав да ја завршам преостанатата работа кога еве ја таа, ја отвора вратата и право на мене. Ѝ реков дека сум некаковси инспектор: испитувам необјаснива појава на подземни води во областа. Кутрата, веднаш ја купи приказната. Ти велам, ако ѝ речев дека барам мирно катче каде што би можел да вежбам пијано, ќе ми поверуваше.

А не те замоли ли да ѝ објасниш како влезе во подрумот?

Ме замоли, но да ѝ го пробам слаткото спремено за зимница. Го пробав и на крајот завршив со преполн стомак, многу ѝ се допаднав на жената. Ваков интересен инспектор не сум видела до сега, ми рече таа пред да ми се фрли

в прегратка... Ото тука замолкна.

После неколку долги минути поминати во нестрпливо исчекување го потпрашав: Нема ли да ми кажеш што бидна потоа?

Таа умре, со сув глас додаде тој.

Ја уби?

Не, водевме страсна љубов.

Па зошто си тогаш тука, невино осуден за убиство?

Не сум осуден, Ото го повиши гласот. Веројатно не му се допадна мојата надојдена љубопитост, затоа решив привремено да го оставам на мира. Бев сигурен дека за време на нашиот престој во ќелијата ќе имаме на претек време за запознавање.



Преостанатиот дел од денот го поминав во читање на Библијата; немајќи друга занимација се обидував да научам наизуст некои поинтересни извадоци, така бев заспал. Следното утро кога се разбудив се штрекнав од глетката: креветот на мистериозниот соговорник беше празен. Во првата прилика видно возбуден го прашав чуварот: каде е Ото? Ото Ериксон, му реков кога ме погледна со чудење.

Мислиш на господинот Ото Ериксон, новиот управник на затворот, се насмевна тој.

Не ми е до шегување, му се внесов в лице. Остави го управникот на мира, те прашувам за Ото од оваа ќелија!

Ама што си се разрипал ти изутринава, чуварот ме предупреди да внимавам како се однесувам. Тука нема друг Ото Ериксон освен управникот. Сигурно не очекуваш да те покани на кафе или лекција есперанто. За тебе тој е господин човек, чуварот нагласи отсечно и зачудено ја заниша главата пред претпазливо да ме одмине.

## BUSHY MEAT: **АБЕР ОТАДЕ**

Лутам низ земја пустелија. Не знам каде да се скријам од чумата. Цел ден не сум слегол од магаре. Кутрото животно сака да си почине; при крајот е на силите ама уште не запира, го бодам да продолжи барем до зајдисонце. Есенското сонце се спушта зад ридот на чиј врв има некаква градба: не е замок, ни манастир. Посакувам да почукам на големата порта и да замолам за преноќиште. Изнемоштената снага ми бара кревет. Се плашам дека ако уште еднаш преспијам на отворено нема веќе да се разбудам; земјата ќе ме голтне како што ги проголта моите најблиски.



Портата ја отвора подгрбавено суштество со лице повеќе налик на исплашена ѕверка отколку на човек. Зад него се слуша песји лавеж. Кој ѓавол те донесе овде, ме прашува суштеството.

Бегам од чумата, му велам додека се бранам од песот.

Се плашиш од смртта?

Секој се плаши од неа, му велам и се обидувам да го скротам песот.

Тебе таа сигурно ти е пријател, ми вели суштеството, инаку немаше да се довлечкаш до овде.

Тогаш за првпат ни се вкрстува погледот. Во неговите очи ми се извртува јавето. Се држам за сламка, му велам на суштеството. Те молам дозволи ми да преноќам.

Само смртта неканета доаѓа тука да си почине и да ми раскажува како си поминала по пат, вели суштеството.

Веднам глава, се вртам кон магарето, сакам да заминам што подалеку од ова туѓо место, но магарето веќе не е таму. Песот сигурно го исплашил или појавата на суштеството. Магарето, што му стори на магарето, го фатив за врат грбавкото. Врати ми го, вештеру! Подгрбавеното суштество имаше силен врат или мене уморот ми ја исцеди последната капка сила и ми го помати умот; паднав на плочникот, тонев во полусознание. Магарето, врати ми го, повторував и тонев сѐ подлабоко...



Што ќе ти е магаре кога можеш да се качиш на коњ, слушам ми вели нечиј глас. И навистина, во близина гледам строен бел коњ. Прекрасен коњ, му велам на еден старец што го води коњот. Твој е, старецот ми ја подава уздата. Не можам да го земам, му велам, со ништо не сум го заслужил. Ако се качиш на коњов може да те однесе кај твоите најблиски. Коњов го знае патот. По тој пат не се оди на коњ, му реков на старецот. Подобро ќе ми биде да си продолжам со магаренцето. Кај и да сум тргнал ќе стигнам. Ти си знаеш најдобро, ми рече старецот. Само те молам понеси го со себе ова мало ковчеже, во него има прстен, перо и парче пергамент на кое пишува...

Не успеав да разберам што пишува ниту да го препрашам стариот од каква важност е содржината на ковчежето бидејќи врз лицето почувствував нечиј јазик - бев разбуден од песот; веќе не лаеше по мене туку ми го лижеше лицето. Зарем толку брзо сме станале пријатели, си реков. Потоа сфатив дека извесно време сум поминал лежејќи в кревет. За тоа време песот сигурно се навикнал на мојот мирис, пријателски ме гледаше; тоа не можеше да се рече за подгрбавеното суштество кога се наднесе над мене.

Ти се врати магарето. Време ти е да си го фатиш патот, во неговиот глас имаше наредба.

Ти благодарам што ми дозволи да закрепнам, му реков на суштеството. Те молам кажи ми како можам да ти се оддолжам.

Оди си.

Не сакам да останам должен, инсистирав.

Добро, тогаш помогни ми да ја исчистиме библиотеката на мојот господар. Таму никој не стапнал со години.

Зарем твојот господар го изгубил интересот за пишаниот збор?

Подгрбавеното суштество не ми одговори. Доста зборување, рече, нѐ чека работа. Би ти бил благодарен ако ми помогнеш да досегнам некои повисоки места. Почнуваме од најгорните полици.

Во животот пред тоа не сум видел толку книги на едно место. Гледај чудо, реков кога се искачував кон врвот на огромната библиотека. Можев да се заколнам дека на една од полиците го видов истото она ковчеже што на сон ми го даде старецот. Пробав да го отворам, беше заклучено.

Дај ми го ваму, ти никако не смееш да го отвориш, освен мене никој друг не смее да го отвори, суштеството многу се вознемири штом ме виде на скалата со ковчежето в раце.

Кога слегов внимателно ја избришав прашината од ковчежето и реков: мислам дека знам што има внатре.

Никој не знае, никој освен господарот и мене, суштеството ми го оттргна ковчежето од рацете и се залепи за ѕидот. Таму, насликан на едно големо платно, го препознав старецот.

Господарот беше човек од мудрост и наука, рече суштеството. Сакаше да знае многу работи, но најмногу од сѐ сакаше да дознае дали има живот после смртта. Кога му чукна судниот час реши да остави порака во ковчежево. Пред да го испушти здивот ме замоли на парче пергамент да ги запишам неговите последни зборови. Ми рече ако има живот после смртта тогаш како доказ за тоа ќе се обиде да му ја пренесе пораката запишана врз пергамент на некој случаен намерник.

Освен пергамент внатре има и прстен и перо, реков.

Господе, зарем господарот навистина успеа да се јави од оној свет?

На суштеството му затрепери гласот, во моментот како да се подисправи и заличи повеќе на човек отколку на исплашена ѕверка. Што пишува на пергаментот, ме праша со широко отворени очи.

Ја кренав главата кон платното на ѕидот; го гледав старецот качен на истиот бел коњ од прекинатиот сон. Следуваше долг момент на исчекување. Песот овојпат ми ја лижеше раката. Тука има многу работа, реков најпосле и ги засукав ракавите.



## WORM: ЛОПАТАР

- Кај си царе, што праиш?

- Еве накај тебе.

- Што ти текна да поминеш накај мене, очи ти неам видено последниве 3 месеца.

- Работам царе, ја не сум као вас студентарија, што сакате си праите. Мама и тато пари уште ви даваат.

- Е што е право, право е, него ти слушам домаќин си станал.

- Така е. Него слушај. Абе, треба некоја земја да пренесам со камионот, па барав работници, ама недела, нема. Само еден најдов. Ми треба уште еден. Ако си слободен да дојдеш да ми помогнеш.

- А каде?

- Тука во близина. Нема којзнае колку работа. Да префрлиме една земја и се враќаме.

- Ај чим викаш, само да се облечам.

- Земи си некои стари алишта, ќе се изпрљаш, земја ќе носиме.

- Ок. Сеа доаѓам. Секунда.

Влегоа во камионот. Вратата не се затвораше па мораше да се држи со рака, преку отвореноот прозор. Борејќи се со промајата, полека се приближуваа кон местото, каде требаше да се подигне земјата.

Отпрво отидоа кај газдата, седнаа, добија сите тројца по еден сок и се упатија кон земјата. Купот беше не баш мал. Еден цел камион. Го наместија камионот, така да може да се внесува земја во приколката. По две три фрлени лопати другар му ги остави со работникот да товараат, а тој замина кај газдата со оправдување дека треба да се договорат околу цената. Останаа двајца. Заринкај со лопатата во земјата, подигни и префрли во приколицата. Беше додуша потребно малку високо да се подигне лопатата, но сепак му помагаше висината. Се испоти, капки пот почнаа да го облеваат, ама како да не им обрнуваше внимание. Сакаше што е можно побрзо да се натовари купот земја. Побрзо да отиде дома. Требаше да се слушне со девојката, за да се договори да се најдат подоцна. Одеднаш работникот му се обрати:



- Од кога работиш утовар, како да си нов. Не те имам порано видено.

- Не работам утовар. Му помагам на другар му.

- Како си се засилил. Ако продолжиш така све ќе те боли.

- Не е страшно, место да играм баскет, малку ќе ги размрдам мускулите.

- Ти си знаеш.

Продолжија да го товараат камионот. Работникот како да беше изморен и се обидуваше да забушава. На секои две лопати, враќаше со една. Подоцна веќе го фати таква мрза, да дури и му беше тешко да ја префрли лопатата во приколицата, па несакано на три пати, уфрли земја преку отворениот прозор во кабината на камионот.

- Ќе одам да се напијам вода. Одма ќе се вратам.

Отиде кај газдата и другар му. Газдата имаше извадено некои пржени колбавчиња, што ги имаше спремено жена му, пиеја пиво и мезеа кашкавал.

- Одмараш? – праша газдата.

- Да се напијам вода. Другар ми дој малку.

- Кажи царе.

- Абе овој ти фрли на три пати земја во кабина на камионот.

- Како бе? Причекај малку овде. Газда, ај нека поседи другаров малку со тебе да видам што напраил овој, па ќе дојдам. Иначе детево е одличен студент на правен.



- Седни дечко, замези се.

- Не, фала, не треба.

- Земи, не се срами.

- Ај, ќе се напијам уште една чаша сок.

- Жешко, а?

- Многу.

- Како факултетот?

- Добро е, иде.

- Ај заврши, па ќе видиме ќе ти најдеме нешто, да не се мачиш вака со лопата. Колку те плаќа мајсторов?

- Другар ми е. На испомош сум. Не можел да најде работници.

- Добар другар ти е изглеа, а.

- Школски. Се знаеме од мали.

- Аха. Земи си кашкавалче.

- Не, фала, не треба, ќе ме тера на вода.

- Ти си знаеш, мое е да ти понудам, твое е да одбиеш така?

- Така е.

Се слушна гласот на другар му.

- Царе дој малце.

- Идам.

- Слушај го избркав овој, сеа остануаме само ја и ти. А, ја мора да отидам до кај газдава, уште не сме пазарени, па ќе дојдам.

- Терај.

Остана сам. Ја зема лопатата и почна, како претходно, но овојпат веќе поотежнато, а и сонцето печеше повеќе. Лопата, по лопата, полека се намалуваше купот. Другар му го немаше да дојде. Секоја фрлена лопата го насочуваше да го побара, да дојде, да му помогне. Но нешто го премислуваше. Ја префрли целата земја. Ги фрли нараквиците и отиде кон другар му. Веќе беше видно вцрвенет, поради сонцето, а и испотен. Капки му се тркалаа по целото тело.

- Момак заврших. Бегаме?

- Мајсторе, кај го најде детево алал да ти е многу вредно. Ај нека заврши па ќе праиме работа негде да го бутнеме со факултет.

Подголтна. Се напи вода. Се поздравија, влегоа во камионот и тргнаа назад. Пак ја држеше вратата преку прозор, да не се отвори. Промајата доаѓаше добредојдено. Ја сузбиваше температурата по целото тело. Не ја ни чувствуваше.

- Царе, ќе те остаам сеа прво тебе, а ја после ќе идам да искипам.



- Да не треба да ти помогнам?

- Не бе па ти сам си кипа, ова киперче е. Не џабе поскапо го купив. Еј, слушај фала многу.

- Нема гајле.

Стигнаа.

- Се глеаме.

- Ајде така, поздрав и фала уште еднаш.

- Немај гајле. Фурај.

## ГАЦОВА КРИСТИНА: **БЕНЈАМИН**

Додека надвор дождот ги брише трагите од сопственото постоење и се обидува да се сети кога лешевите цветаат...

Бенјамин стоеше на полуотворениот прозорец. Гледаше во дождот и се обидуваше со него да ги измие трагите од мастило што беа останати на неговите прсти.

„Во ова мрачно попладне единствената светлина е небесното празнење, за чие постоење недостојни сме“ – изусти Бенјамин тивко, како за себе.

„Слушаш Кло?“ – рече тој.

Немаше одговор.

„Единствениот звук“ – продолжи Бенјамин „е ударот на дождовните капки врз клепките на слепата птица...“

Молк.

„... незасолнета во вечната ноќ што стои.“

„Да, Кло. Птицата е овде и со задоволство би ти ги исколвала очите... кога би можела само да те види.“

Повторно немаше одговор.

Бенјамин го затвори прозорецот, седна на масата за пишување, ја отвори мастилницата, го натопи перото.



*Драга госпоѓо Мајка,*

*Ве молам и преколнувам, о колку е тоа дрско од мене, но сепак, ве преколнувам ова писмо да го прочитате до крај, а неговата содржина да ја оцените како многу сериозна.*

*Јас и Кло заминуваме. Вечерва.*

*Со почит Ви се обраќа*
*Вашиот секогаш мал*
*Бенјамин*

Го избриша перото, ја затвори мастилницата, стана од масата за пишување, го отвори прозорецот. Гледаше во дождот и се обидуваше со него да ги измие трагите од мастило што беа останале на неговите прсти.

Кло лежеше удобно врз купот перници и го лижеше своето крзно.

Ги најдов стуткани во еден агол. Зафрлени, заборавени имитираа постоење. Играа карти.

Седнатата глава, скршено крило и уморен поглед. Со бавни движења ги редеа картите една по една пред себе.



Се отвори картата Живот, а тие се стуткаа во својот троен агол и сомнежливо погледнаа околу себе. На светлината од свеќите лицата им изгледаа бледо прозрачни. Откако се уверија дека се сами најмладиот отиде да провери дали има порака за нив.

Изминаа веќе неколку дена, а сè уште никој не ги беше побарал. Решија да продолжат со играта, која веќе одамна не им претставуваше задоволство, туку беше навика и должност.

Во магливата атмосфера на истиот троен агол се отвори картата Смрт. Овојпат беа сигурни дека ќе добијат повик или барем еден од нив ќе биде побаран и ќе може да го напушти аголот. Тројниот агол на животот, тројниот агол на смртта, распространет во сите свои пространства, стеснет во сета своја ситнина, каде што тие, тројцата, се надеваа дека некој ќе ги пронајде.

Кога заминав сè уште чекаа таму, во тројниот агол што го нарекоа свој - Таткото, Синот и Светиот дух.



Рекламација на производ. Стоката се расипа, ја враќаме и, се разбира, бараме отштета.

Артикал - слабо, бледолико девојче со црна долга коса, кое зборуваше тивко, срамежливо. Или можеби плашливо.



Ја ставија во употреба на неполни деветнаесет години, но не сум сигурна дека ја вклучија на правилната програма.

Програмски систем Брак – брачен живот со него, мајка му, татко му, брат му и неговата жена и нивните две деца, едно куче и неколку мачки... Артикал - слабо, бледолико девојче со црна долга коса, кое зборуваше тивко, срамежливо. Или можеби плашливо.

Мислеа дека производот е мултифункционален, наменет да ги задоволи сите сегменти од брачниот живот, па без штедење го користеа. По неколку месеци се појави и бебето, кое можеби единствено имаше право на целосно искористување на производот. Но токму нему не му беше овозможено да го прави тоа...

Артикал - слабо, бледолико девојче со црна долга коса, кое зборуваше тивко, срамежливо. Или можеби плашливо.

Наскоро по доаѓањето на бебето производот беше прогласен за фаличен.

Гарантниот период на програмата Брак – додека смртта не нè раздели – беше многукратно редуциран, а она – и во добро и во зло, и во здравје и во болест - беше решено со експресен документ за развод.

Артикал - слабо, бледолико девојче со црна долга коса, кое зборуваше тивко, срамежливо, или можеби плашливо, чија што епи-состојба после извршената брачна обврска – раѓање – се влоши, беше вратено таму каде што беше произведено.

На излогот од продавницата за бела техника стои:

„Производот кој е оштетен од неправилно ракување не може да биде вратен, ниту заменет со нов.“

Блазе ѝ на белата техника.



## ГЕЛЕВА НАТАША: **CRASH BOOM BANG**

Сакав да ја испечатам неговата и мојата фотографија на една страна од ист лист. Кога листот излезе од печатачот, мојата фотографија беше свртена нагоре, а неговата надолу и двете се спојуваа кај усните. Ја закачив фотографијата на ѕидот. По неколку месеци на неговата фотографија се појавија некакви дамки што личеа на солзи. Тогаш од него добив телеграма во која ме известуваше дека некој му ја скршил вилицата и бараше да појдам в болница да го посетам. Big mouth was struck again. Се облеков во жолто, купив сок од цреши и појдов да го посетам. Беше многу грд со отокот, го мразев. Ми кажа дека вилицата му е закачена со некакви телчиња и дека нема да може да џвака еден месец. Си помислив, тоа ти е казна затоа што зборуваш злобни работи. Останатите денови не појдов пак да го посетам. Но кога го пуштија од болница тој дојде. И беше како Crash од Кроненберг.

## ГЕЛЕВА НАТАША: **НАМЕШТАЈ**

Во помалите градови на Македонија сѐуште опстојува традицијата според која родителите на женското, пред таа да се омажи, купуваат мебел за неа, наречен руво. Ема ниту имаше врска со традицијата, а ниту пак со родителите. Но тие решија без каква било претходна консултација со неа дека сега е време да купат мебел и со тоа да ја извршат нивната должност. Уплатија во продавницата и ѝ рекоа на Ема да оди таму да си одбере што сака. Ема како што кажав, не сакаше никаков мебел и остро се спротивстави на таквата наметливост и мешање во нејзиниот живот. Но гледајќи дека тие се решени да купат, сакала таа или не, таа реши да појде во продавницата, барем да не им дозволи да изберат за неа. Но таму немаше што да се избира, единствен избор беше само најмалку грдото. Револтирано си замина од продавницата гледајќи го сето ова како многу понижувачко од страна на нејзините родители, а тие ја истераaa работата до крај и го порачаа намештајот.



Од таму замина да се сретне со нејзиниот дечко. Тој мораше да се стриже и ја викна со себе на бербер. По пат таа му раскажуваше за еден СФ филм каде што оние коишто купуваа стан, заедно со станот добиваа девојка која ги исполнуваше сите барања на сопственикот на станот и таа беше наречена „намештај“.

Ема имаше долга бујна коса врзана во репче и додека седеше чекајќи го нејзиниот дечко да се истриже, си го фаќаше репчето. Берберот како да ѝ ги прочита мислите и ѝ рече: „Тебе тоа репчето како да ти смета? Ти исто како да имаш кратка коса, само што ти тежи репчето. Косата треба да е украс на главата“. Тоа беше момент сега или никогаш. После нејзиниот дечко таа седна на берберското столче и ја отфрли тежината од себе.

## ГЕЛЕВА НАТАША: ДОМА

Иако одлучив да не живеам повеќе со мајка ми и воопшто во градот каде што се родив, сепак таму се враќав многу често и мојата куќа ја чувствував како мој дом повеќе од кое било друго место. Овојпат имаше поминато повеќе од еден месец откако не си имав дојдено дома и погледот на мојата соба ми делуваше смирувачки. Еве ја мојата соба, ме чека само мене, мојата соба, мое огледало. Попладневната светлина влегува во мојата соба низ вратата што води на балконот. Со светлината влегува и спокојството. Мала доза зачуденост поради спојот на попладневната светлина во мојата соба и спокојството. А мирисот на печени пиперки што доаѓа од надвор ме потсетува дека сум дома... Се симнав во собата на мајка ми и таа седеше на креветот. Јас легнав и ја потпрев главата на нејзиниот стомак. Така црпев енергија од неа, од изворот на мојот живот. Таа ми кажа дека да има пари, ќе купи нова витрина. Јас се спротивставив на таквата идеа, зашто витрината за мене имаше голема сентиментална вредност, таа е тука откако знам за себе. Мајка ми на тоа одговори: „Ти не ја гледаш секој ден 20 години“.

Брат ми исто така не живееше со мајка ми, но живееше во истиот град и доаѓаше кај неа речиси секој ден. Тој е женет и си има изградено сопствена куќа. Секогаш кога



доаѓаше тука, го окупираше креветот во дневната соба со целата своја должина и понекогаш заспиваше со дигитронот во раката. (I am the operator with my pocket calculator).Тогаш дојде и пушти вести на телевизија. Јас не можам да поднесам вести и го сменив каналот. Му реков: „Дома ќе си гледаш вести“.

Тој рече: „Дома сум“.

Јас се засрамив.

## ГЕТО РУДИ: ТРИ НАВРАЌАЊА НА МОТИВОТ КЛУПА

1.

Повторно скопските улици, повторно јас, ама сега без велосипед, пеш, навикнувам некако, полека-полека, се губам по трговскиве центри, по долгиве булевари, по кејот на „уштемалкупаќепресуши“ Вардар, клупите што ги изминувам се речиси искршени (некои се сосем уништени, останата е само железната конструкција), а децата што бегаат од училиште седат неправилно, што би рекле, ние, старците: „а, бре, деца седнете како што доликува, а не така, само ја валкате клупата, па после нема каде да седнеме, ќе се сториме „бербат“ во панталоните, бабите ќе нѐ караат, а каде да одиграме партија шах? Да промуабетиме малку за пензииве, за владава наша, за дневнополитичките настани, кој штрајкува денеска, кој утре, да си прикажеме кој умрел, кој отишол на другиот свет, го земал свети Петар, зашто ние старите сѐ уште веруваме во Господ/Бог - Создателот и неговиот син Исус Христос и се молиме понекогаш, кој колку знае, така останало од памтивек, традиционални навики, старост. Ама во нешто мора да се верува. Вие денес си верувате во патлакот и двата ташака, рипа уште, а! Ако, ќе дојде време, ќе омлитави, после ќе ве видам во што ќе верувате. Добро, нема да ве видам - сигурно! Не ме сфаќајте буквално, бре, деца, зашто мене црвите веќе одамна ќе ме имаат изедено, ама



така се вели. Е, тоа ви зборувам цело време, симнете се долу од клупата, седнете си како што треба!“

2.

Повторно скопските улици, повторно јас, ама сега без велосипед, пеш, навикнувам некако, полека-полека, се губам по трговскиве центри, по долгиве булевари, по кејот на „уштемалкупаќепресуши“ Вардар, клупите што ги изминувам се речиси искршени (некои се сосем уништени, останата е само железната конструкција), а некои дечки што избегале од школо пак вртат џоинт, знам, го чувствувам остриот провокативен мирис уште од далеку. Ех бре, па сега кога ќе поминам покрај нив ќе се прават на триипол, ама јас ќе седнам на најблиската клупа до нив, ќе им правам лош филм. А ги гледам и ги меркам, фураат некаков стил, беги плус суканици, некои јамајкански амајлии на себе (поим немаат што е вуду и обеах!) и други тракатанци, реге-хард кор, што да ти кажам, тие врска немаат од каде дошле зелената, златната и црвената боја, врска немаат зошто суканици и зошто света трева. А трагично е, тие никогаш нема да се заинтересираат зошто сето тоа и од каде? Ниту пак, ако им го сервираш, изџвакаш или раскажеш, ќе ти речат. А, бе, ти ништо не знаеш, ние знаеме, ги одминувам мислејќи си: „Што вреди што си еден од малкуте растафаријанци во Ск. и што вреди кога им проповедаш за да ги просветлиш и образуваш, на крајот пак ќе ти плукнат в лице“. (Како во драмата „Лонг плеј“ од Горан Стефановски.) Навистина го мислам тоа и се уверувам дека треба да си го продолжам патот, прошетката по кејот на „уштемалкупаќепресуши“ Вардар и сфаќам - останувам сам да го живеам растафари.

3.

Повторно скопските улици, повторно ние, ама сега без веспа, пеш, навикнуваме некако, полека-полека, се губиме по трговскиве центри, по долгиве булевари, по кејот на „уштемалкупаќепресуши“ Вардар, клупите што ги изминуваме се речиси искршени, па седнуваме на горните даски од конструкцијата, оние што се за потпирање, а нозете ги ставаме на даските што преостанале, на тие што требало да се седи. Досадно ни е, киднавме од школо, па вртиме ганџа, колку да има што да се прави и тамам ќе почне да нѐ удира во глава, да бидеме хај, стално поминуваат старциве што ги избркале од дома за да не досаѓаат, па ќе застанат до нас и само зборат, филозофираат, нѐ караат, нѐ учат, жива досада човече, едвај чекаме да им фати устата пења, па да си отидат до фонтаната, тука, на плоштадот и да се напијат вода, после тоа, едно време, све е супер, се кикотиме, ама кога ќе почнеме да стонираме доаѓа оној што мисли дека е пратен од Хајле Селасие или од Боб Марли или од самиот Господ можда мисли дека е пратен, па ќе почне да проповеда како ние не знаеме ништо, ко да сакаме да дознаеме (!!!), како он порачувал книги, музика (дискови и плочи) и списанија којзнае од каде, како он кога бил во Словенија, во Љубљана, купил книга „Реге“, сега ја преведува, проучува, студира, глупости, како он имал сновидение (негов збор, не наш!), му се прикажал Џа и му рекол да проповеда тука и уште еден куп срања. И збори ли збори! А ние само сакаме да стонираме на раат.



## ГОЛАКОВ КОСТАДИН: АМЕРИКАНСКА НОЌ

Знам, Џејмс, не требаше да пијам толку. Магаре се направив таа вечер. Не е убаво да ги навредувам магарињата. Им се извинувам на сите магариња на светот. Дај, ова и не е толку глупаво да го каже човек откако ќе слушне што направив таа ноќ. Знаеш како е, прва плата, и останатото... Ќе сипеш уште една или да си одам? Ама дај не биди безобразен. Колку пари ти оставив таа вечер? Цела плата, човеку, цела плата. Ако не беа другарите дури и должен ќе ти останев... Што ме гледаш така? Без гајле, ќе ја допијам оваа и ќе си одам. Дома ќе одам, како каде? Па што ако е доцна? Што, немам ли право да си одам дома кога сакам, макар и да е 3 наутро? Па моја куќа, мој дом е тоа... Мое е тоа. Разбираш, мое! И немој да ме провоцираш, не сакам кога се нервирам. Па што ако ме чекаат дома? Нека чекаат, има и кого да чекаат... Работа, еј, работа имам! Плата земам, знаеш ли ти што значи тоа да земеш плата после четири години чекање? Не знаеш, а? Ма кој те ебе... Стави уште една и немој да ми мрчиш многу, знаеш дека кога ќе се налутам можам секакви глупости да направам. Да, баш како таа ноќ. Па што ако сум малку поднапиен! Можам да се контролирам. Можев и таа вечер да не се запијам толку... Ама пусти мерак, знаеш како е... Прва плата после толку работа... Скапав додека да ја земам... Многу работа

се натрупа, а сите те дупат зашто си нов... Дојди ваму, оди таму, донеси ова, донеси она, кажу му на оној дека... Скапав, знаеш што значи да скапеш од работа месец дена? Не знаеш, а? Да ти ја ебам работата што ја имаш. Никогаш нема да дознаеш како е да работиш машка работа, а не ова твоево, пешкирче, крпа, повелете... А бе ти да не носиш мини под тоа престилката, дај да те видам, заврти се, опа-аа, да беше женско сега ќе те частев пијачка и две ѕвезди ќе ти симнев, не дека не си згоден, ама машко си. Ај, може после ќе се видиме кога ќе завршиш. Ако не се направам магаре дотогаш. Дааааа, баш како таа ноќ. Будало една, не ми ја споменувај, нели гледаш дека сакам да ја заборавам. Добро бе Џејмс, да му ебам мајката, кај баш сега најде да ми ја спомнеш таа ноќ, нели гледаш дека убаво ни тргна муабетов? Каков си ти... Ах, да беше женско... Немој да се смееш, да не ти ја удрам една по тоа муцката... Ќе видиш после дали некој ќе ти дојде во оваа дупка. Па штрбав ќе останеш... Никој не сака штрбави бармени. Освен оние перверзните, со малку повеќе имагинација, хе, хе... Да имаше и едно стаклено око, па да можеш да пееш во исто време.... Ха, ха, ха..... Ајде, не лути се толку... Сипи. Знаеш дека не ти мислам ништо лошо. Не сум од оние што кога ќе се опијат забегуваат. Добро бе, ти реков да не ми ја споменуваш таа ноќ, ти реков ли? Тоа беше само таа ноќ и нема да се повтори. Јасно? Пу, да ти се плукнам во тоа устата, ах, што не беше женско... Ма нема врска, ќе завршиш работа, а? За колку? Не си нормален! За толку пари јас ќе... Ма не, ти само се шегуваш... А и јас се шегувам. Да видам навистина ли носиш мини под тоа престилката... Абе и не си толку влакнест по тоа рацете... Дај да видам... Види, види, ти се депилираш!? Ауф колку си нежна!!! Хе, хе, хе... Мазно, мазно... што убаво за галење... Сакаш да се галиш? И јас многу сакам. Дома кога ќе си дојдам прво се галам со онаа мојата, а потоа дури вечерам. Што децата? Во кревет се. Режим е



тоа, цврста рака. Ако не послушаат... Исто е и за неа... Ако не послуша... Хе хе хе... Ајде сипи уште една. Само уште една, те молам, знаеш како молам јас, нели? Стоко една, ти реков сто пати да не ми ја споменуваш таа ноќ. Еј, само ако пружам рака, ќе ти го свиткам тоа вратчето убаво. Е убаво е де, убаво, па што. Не, чисто онака велам. А бе не, ти кажав дека само се шегувам. А и убави очи имаш... Кога сум ти го кажал ова? Не е можно. Каде? Овде!? Кога бе? Таа ноќ!? Не е можно! Како да не се сеќавам на тоа? Јас на тебе!? Тоа сум ти го рекол!? И што уште? Ха, ха, ха!!! Е, сега излажа. Да, да, излажа. Никогаш не сум ни помислил такво нешто, а камо ли да го кажам. Што ти е тебе? Па, нормален ли си што зборуваш? Па знаеш дека имам жена и две деца! Што? И сум го направил тоа?! Со кого? Со тебе?! Е сега ќе видиш, курво една! Дојди ваму, не ме терај да трчам по тебе, не трчам по машки, го знаеш тоа многу добро! А-ха, и сега? Што правиме сега? Знаеш дека муштеријата е секогаш во право. Сипи уште една. А бе, сипи или ќе те згазам. па што ако нема жива душа веќе 2 часа. Ти ќе ми кажеш кога да си одам дома. Си-пи. Си-пи или готов си. И кажи ми уште што било таа ноќ. Сме се качиле во твојот автомобил и каде сме биле? Кај тебе? Што сме правеле кај тебе дома, клошару еден? А бе не си нормален кога ти велам, што сакаш да кажеш со тоа? Тоа сум го зборувал?! Два часа?! Со тебе?! Најубаво во животот?! Леле, не си нормален! Доста лажеш, бре стоко една. Ме начека сега магаре пијан и ќе ми враќаш што сум те зафркавал... И што уште сме правеле? Кажи, кажи, излажи... За таа ноќ се сеќавам сè што сум правел, само на лицето не можам да се сетам. Ти беше тоа? Сипи дупло. Стави, да се соземам. Сега ми текнува зошто ја споменуваш таа ноќ. Колку сум глупав. Не сум толку пијан колку што ти изгледа. И ти беше тоа? И? Знаеш, отсекогаш сум бил несигурен во врска со ова. Ама, неее... Не, никогаш не бил стравот во прашање, можеби

наречи го тоа ризик или како сакаш. Што после? Што ако откријам и некој друг лик во себе, таков за какви што сум читал само во книгите што ги продаваа под тезга пред многу години, што после? Нов живот, што ли друго? Нема нов живот. А и да има, доцна е веќе за нешто ново. Жената и децата остави ги. Тие можат и самите да се снајдат. Што е со мене? Каде ќе бидам? Што ќе бидам? Каков ќе бидам, што е уште поважно? Ми требаа четириесет години да сфатам некои работи за себе, ќе поминат уште четириесет за да дознаам дали сум бил во право... Да ти се сневиди... Кај се запив сега? Магаре се направив. Баш како и таа ноќ. Да, токму како таа ноќ. Добро беше? Знаев... Време е да си одам. Магаре се направив. Со автомобилот си? И? Баш како и таа ноќ. Добро де, добро. Нема тоа да го правам. Ајде, побрзај. Ајде...



## ГРУЕВСКИ ЗОРАН: **СИН НА БИСТА**

Во моите сеќавања, една стара госпоѓа, седи на масата и ме чека да го дојадам доручекот. Устата ми беше речиси секогаш полна со преголем залак кој тврдоглаво не го голтав (всушност многу малку и го џвакав).

Старата госпоѓа имаше трпение.

Чекав да оди во кујната, за да го плукнам тоа последно парче суво прецвакано месо, кое ми се лепеше во рацете секогаш кога го фрлав низ прозорецот.

Кога ќе се вратеше.................

Секогаш се враќаше.

Сеедно, чинијата беше празна, а таа можеше конечно да си прилегне и да ја прочита нејзината „Борба“.

***

Пред десетина години не можев да го запрам плачот. Почина старата госпоѓа која секогаш ме чекаше да го дојадам доручекот.

На погребот морав да ги слушам сите добронамерни, но сепак сосема непотребни совети (бидејќи кога некој тагува, малку веројатно е дека ги слуша другите што му зборуваат, уште помалку дека ќе се обиде и да ги раз-

бере), дека треба да бидам силен и дека треба да знам што треба да правам понатаму, затоа што животот бил.............. не знам, студии некои, па свадба............глупости.

Не можев да побегнам од тој, за мене веќе само гласен, шум, кој се ширеше на погребот на старата госпоѓа. Не можев да не гледам во земјата, помислувајќи како од таму ќе излезе некој и ќе им помогне на луѓето да ја закопаат што побргу.

Го допрев студеното лице на старата госпоѓа во ковчегот, го голтнав последниот залак прав и малку земја.

Таа не мораше да чека повеќе.

***

Јас и бев утеха за синот, кој починал премногу млад. Не можеше да си ги сокрие солзите, неколку пати во денот.

Ќе се насмееше низ солзи и ќе ми кажеше дека нејзиниот син, кога починал, ги замолкнал и канаринците. Не пееле со денови затоа што чувствувале дека веќе не е со нив.

Нејзиниот син - најдобриот човек на светот.

И неговите најдобри пријатели ми го кажуваа тоа, а јас чувствував дека не лажат и дека искрено им недостига тој човек.

Секако старата госпоѓа никогаш не спомна дека таа добрина го натерала и да пие, од што, за жал и починал.

Толку добар и толку млад.

За жал тој не починал само толку добар и толку млад.

Починал и толку наивен.

Кога бил на отслужување на воениот рок, дознал дека неговата сопруга, само неколку месеци по неговото



заминување, почнала да шета наоколу.

Од тој миг........................веќе претпоставувате.

***

Секоја недела одевме на гробиштата да ја посетиме бистата на синот, кого, старата госпоѓа го оплакуваше толку често.

Неговото име и презиме беа исти како и моето име и презиме.

***

Чудно е, уште како мало дете да живееш со помислата дека твоето име и презиме се напишани на некоја надгробна плоча.

Точно, си помислуваш.........годината на раѓање е поинаква од твојата, точно.........човекот има зулуфи на образите и малку коса на главата, а ти голобрадо петгодишно дете, точно..........ти си неговиот син, син на бистата која ја посетуваш секоја недела и ја бакнуваш по навика, точно.........ти овој човек воопшто не го познаваш и паметиш, бидејќи почина многу млад.

Сепак точно беше и тоа, дека си замислував дека би можел да бидам и мртов, секогаш кога ќе го прочитав тоа име на бистата. Смешно нели? А сепак тоа ми создаваше некаква нелагодност.

Всушност, јас, сум живиот син на таа биста, со истото име и презиме како моето.

На тоа помислував секоја недела кога одевме накај Бутел.

На тоа помислив и денес. Ги чистам гранките од плочата.

Го мијам лицето на бистата од изметот на птиците. Наоколу мириса на мочка. Си одам.

***

И понатаму на гробиштата, одвреме навреме, бакнувам биста на човек кого воопшто не го познавам.

И понатаму се трудам да џвакам и голтам побргу, бидејќи сега никој не седи на масата и не ме чека да завршам.

Голтнав............сега можете да си одите.



## ДЕНКОВСКИ ДРАГАН: **ЗАЧМАЕНОСТ**

Седеше наспроти себеси, на растојание од три години и еден ѕид. Си рече дека требало да дозволи искрата од нејзиното око да ги потпали вчерашните галони. Но, биковите во неговиот крвоток ги престорија орлите во шакали.

Со погледот си ги длабеше браздите од деновите кога дозна дека утрешнината му е недостижна.

Жарот од цигарата се движеше отсликувајќи ја паднатата осумка.

Во мислите му тлееше бела бучава, а собата го смрачуваше секој ведар проблесок.

Таа требаше да плаче, со сета своја гордост.

Тој можеше да се наметне со неговата дрскост.

Сепак, тие избегнаа да се сретнат, низ пукнатините на случајноста.

Товарот си остана ист, ама чувството натежнуваше.

Неговата младост си замислуваше каква би била огорченоста кога лицето ќе стане една голема брчка, кога чадот и правот ќе ја исполнат внатрешноста со гниење и пожолтеност, кога стампедото ќе зазвучи како безнадежен лелек.

Дали непрекинатиот шум некогаш ќе престане да се одбива од ѕидовите на черепот, дали ќе излезе изговорен одекнувајќи помеѓу четирите ѕида и таванот и подот, искажувајќи ја сета бесмисла на дваесетте години, паразитски поминати во надеж дека може да се стигне некаде низ шумата на свесно одбиени можности...



## ДИМИТРОВСКА ЈАСНА: **ЧЕШЕЛ**

Си имав порано едно пластично чешелче. Беше розово, со пет-шест запци и многу, многу мазно.

Со него ја скротував косата, ја подместував, ја зачешлував, ја превртував од една на друга страна и си правев најразновидни фризури. Ниеден друг чешел не можеше да го замени розовиот.

Тој беше единствениот чешел кој мојата многу ,многу густа, црна и природно кадрава коса дотогаш го имаше прифатено.

Нејзините крупни кадрици како да беа по мера на растојанието меѓу запците, како да им се покоруваа или како верни слугинки да се вместуваа низ празниот простор меѓу нив.

Тоа им беше првиот чешел.

Претходно имав многу мака. Многу чешли ми минаа низ раце а тоа беа чешли од секаков вид и квалитет: со многу збиени запци, па со многу раздалечени, од гума, пластика, дрво, стакло, плексиглас, со дршка, без дршка, скапи, купени од уличен продавач, самонаправени, поклонети, нарачани преку интернет, анатомски, чешли за кукли, чешли од баби, со точки, без точки, па имав еден и против вошки.

Значи имав мака. Косата без трпение и тврдоглаво ги одбиваше сите на најразлични можни начини. Не им даваше да ја зачешлаат а ако го дозволеше тоа секогаш беше со цел да го заплетка и зароби во себе, па потоа да се ослободи од него, по цена на неколку свои кадрици.

На тоа наседнав три пати. Првите два пати заробените чешли ги носев цела недела во косата. Толку беа сплеткани што личеа на кожурци. Со третиот веќе сфатив дека нема бегање, ќе мора да дејствувам или ќе станувам со џумки во главата секое утро.

До овде бунтот и беше успешен, но јас решив да му ги скратам нозете на бунтовникот, па ја истрижав многу кратко и од тој момент натаму повеќе не се чешлав.



Тоа траеше некое време, додека повторно не порасна и почна да се бунтува, да ми смета, да негодува.

Така една мирна ноќ, и тивка исто така, почувствував најчудна непријатност. Како повеке да не ме собираше во сопственото тело кое пак како да беше два-три броја потесно од расположението а косата како да не припаѓаше на мојата глава.

Не можев повеќе ни секунда да издржам во таа состојба. Очите ми се оддалечуваа едно од друго, носот ѝ се приближуваше на устата или таа нему, сеедно, а косата беснееше, растеше и ме обвиваше, сакаше да ме задуши, се обмотуваше околу мене, па се одмотуваше, во кратки болни интервали.

Во мене тогаш се јави некој преживувачки инстинкт и во тие кратки интервали на слобода успеав некако да се довлечкам до тоалетот каде што се наоѓаше инвентарот од неуспешни чешли. Си реков ова ќе и го одвлече вниманието. Си помислив – ќе се налути, ќе го нападне чешелот и ќе ме остави мене, ќе преживеам.

Но, на мое големо изненадување тоа не се случи. Очигледно преживеав, ги пишувам моите мемоари, нели? Но тоа што се случи, сигурно веќе погодувате, е моментот кога го пронајдов розовиот чешел кој наместо да ја возбуди, ја скроти мојата коса. Да, така беше.

Во еден момент, не гледајќи, посегнав по чешел и дофатив некој чешел со непозната форма, но тогаш не го забележав тоа , бев надвор од себе.

Кадриците, такви диви и разуздани, трофазни и монструозни почнаа полека да се одмотуваат од моето тело, една по една го напуштаа како да загубија интерес. Од грозни змии, стануваа галежливи кученца кои си играа во дворот на својот сопственик. Си играа непрестајно минувајќи низ преградите на оградата и секојпат излегуваа сѐ поубави и поубави, сјајни и совршени спирали. Секое влакно си доаѓаше на своето место. Дури кога завршив го погледнав за прв пат чешелот-спасител и навистина беше прв пат да го забележам тоа мало предметче во мојот дом.



Не знаев од каде дошол, но беше добредојден. Од таа ноќ постојано беше со мене. Бевме јас, косата и чешелот. Бевме многу среќни.

И еве едно очекувано - но. Косата почна да дивее од убавина. Не, таа ништо не правеше, туку едноставно беше преубава, беше толку вонземски убава.

Неосетно ѝ се зголемија и апетитите и требаше да биде чешлана по пет-шест пати на ден, па така почнав да го носам чешелот обесен околу врат како приврзок.

Но, по кратко време и тоа стана недоволно практично па решив да го носам в коса, зачешлувајќи ја на секој половина час.

На почетокот успеваше и мислев сега сѐ е како што треба и дека сум го донела вистинското решение, сѐ додека еден ден не се разбудив без чешелот в коса.

Го барав. Не се ни сеќавам колку пати го пребарав секое ќоше од станот.

Ги прашував мајка ми, татко ми, брат ми, соседите, го прашав водоинсталатерот, ги прашав небото, земјата, месечината. Ја пребарав којзнае колку пати целата коса, ја молев и молев да ми каже каде е, каде го скрила... а знаев... чувствував дека таа има некаква врска со неговото исчезнување.

Понатаму ништо не беше исто. И косата, да, се смени и никогаш не стана бунтовна како што беше пред розовиот чешел.

Сега прифаќаше и други чешли, полупокорно и немо, но никогаш повторно не заблеска со истата убавина.

Кој да ја знае психологијата на косата?



## ЕФРЕМОВА ИНЕС: **ГАБРИЕЛ**

Само еден ѕид помеѓу него и циничното смеење на тато. Само еден ѕид го дели од пцостите на мама. И еве, тишина. Значи, ритуалот заврши. Сега може да ги опушти напрегнатите ушиња и да продолжи да се прашува зошто мама и тато велат дека вклучената светилка го брка сонот, кога нему единствено темнината не му дозволува да заспие. Поради неа мора да ги држи очињата отворени затоа што, само тогаш, сеништата кои демнат од секој агол на собата не му се приближуваат.

Слуша чекори... Мама влегува во малото сопче и легнува на брачниот кревет кој се наоѓа веднаш до неговото креветче. Сега вниманието му е насочено кон нејзиното тешко дишење. Нејзините очи, вперени во таванот, влажно одблеснуваат.

Чудни се тие очи. Го плаши огнената стихија која ја раѓаат секојпат кога тато ќе влезе низ вратата со потемнети заби, ширејќи некој кисел, непознат мирис околу себе. Сепак, ништо не го прави посреќен од нежниот пламен кој гори во нив и го облева со топлина, секојпат кога таа му чита наглас од шарените книги, или пак, кога ги држи во раце цртежите што тој ги создава со фломастери.

Но, нешто се случува и со неговите очиња. Сребрена пајажина ги прекрива и нежно му ги затвора клепките.

- *Габриел, стани!* - слуша. Набрзина носи заклучок дека и денес ќе мора да оди на она чудно место со многу деца. Ја бакнува мама и влегува во автомобилот. Тоа е најтешкиот дел секое утро, затоа што знае дека следуваат долги часови во градинката.

Седнува на своето место во огромната просторија. Седи сам, и единствено жената што ја викаат учителка му се обраќа со неколку зборови. Другите деца не му се приближуваат, со исклучок на трите момченца кои го задеваат, онака детски, што често се граничи со садизам. Тоа секогаш прави да се прашува дали постои нешто што би можело да го направи невидлив.



Во градинката, и без свесното сознание дека постои, ја чувствува релативноста на времето. Славејќи ја смртта на секоја минута, ретко се одделува од своето столче. Ја следи со поглед учителката додека таа, користејќи некој непознат трик, ги претвора многуте дрвени штици во креветчиња.

Ох, не! Сега мора да легне и да се преправа дека спие. Сака да ја замоли учителката да остане на своето столче, но се плаши од нејзиното викање. Пострашно е и од викањето на мама.

Легнува. Никогаш досега не успеал да заспие. Тишината, помешана со дишењето на другите деца и придушениот разговор на учителките, му создава некое непријатно треперење во стомачето кое му ја брише сребрената пајажина од клепките. Сепак, тоа треперење е безначајно во споредба со стомачната ерупција која се излива низ неговото усте и при самата помисла на вкусот на млекото.

Затоа, наутро, мама му дозволува да понесе со себе чаша со течност чијшто вкус може да го поднесе.

И додека другите деца со својата попладневна ужина пијат млеко, тој ги омекнува залаците сув колач со јогурт.

Се упатува кон своето место со ужина во едната и чаша јогурт во другата дланка. Непосредно пред столчето неговите мали стапала добиваат инаква замисла и, како во занес, газат едно врз друго. Веќе следниот миг, тој е лице в лице со подот. Залакот во грлото добива текстура на скршено стакло, а белата течност околу него оживува и му се смее со детски глас.

Тој ден, тато со голема ревност ги отстрануваше малите нечистотии од ретровизорот на својот автомобил. Сепак, не успеа да ги забележи темните дамки коишто се родија зад синиот поглед на Габриел.

## КАРАНФИЛОВСКА ЛИДИЈА: **МАКАО**

Ники-Сан и Мари-Ноко играат Макао додека смислувам како да убијам една дебела недела. На крај се задоволувам само со лежењето по целата нејзина растеглива должина. Решавам да ја лежам. Се вгнездувам во најудобниот лежечки објект во станот и отсутно постојам. Пладне е во ек. Маца и Куца се романтизираат со доза на нервоза. Доцно пладне. Доцна есен. Доцни секоја минута по две три секунди на час. Доцнат и нашите животи. Редовно. Како автобусите на ЈСП. Сонцето измолкнато спие зад некој облак, а густа магла се заканува да го обвие градот во таинственост.

- Ајде фрли, вели Ники-Сан. Доста те чекав.

Мари-Ноко фрла. Ники-Сан негодува. Фрла и тој. Џандар.

- Во што менуваш? - прашува Мари-Ноко.

- Во тоа што го немаш - вели Ники-Сан.

- Сè имам. Кажи. Во што? - се смее Мари-Ноко.

- Во тоа што го немаш - повторува тој.

- Сè си имам. Ајде кажи. Во што? - пак се смее таа.

-Во срце. Срце немаш.



- Имам - се смее таа ликувајќи. Фрла срце.

- Срце немаш. Тука го немаш - нагласувајќи ги драматично зборовите, покажува тој со раката кон левата страна на градите.

- Ха-ха - се смее таа - Ајде, пак си ти.

Ники-Сан фрла друго срце.

- Имам јас, бејби. Не се секирај. Имам и за двајцата.

Еден пласт темнина влегува во дневната соба. Како невешт провалник.

А нашиот стан започнува да личи на замок. Населен од кралеви и кралици.

И никој од нив нема срце.

## КОВАЧЕВСКИ МАРКО: **ЧУДАК**

Го нарекуваа чудак!

Беше нескладно граден човек со енормно голема глава, раце кои беа прекратки за неговото истенчено високо тело, нозете како две чкорчиња прикачени за телото, кои мислиш во секој момент дека ќе попуштат и тој ќе се сруши. Секој зглоб му се нишаше. Не беше стабилен, беше лабав.



Го нарекуваа чудак. Очите му беа со недефинирана жолта боја, на светлина му се менуваа, мислам, не, убеден сум дека бираше која боја сакаше да му бидат. Не зборуваше многу, беше нем. Го нарекуваа чудак, мене ми беше пријател, на другите им беше едноставно чудак.

Живееше сам на периферијата од градот. Никогаш не се враќаше дома. Бараше луѓе, ги сакаше луѓето, беше нем, а тие го нарекуваа чудак...

Се движеше полека, како лик од некој вестерн филм, никогаш не брзаше, никогаш не доцнеше, секогаш беше непотребен.

Го гледав само дење, никогаш не се појавуваше ноќе. Можеби се плашеше од ноќта, не знам!? Постојано беше сам, а толку многу сакаше луѓе.

Денес го видов во градот, по долго време. Талкаше со наведната глава, чудно како не му тежеше таа огромна глава, како не го привлекуваше силата на гравитацијата. Му пријдов:

- Здраво, изустив, како си? Долго те немам видено.

Не изусти ни збор, не ја ни подигна главата, не ни застана. Ми стана чудно, се обидов да му застанам на патот, да му го одвлечам вниманието, но тој продолжи низ мене, помина низ мене, како јас да не постоев, како да бев нетелесен, како да бев пареа.

- Еј застани, застани, човеку, како го направи тоа. Немаше одговор. Продолжи по патот, со наведната глава, минуваше низ сѐ што ќе му се најдеше на патот, сѐ беше празно, нетелесно, чекореше сигурно, полека, со тешки чекори и се изгуби во метежот низ градот.

Никогаш повторно не го видов, никој веќе не го спомнува. Не знам зошто?! Само знам дека беше жив човек!

## КРСТЕВСКИЃОРЃИ: ПОВИК

Станувам од креветот и одам кон претсобјето, поточно, кон масичката на која се наоѓа телефонот. Некој упорно ѕвони иако е седум часот и неколку минути наутро.

Кревам слушалка.



- Да?

- Ѓорѓи Крстевски? - прашува еден глас што многу ми се чини познат.

- Да.

- Роден на 10 декември 1981 година?

- Да?!!

- Од татко Веле и мајка Донка?

- Да, - велам. - А, од каде знаете вие толку за мене? - прашувам.

- Еее... - вели истиот глас. - Туку, не прашувај. Имаш и сестра, Љубица? Така?- прашува.

- Да - потврдувам.

- Нејзиното момче, Јовица, вози такси.

- Да.

- Немаш девојка...

- Еј!- го прекинувам. - Ова е претерување!

- Не си вработен. Студираш...

- Да! - веќе нервозно потврдувам. - Ако не ми кажете кој сте, веднаш ќе ви спуштам слушалка!

- Во ред, не лути се - смирено ми вели однекаде познатиот глас.

- Чекам! - велам.

- Вклучи ја светилката - ми заповедува гласот.

Зачуден сум од каде знае дека не ми е вклучена светилката во претсобјето, но сепак, го послушувам.

- Сврти се- ми вели.



Се вртам.

На ѕидот зад мене има големо огледало. Мојот одраз држи слушалка во десната рака. Со левата ми мафнува во знак за поздрав.

Ја спуштам слушалката и се доближувам до него. Во неговите очи гледам потсмев.

## КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: **ВЕЌЕ ВИДЕНО**

На Бојан Станишиќ

*Ништо не е случајно. Според тоа, средбата на чадорот и машината за шиење врз операционата маса е однапред испланирана.*



Во мигот кога неговата сопруга чукна на вратата од бањата и му рече дека го бараат на телефон, Марко со крпа ја бришеше водата на својот грб, останата после долгото и пријатно бањање. Тој ја подотвори вратата и го позеде од нејзината рака безжичниот телефон кој веднаш го принесе кон левото уво. Во меѓувреме, сè уште се бришеше со другата рака.

Го бараше еден пријател кој штотуку се беше вратил од странство.

Не успеав да ја најдам книгата, му рече неговиот пријател после едноминутниот вовед од како си, што правиш и слично.

Па, добро..., успеа да промрмори Марко кој се обидуваше да облече чисти гаќи.

Прашав во повеќе книжарници, и секаде ми рекоа дека веќе не се печати... Можела да се најде само во старинарници... А немав време да проверам во сите.

Марко ја облече маицата со кратки ракави и излезе од бањата.

Несвесно влезе во кујната со принесен безжичен телефон кон левото уво и внимателно слушаше. Додека го слушаше својот пријател, погледна во малата црвена цедалка што беше оставена на шпоретот. Сето тоа му дојде познато, како веќе да се имаше случено и претходно: разговорот со пријателот од странство, ненаоѓањето на книгата, црвената цедалка на шпоретот, неговата сè уште неисушена коса... Сега требаше однекаде да се појави неговата сопруга со лоши вести за негов роднина кој доживеал срцев удар, па тој да се облече за да го посетат в болница, па потоа да шетаат низ блискиот парк каде што ќе сретнат познаник кого одамна го немаат видено, па со него да појдат во некое кафуле на пијалак и разговор од кој ќе разберат дека тој има намера да се жени, и воедно, ги кани на неговата свадба која ќе се одржи за три недели, а тие, на пат за свадбата со своето возило ќе имаат лесна сообраќајна несреќа во која воопшто нема да бидат повредени, но ќе задоцнат на свадбата час и половина...

Неговиот пријател сè уште зборуваше.

Марко ја премести црвената цедалка од шпоретот на мијалникот за да го наруши редоследот на настаните, како што тој веруваше дека ќе се случи.

Од дневната соба доаѓаше придушен разговор. Потоа разговорот стивна, и неговата сопруга се појави пред него, но кога виде дека тој сè уште не завршил со повикот, го задржа тоа што сакаше да му го соопшти. Според нејзините стиснати усни Марко можеше да заклучи дека не стануваше збор за радосна вест.

Извод од матичната книга на родените детска градинка кукла велосипед алергија на јагоди основно училиште прва љубов свидетелство средно училиште странски јазик втора љубов диплома приемен испит факултет трета љубов возачка дозвола патување во странство четврта љубов уште една диплома сообраќајна незгода болница петта љубов вработување шеста љубов седма љубов брак дете летување на море нова куќа домашно милениче гости соседи прељуба упатство за приготвување колач со вишни одгледување цвеќиња во дворот свадба на ќерката внуци летување во бања пензија смрт на сопругот погреб дури да трепнеш игла од инфузија во вената кревет вести на телевизија старечки дом на крајот од градот на крајот од светот на крајот.





Младоженецот е мртов. Веќе дваесет и пет години. Невестата сè уште не е родена. Сите го очекуваме тој ден со нетрпение.

Прославата се врши во голема гостилница. Сите гости се случајни минувачи. Тие бесрамно крадат: во своите чанти жените пикаат полни пепелници, прибор за јадење, шишиња, чаши, плескавици, леб, слатки; во своите џебови мажите пикаат кикиритки, лешници, ореви, бонбони, салати, истураат ракија, вино и пиво, некои од нив ги расклопуваат столовите; во своите усти децата пикаат сè што ќе најдат на подот: трошки, колачиња, лебарки, пржени компирчиња, железни парички. Потоа ги болат мешињата, и под изговор дека треба да се носат на лекар нивните божемни родители исчезнуваат заедно со нив.

По околу два часа гостилницата е празна. Остануваат само голите ѕидови зашто некој ги украл и сликите. Ги украле и масите, светилките, музичките инструменти со свирачите и пејачката кои, најверојатно, ќе завршат на пазарот за бело робје. Украдена е и послугата.

Поради сето тоа сопственикот на гостилницата сака да побара одговорност од приредувачот на свадбената прослава, но таков не постои. Како што рековме и на почетокот, младоженецот е мртов. Веќе дваесет и пет години. А невестата сè уште не е родена. Сите го очекуваме тој ден со нетрпение.

# КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: **ИГРА**

Цел ден ми се присторува дека има некој зад мене. Чекорам, и чувствувам дека сум следен. Кога и да се свртам, често ненадејно, нема никој. Само некоја сенка ќе претрча по улицата.



# КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: **СЕНИШТА**

Ги мразам сеништата, тие ноќни господари на мојот дом што го нарушуваат спокојството што сум го стекнал во текот на денот. А денот, како и секој друг ден, со безброј обврски што ми го одвлекуваат вниманието; воспоставување ред во сеопштото безредие што владее со мојот живот, нешто што ми ја троши силата. Ноќта, која служи за одмор на исцрпеното тело, понекогаш, за мене претставува вистински кошмар: тивок шепот покрај увото, гласови во соседните простории, пеење во бањата, дишење зад грбот, дувкање во тилот. Ужас! Утрата се полни со изненадувања: на четката за коса наоѓам долги црни влакна кои не ми припаѓаат мене зашто одамна сум кратко потстрижен; телефонот не е на своето поранешно место; содржината на полниот пепелник е истурена во чаша со млеко; на мојата омилена играчка од детството, кукла што со години внимателно ја чувам, ѝ недостасува едното око; на тоалетната хартија читам низи испишани бројки кои мене ништо не ми значат. Колку само пцости прелетуваат низ моите мисли! Колку само лутина се собрала во мене! Чувствувам како мојот бес се спрема да избувне како вулкан.

Ве мразам! - извик што секое утро се истргнува од моите гради. - Ве мразам!

Можам да чујам придушен кикот што доаѓа некаде од внатрешноста на ѕидовите.

## НИКОЛОВСКА МИЛЕНА: ХЕРОЈ НА НАШЕТО ВРЕМЕ

Мојот херој има некакво модерно име, да речеме Роберт. Има околу триесетина години и факултетска диплома, иако и самиот има заборавено за што. Неодамна го доби првото вработување во својот живот како некаков office menager или office assistant во една од многубројните трговски фирми, но постојано се убедува дека му претстои блескава кариера, само е прашање на време. Платата му е мала, но се чини дека троши повеќе отколку што заработува. И самиот не знае како е тоа можно, но не се ни труди да бара објаснување.

Мојот херој е самец. Но тоа не значи дека живее сам; напротив, во својата триесетта сѐ уште живее со своите родители и се надева дека во блиска иднина тоа ќе се промени, дека ќе си купи станче, дека ќе се ожени, ќе има деца. Тоа што е самец значи дека нема девојка. Има само попатни авантури, ако може да се наречат така, бидејќи кога ќе завршат секогаш му се чини дека биле сѐ друго, само не авантури.

Мојот херој има многу слободно време. Најчесто го троши во кафулињата, на кафе со пријателите. Тогаш зборува за фудбал, или бистри политика, или едноставно кажува вицови. Притоа, не дозволува друг да му го земе зборот. Не го интересираат туѓите мислења за истите



работи. Верува дека е интересен само тој. Дека е најпаметен, најинтересен, најдуховит.

Мојот херој себеси се смета за образован и начитан човек. Во исто време и модерен. Ги чита светските бестселери и секогаш го изразува своето мислење за прочитаното. Моментално го чита Ден Браун, а предходно го читаше Пауло Куељо. За нив зборува како за свои најблиски пријатели. На пример, за Ден Браун вели: „Сите го сметаат Ден за контраверзен, но јас мислам дека неговата контраверзност е машина за правење пари“. Притоа, верува дека мислењето е негово. Но, најчесто тоа што го зборува го има прочитано некаде. Тврди и дека ги познава и светските класици. За Достоевски ќе рече дека е голем писател и толку. Бидејќи ја има прочитано само „Злосторство и казна“ во средношколските денови, но и неа ја има заборавено.

Мојот херој освен што чита книги, гледа и филмови. Некогаш на кино, некогаш изнајмува од дивидитеки и ги гледа дома. Речиси секогаш ги гледа најпопуларните, оние за кои наголемо се зборува. Во нив го забележува само она што и другите го забележуваат, а сепак мисли дека видел нешто посебно. На пример, него во „Матрикс“ го воодушевиле „ефектите“, особено како тоа Киану Ривс ги избегнувал куршумите. Во „Господарот на прстените“ го воодушевила костимографијата, но приказната му била помалку здодевна.

Мојот херој гледа и телевизија. Спортските натпреварувања ги следи некако по задолжение, бидејќи инаку нема да се снаоѓа во многубројните дискусии за нив. Вестите ги следи задолжително, бидејќи сака да биде информиран за сѐ што се случува. Смета дека телевизиите го бомбардираат народот со „шпански сапуници“. Нив ги смета за најголемо ѓубре. Дома, сепак, од досада, гледа по некоја.

Мојот херој на одмор оди преку една година. Најчесто во Охрид, а ако е при пари може да скокне и до Бугарија. Сепак, задоволен е и со толку.

Мојот херој до одредена мера е неписмен. Не знае на пример, дали „којшто" и „чијшто" се пишуваат заедно или одделно, каде се пишува „т", а каде „д", каде се става голема буква, а каде мала. Но тоа не го загрижува многу, бидејќи не му се појавило како пречка во животот. Другите околу него се исто така неписмени. Некои дури и повеќе од него. Но и покрај својата извесна неписменост, со голема самодоверба пишува текстови и притоа се надева дека еден ден ќе стане познат писател, или барем новинар. Текстовите му изобилуваат со вулгаризми, со што верува дека ги руши долгогодишните табуа во литературата. А да се рушат табуа сега е модерно.



И не само неговите текстови, туку и самиот речник на мојот херој изобилува со вулгаризми. Мајстор е за секојдневно смислување сѐ посочни и посочни пцовки.

Инаку мајчиниот јазик не му е јака страна. Никако да научи да зборува македонски, никако да научи правилно да ги акцентира зборовите. Ама, затоа пак, англискиот јазик го познава одлично. Благодарение на таквите познавања и го доби своето прво вработување. На тоа, и на познавањето на компјутерите. Знае да работи во Word и во Excel, по малку дури и во Power Point, а на интернет сурфа на големи бранови. Сепак, најголема специјалност му се компјутерските игри.

Односот кон жената за мојот херој е многу значаен само кога е во прашање неговата мајка. Кон неа се однесува со најголемо почитување, а и како не би го правел тоа, кога таа срипува од каучот при секое негово појавување на вратата, со подготвеност да му ја исполни секоја желба, па макар и каприциозна. Кога станува збор за жените на негова возраст, мојот херој заборава на убавите манири (ако некогаш воопшто знаел за нив) и се надева дека ќе ги импресионира со својот погрден речник и со пофалните зборови кои ги упатува само на своја сметка. Сепак, понекогаш дури и ќе ја плати нивната пијачка и тоа е сѐ што тие можат да добијат од него, бидејќи според неговото мислење, тоа е единственото што тие воопшто го очекуваат од него. Неговиот цврст и непроменлив став е дека жените денес се премногу еманципирани и не му се допаѓаат интелигентните и амбициозни жени, бидејќи дружењето со таквите му ја руши самодовербата и му го повредува егото.



Доминантната психичка состојба на мојот херој е депресијата. И покрај сите свои знаења и способности, и покрај сите пријатели и работното место, мојот херој е незадоволен од својот живот. Незадоволен е токму од работното место, од платата, од пријателите коишто понекогаш се однесуваат како непријатели, од тоа што живее со родителите, што нема девојка... Таквото незадоволство од сопствениот живот само напати преминува во бунт, којшто се состои само од пцовки упатени кон политичарите и државата, сметајќи ги нив за единствени виновници за неговиот мизерен живот; а многу почесто депресивното расположение на мојот херој се претвора во апатија и тој одмавнува со раката и мрзеливо продолжува да го живее животот, црпејќи сили за утрешниот ден само од својата навидум голема, но во суштина разнишана самодоверба....

## НИКОЛОВСКА МИЛЕНА: САКАВ НЕШТО ДА КАЖАМ



Стоев во редицата со некакво чувство, коешто за прв пат го доживував. Беше ли тоа страв, онака недефиниран или беше само напнатост заради претстојната проверка, не можев да определам. Срцето ми чукаше нерамномерно, како расипан часовник, на моменти по две-три отчукувања во секунда, а веднаш потоа ми се чинеше дури и по пет. Не бев сигурна дали и другите се чувствуваат како мене – не можев да им ги слушнам срцата. Можев само да претпоставувам. Стоев некаде на средината од редицата; сè уште бев далеку од првиот, но можеби уште подалеку од последниот. Се плашев да гледам напред, назад не можев да ја свртам главата, па ми остануваше само да зјапам надолу, во моите стапала. Поместувањата кога некој ќе завршеше беа мали; би рекла дека се поместувавме за околу половина чекор. Со секое поместување стравот и напнатоста се зголемуваа, срцето уште повеќе спобудалуваше а не правев ништо за да го смирам. Си дозволував себеси да се опуштам, да се препуштам на емоциите, да не се контролирам – го правев тоа за прв пат во мојот живот. И не знаев дали и до крајот ќе остане сè само на стравот и забрзаното чукање на срцето; можеше да се случи да се срушам, или нешто уште полошо, не можев ниту да си замислам што. Не се чувствував подготвена. Сакав да потрае подолго, да се подготвам. А ниту можев, ниту знаев како да го направам тоа во тој момент.

Размислував од каде им е таа моќ. Кога разговарав сношти со еден од нив по телефон не ми објасни ништо. А јас не се осмелував да прашам. Ми рече само дека во толку и толку часот треба да бидам овде, земајќи си една мисла со себе. Една мисла? Тогаш тоа ми звучеше невозможно; како воопшто би можела да излезам од дома со само една мисла, и која да ја изберам? И како тоа тие ќе ја „разгледуваат“ мојата мисла, како божем е таа апликација за вработување? И уште, она што најмногу ме вознемируваше и тревожеше: како тоа, добога тие ќе ја мерат мојата мисла?!



Но еве, стоев во редицата, а пред мене и зад мене имаше уште многу луѓе и сите носеа по една мисла со себе. Нè имаше можеби стотици, не можев точно да определам. Се сомневав дека ја одбрав вистинската мисла, ми се чинеше дека имам дома многу подобри, но ех, знаев дека е тоа проклетството на изборот. Се тешев себеси дека што и да изберев ќе се чувствував исто. Сепак, ми се допаѓаше мојата мисла. И не само тоа, всушност верував дека е и подолга и потешка од сите други, па себично ја чував, иако знаев дека никој не би можел да ми ја земе. И некако верував со целото мое битие дека ќе ја изберат токму мојата.

Следното на што се сеќавам е дека стоев на некое место, кое не би можело да се нарече просторија, бидејќи не беше оградено со ѕидови. Но сепак, беше посебно место, одделено од останатата околина со некаква невидлива со око конструкција, присутна и дофатлива само со осетот. Во средината на собата, на еден висок метален позлатен стол со плишани тапацирани седишта, што ме потсетуваше на престолот на некој крал, седеше млада жена со

пристојна физиономија, облечена во сив костум којшто се состоеше од палто и здолниште и со бела кошула под палтото. Изработката на столот на којшто седеше и нејзината облека никако не соодветствуваа, како да припаѓаа на две сосема различни времиња, но се присетив дека овде ништо не е како во реалноста што ја познавав; ниту просторијата без ѕидови, ниту столот и облеката на жената, ниту пак, воопшто, причината поради која бев овде – да ја прочитаат мојата мисла, да ја измерат нејзината должина и тежина и да донесат одлука дали ќе ја материјализираат токму неа од стотина други!

Во недефинираната просторија имаше уште двајца луѓе – мажи. И тие, како жената, беа облечени модерно, во костуми и со вратоврски, но не седеа како неа, а не ни имаше на што; тие стоеја мирно, со сериозен израз на лицата и не гледаа во мене како неа. Се гледаше дека овде таа е главна. Тоа малку ме обесхрабри, бидејќи и покрај сериозниот израз на лицата, двајцата мажи изгледаа далеку побезопасно, би рекла дури и некако миловидно. Жената носеше очила и со непоколеблива сериозност ме набљудуваше низ стаклата. Не чувствував веќе таква возбуденост како додека чекав во редот; всушност, не чувствував ништо. Само чекав да почнат.

И само што почна да ми станува непријатно од неколку минутното молчење, жената ми рече дека е готово. „Како тоа готово?“ – ја прашав, и таа ми одговори дека мислата е прочитана и дека можам да си одам. Не можев да сфатам како го направи тоа; тука немаше никаква модерна технологија, всушност, освен позлатениот стол воопшто немаше предмети. Ја прашав дали е одбрана. Ми одговори дека не е. Ја прашав која е причината. Ми рече дека била кратка само десетина сантиметри, така што од неа не можело да се направи ниту една реченица; освен тоа, била прмногу лесна – само половина грам, или нула запирка педесет грамови, како што се изрази, а тоа не е во наш интерес, рече, ние бараме тешки мисли со филозофија од кои ќе можеме да направиме долги и комплицирани зборови и реченици. „Ама...“ – почнав, сѐ уште немајќи јасна претстава за тоа што треба да кажам во одбрана на мојата мисла, но таа веднаш ја помрдна главата нанапред, погледнувајќи ме прашално и јас занемев. „Госпоѓице – ми рече остро – веќе ви кажав дека вашата мисла е премногу кратка и лесна, би се добиле само обични зборови со нејзина материјализација! Ви повторувам уште еднаш – тоа нам не ни треба.“

Тоа беше сѐ што ми беше кажано. Веќе во наредниот миг просторијата без ѕидови исчезна и јас седев пред мојот компјутер, со прстите врз тастатурата и со поглед насочен во белиот word документ на мониторот, размислувајќи што да правам со мисла долга десетина сантиметри и тешка половина грам.

## ПАВЛОВА СЛОБОДАНКА: I FIND NO PEACE (МАБЕЛ)

Веќе дваесет и седум години Мабел живееше во најбучната зграда. Станот беше со поглед кон главната улица, па по цел ден и поголемиот дел од ноќта слушаше само брчење од возилата. На празниот простор пред зградата имаше наместено лулки на кои децата ретко не беа присутни. Понекогаш помислуваше дека ѕидовите на зградата се празни или становите се поделени со картонски кутии. Секогаш знаеше кога комшијата добива смс, кога кива, кога пушта вода во тоалетот, која музика ја слуша....

Веќе дваесет и седум години се надеваше дека некако ќе се навикне на ова, па нема да мора да учи после дванаесет, кога нема толку автомобили, кога децата се веќе заспани. Се обиде и со памук во ушите, ништо посебно не му помогна, ги слушаше истите работи малку потивко. Се обиде со жалби до полицијата, не доби ништо освен чудни погледи од соседите кои биле предупредени.

Работеше во продуцентска куќа и по десет часа на ден снимаше придружни вокали и ги прикачуваше на песната, компонираше музика, се расправаше со пејачите кои понекогаш беа толку мрзливи што ќе ја испееја песната само еднаш и заминуваа од студиото оставајќи му нему да ја исполира за да звучи премногу добро. Еден од нив



дури и правеше паузи после секоја строфа, а Мабел требаше да ги состави строфите и да не се забележува никаква пауза во песната. Ѝ се јави на сестра му за да му донесе кафе и почна со работа. Ги спои првата строфа со рефренот кога погледна во мобилниот и забележа дека има неколку пропуштени повици. Му беше малку чудно што не го слушнал додека ѕвонел. Помисли дека можеби заѕвонил додека музиката била многу гласна. По некое време слушна тропање на вратата. Отвори и се изненади кога сестра му му кажа дека веќе три пати доаѓа за да му го донесе кафето, а тој не ја отворил вратата иако било сосема тивко кога тропала.

Ја пушти песната која требаше да ја состави и продолжи со работата. Почна да врне. Дождот секогаш го нервираше. Не му пречеше ни малку кога ќе се вратеше целиот накиснат, со кал до половина ногавици, колку што му пречеше кога ќе го разбудат капките што паѓаат врз прозорецот. Тогаш посакуваше да е барем малку глув и да може да спие, а кога врнеше, спиењето беше MISSION IMPOSSIBLE.

Стигна до делот без музика, а тој не ги слушна капките. Ја пушти песната тивко и ги слушна, потоа пак стигна до друг дел без музика, а пак не го слушаше дождот. Чудно, помисли. Зошто овојпат не слуша ништо?! Пушти музика, а капките почнаа да тропаат на стаклото. Тогаш се сети. Тишината е погласна од дождот! Почека да престане дождот, да заспијат децата, да престанат автомобилите да брчат и почна да снима. Ја снимаше тишината два часа пред повторно да започне вревата, единствените два тивки часа од денот... и заспа.

Се разбуди по некое време кога ги слушна соседите како трчаат по скалите да не задоцнат на работа. Го пушти системот. Го стави цд-то со тишината и ја пушти на vol 30.

Не ги слушаше забрзаните чекори, не ги слушаше децата како се довикуваат покрај лулашките, не слушна ниеден автомобил, читаше книга без некоја викотница да му го одвлече вниманието. Влезе сестра му и се обидуваше нешто да му каже, но ни тој ни таа не го слушаа гласот. Настана хаос во целата зграда, тишината беше толку гласна што сите помислија дека оглувеле преку ноќ. Уште поголем хаос настана кога сфатија дека не слушаат само кога се дома или во близина на зградата. Кога ќе се оддалечеа, се беше нормално. Почнаа да веруваат дека се опседнати, дека зградата им е проколната, некои веднаш се отселија, некои побараа помош од психијатар.

Ниту крстот ниту психијатарот не им помогнаа. За три недели се испразни целата зграда. Се отселија сите. Сите освен Мабел. Сега уживаше во своето дело. Веќе неколку недели спиеше по повеќе од десет часа на ден, што се немаше случено дваесет и седум години. Кога ќе се разбудеше не ни помислуваше да отиде на работа, зарем да премине од тишината во сета онаа врева?

По некое време доби писмо со кое сопственикот на продуцентската куќа му соопштува дека е отпуштен, две недели се немал појавено на работа без да се јави. На незадоволните муштерии им здосади уште да чекаат и ги раскинаа сите договори, што некако го најави и крајот на постоењето на оваа куќа. По три дена ја затворија.

Прочита многу книги, изгледа и многу филмови и документарни емисии. Сакаше со некого да разговара за она што прочитал или видел, сите беа далеку. Се сети како порано читаа истовремено една книга со сестра му а потоа бучно дискутираа за карактерите. Секогаш имаа спротиставени мислења и различни омилени ликови. Полека почна да му недостига трескањето на вратата по кое знаеше дека таа доаѓа во неговата соба. Почна да му



недостига смеата на децата по која знаеше дека татко му се враќа од работа. Татко му беше омилен помеѓу нив зошто секогаш знаеше како да ги насмее или да им покаже некоја нова игра. Му недостигаше долгото ѕвонење на соседот со кој заедно работеа на песните. Сега очајно сакаше да го слушне звукот на глупавите шпански серии кои мајка му ги гледаше, а тој ги сметаше за премногу лигави приказни со лесно предвидлив крај. Му недостигаа луѓето кои го вознемируваа, му недостигаше вревата која ја мразеше. Го исклучи системот. Не слушна ништо. Излезе од собата. Како луд трчаше низ скалите барајќи некој со кој може да разговара. Ѕвонеше од стан во стан, трчаше околу зградата, низ улицата, се обидуваше да разговара со непознатите кои ги сретна кога се оддлалечи од зградата. Никој не му поверува кога им кажуваше од каде доаѓа. Почувствува удар по главата и падна....

Кога се разбуди не знаеше каде се наоѓа ниту пак како стигнал таму. Не можеше да ги мрда рацете од кошулата. Полека се сети на сè. Слушаше викотници од соседните соби, слушаше непрекинато трчање на докторите кои се обидуваа да ги смират другите пациенти. Го слушаше гласот на некоја жена која или пееше или спиеше. И овојпат собата беше со поглед накај главната улица, само што сега тоа го израдува. Слушна како докторот ѝ кажува на мајка му дека ќе остане тука сè додека ги кажува оние луди приказни за снимката со тишината. Го извади од џебот цд-то со снимката, го изгреба од решетките на прозорецот и реши никогаш да не престане да ја раскажува приказната.

## ПЕТРЕВСКА МИМОЗА: **Н. КАМЕЛЕОН**

Ливија изгледаше како некој кој штотуку пристигнал од далечен пат. Како некој на поминување... Флуидно постоење кое не признаваше зихернадли ниту лепаци за глувци. Беше направена од друга материја - прав и пена врзани со налудничав ветар. „Внимавај" - често ја предупредував, „немаш канџи како Земјанките, лесно може да се лизнеш". Ливија ме гледаше рамнодушно, да не речам глупаво, подготвувајќи се за решителниот скок - Аеродром-Центар. Не знаеше да атерира. Имаше повеќе модрици и од Бошко Буха. Погодувате - Ливија беше русокоса. Целата создадена од полутонови. Беше и бистра на својот сото воче начин. Земјината тежа секогаш беше проблем за неа. Нејзиното месо и коски беа сунгерести и беше предодредена за лебдење. Таа спарна јулска ноќ еден зелен јазик како камшик и го пресече патот. Ливија продолжи да езди со малку променет курс, но јазикот фучејќи ја зграпчи за врат и... ја повлече меѓу лизгави спили и долини.. Топлиот и влажен стисок беа откритие за неа. Илјадници мали вулкани залепени за свилените ѝ крилца. Ливија мудруваше. Да се прости од крилцата или од себе? Се реши за второто. Љубовта бара жртви!

Кога виде што се случува, чесниот синдикат бубалиња едногласно реши да преземе соодветни мерки. Сукаа



мустаци, точеа осила и рогови... Во големи црни роеви летаа над главата на камелеонот кој ја зароби Ливија. Тој само болскаше со своите рамнодушни рептилски очи а Ливија ни порачуваше да си одиме и дека ова е шансата да се вкуси рајот. Тоа што се случи потоа, го гледам неповрзано, во фрејмови: Ливија се топеше а камелеонот стануваше сѐ позелен. На крајот како голема фосфорна планина претрча преку хоризонтот и веќе никогаш не се појави. Како ни Ливија. Останаа само лилавите крилца да нѐ потсетуваат дека сѐ што лета може и да се изеде. ...

## ПОПОВСКА ИРЕНА: **ЗИМСКИ ДЕН**

Денес сонцето не се појави. Скржаво го стуткале густи, бели облаци. А, и длабока зима е. Вистинска, скопска. Сепак, утрото е неприродно светло. Рефлексија од снегот, веројатно. Од секаде околу, од секое процепче на собата, насилно се втурнува леденото белило. Го ослепува погледот. Растреперува телото. Парализира умот. Одмрзнува секое поставено прашање. Замрзнува секој обид за одговор. Што со себе? Зошто подалеку од себе? Како поблиску до светот? Каде ќе ме однесат со овој ден, тие невидливи, безшумни чевли на тагата и немирот? И секоја идеја како да му направам некој трик, па, да скршне по моја насока, ја вшиваат и губат рабовите на топлата перница. И секоја иницијатива како поинаку да се преживее денот, прозорското стакло ја пропушта да исчезне некаде таму. Знам, повторно ќе задоцнам, ќе ме надитри, ќе ми побегне. Како сноп зраци ќе се протне низ набиеното, инертно, бескорисно секојдневие, дека ќе биде повторно по негово. Дека повторно ќе ме убие со ритамот на глупавите навики, а, јас повторно без трошка отпор ќе му се предадам. Одвратност од мислите. Гадење од немоќта сопствена. Студена пот. Снеможеност. И грч. И страв. Од првиот чекор. Од вистинскиот збор. Од новиот ден. Од старите болки.

Не станувам. Му оставам барем помалку време.



До мене стигаат пригушени, испрекинати од брмчење на коли, звуци од детско џагорење. Постепено се стишуваат. Сигурен знак дека пладнето, благо, нога за нога се спушта по градот. Да, пладне е, нервозно парајќи ја тишината вели и мојот часовник. Како вешт сликар што добро и брзо ги меша боите, млечната-белузникавост пладнето ја истура и растегнува насекаде. Некои неми, нажалени форми, налик на птици, го прекројуваат просторот. И мојот внатре и тој надвор. Ситни, снежни кристали нежно и рамномерно ја кинат меката и проѕирна ципа на климата. И на душата. Се лепат насекаде. Чудна некоја игра и селекција на природата. Некои се задржуваат и трупаат на темниот асфалт, други, само што ќе ја допрат влажната почва, се впиваат во неа. Исчезнуваат. Или стануваат воздух. Или вода. Недофатливи се. Недостапни. Се лизгаат низ дланките. Како сеќавања. Како настани со некоја-некогаш блиска личност, педантно спакувани и закопани длабоко во земја. Студеникави и далечни.

Денот-уметник додава на тони бела боја, без никакво нијансирање. По небото, хоризонтот, предметите, површините. Монотонија во бело. Визуелна. И секаква.

Треба да станам. Всушност, морам да станам.

Урбаниот патетично-идиличен акварел не ми измамува никакви емоции. Напротив, ме остава млитава и рамнодушна. Една стара, долго чувана болка, затворена ко во стапица во мене, ме прави бестелесна и бессетилна за нешта како снегот, на пример. Таа повеќегодини негувана потстанарка ми ги рафинира сетилата за некои други вредности. До перфекција.

Се закачувам на интернет. Конектирањето трае околу десетина отчукувања на моето срце и потоа знам: gqb е на линија или не. Обично е. Овојпат, не е. Краевите на моето и

неговото време никако да се спојат, констатирам по којзнае кој пат. Понекогаш се допираат, но, за кратко. Понекогаш, стрелките од мојот и неговиот бројач на времето умеат да отчукаат заедно и цел круг од минута, час, два. Или само така ми се чини. Понекогаш се сосема во контра. Мојот и неговиот круг. Мојот и неговиот универзум.

Сенки од луѓе се тетераат по калливите тротоари. Опскурните градски светла им даваат надстварен облик. Се движат во место. Левитираат. Ротираат. Газат. Ги прескокнуваат сопките од сопствените вистини. Како да немаат ни правец, ни насока. Уште помалку цел. Сепак, тие авети, замотани во одстоена скопска магла и нечист, замирисан воздух, со исплакнати модро-зелени лица, без радост, ниту тага на нив, чекорат некаде. Бегаат од самите себе. Целат, итаат, брзаат да ги стасаат своите илузии, пред овие да ги зграпчат нив. Тоа е смислотот на нивните животи, веројатно. Безмилосен трк по илузиите. Оние што ќе ги стигнат, демек, се добитници. Тие што ќе бидат стигнати – лузери.



Јас од поодамна расчистив со овие две категории луѓе, па за пријатели одбирам – трета.

Разговараме лаконски преку виртуелни прозорчиња веќе две години. Или три, можеби. Има многу фикција меѓу нив. И многу растојанија меѓу нас. Има малку разбирање. И многу недоразбирање. Ги мразам, најчесто. И најмногу. А, не можам без нив. Односно, не можам без неговите загради место насмевки. И точки место очи. И букви место глас.

gqb влезе во мојот сериозно-болникав живот без зрно колебање. Се качи некако на мојот мал и насукан брод, кога веќе на него немаше никој. Упорно и смело. Ме фасцинира неговата простодушна сложеност, компликувана едноставност и тврдоглава желба да се смести и остане на мојата скршена, едвај пловлива барка. Ме убедува дека е роден губитник, а, шармантен е како најголем победник.

Ме уверува дека е неук, а, во неговиот ум се собрани сите закони на (мета)физиката и природата, математички равенства, информатички технологии, откачени сликари и џез пијанисти.

Повторно сум online. Дишам забрзано. Вдишувам неспокој, издишувам мачнина. Сакам да размениме некој ред типкајќи; сакам да го разбијам ништавилото, сакам малку боја во белилото, топлина во студенилото. Всушност, сакам да го поканам на чај.

Дува и некој чуден, бел ветер. Острите иглички ги вее во спирали, па, хаотично ги оддувува околу. Така беше некое време, па почна да се бои со темно, за да се прелее во едно несносливо, намрштено, потполно црнило. И јас се разлевам со него. Верно го следам. И најпосле, мракот сосема го совладува денот. Без трошка отпор, противење, негодување.



Проверувам по третпат дали ќе го „сретнам“ gqb. Го чекам долго, го нема. Без колебање, без стравот кој вообичаено ме потресува, молкум и спокојно влегувам во празнината, во себе. Празна – како празен одек од тишината заборавена, како одамна напуштена куќа од покојниот сопственик, како двојна празнина. И можеби ќе допропаднев во празнината, ќе се загубев во вителот на отсуството, ќе потонев до дното на непостоечкото и таму ќе изгниев, ако не дојдеа неколку стихови од невидливото, од пукнатините на недостапното. Му ги испраќам како порака по полноќните гласници на ветрот:

*Изусти само еден глас и по бојата негова*
*ќе знам дали утре ќе изгрее сонцето.*
*Напиши само една буква и по формата нејзина*
*ќе погодам кое годишно време ќе биде денот.*
*Кажи само еден збор и по тонот негов*
*ќе познаам колку ѕвезди ќе се видат во ноќта.*

## ПЧИНСКИ НИКОЛА: **ТРАНЗИЦИСКА БАСНА**

Било си зајче што се викало Трајче.

Ај што се викало Трајче, него на Трајчета много му било мерак да се курчи.

Абе Трајче ако не се заеде с'с некога, не му е дн.



Ама Трајче у цел свој стаж како курназ, увек некако, дал на срећу, дал на брзи ноге, увек му успеало да гу збрише пред да наебе.

Ама и на Трајчета му дошја црн дн. Закачија се он, шваљериште, сас Црнога Вука. Најцрнога у шуму бе. Толко црн, кд е мрак, сал зуби од њега. А зуби, на!

Ај што е црн, ама и брз, мамицу му. Нинџа вук што би кажале покултурни.

И Трајче ск се нашја у небрано. Избегаја он некако у дупку своју, по тј мрак и све, ама црн вук братче не забравља. Бетер од слона. Што е бе слон, наспрам црнога вука.

И црн вук збраја банду, тражив га Трајка кожу да му дерев. Трајко дреме у дупку, не смее да искочи. Искочи ли, толко од њега.

А снемуе моркови, мамицу му. Од курчење нема време за залихе правење.

-И ск, мисли се он, абе мора да улегну у некоју коалицију. Да ме брани некоја покрупна живуљка.

Маму ли му ебу, сас сви скоро сам се закачија у шуму, што ли ми требаше толко да се курчу.

И грицка нокти такој зајко и му мисли:

-С'с мечке да праву, ама, дира ги што су дебели и ненашминкани, не бива.

-С'с ежеви, заебава ги сас онуј песму, дека не ги бива за онуј работу.

-С'с верверице, пуни им ги ораси сас јуву, љути су ми још. Да ги ебу па и њима.

-С'с елени, заебава ги дек су рогоње, и дека ја им ги стављам тија рогови.

-С'с пчеле, њима им се посра у мед. Уф, и мечке за тој су ми љути, гарант.



-С лисице, њима ич да не ги стављам у комбинацију, с њим свакодневно се 'рчкам.

-Е с кога бе не сам се заеја?

-С лава* бе, с лава. С њега да се 'рчну никад не сам имаја муда. Ќе иду куде лава, ќе праву коалицију. Тој ми е едини спас.

И тера Трајко у рану зору, кд се умориле црни вуци од тражење, ама па онакој сас уши нагоре, да не крцне некоја гранка, да не си направи бељу без потребу.

Собраја он мирази што имаја дома, да га одоброволи малце лава. Дотераја се с лептир машњу и направија букет цвеќе.

Иде, ѕвони културно на порту од пештеру.

Лав искача, онакој сањив, пцуе све живо, кој га буди у овој невреме. А мамуран у пичку матер. Бија синоќа на журку куде зебру*, пиле, пиле па се забравиле.

Зајац га слуша и сере у гаќе. Вика, „отиде коалицција, еба ми се све по списак“.

Лав га гледа, трља очи, не му се веруе. Зајац у лептир машњу! Вика: „да му ебу стопаницу, јака тај ракија на зебру“

-Кој си бе ти море курле, што ми ѕвониш овакој рано насабајле?

Зајац одма се убацуе у гзолизачки мод, нема више курчење кд е тесно.

-Абе Лаве, помагај живти све најмило. У голему невољу сам. Ако ми поможеш, за кума ќе те стављам на сви мои деца, нема да има слава, роѓендан, банкет без тебе у чело

-Помагај Лаве, ако бога знаеш. Ов'ј мој заедл'к ќе ме кошта живота.

-Добро де, улегни ај, ќе сварукафе, ко људи ќе разговарамо. И не пискај толко, боли ме глава.



Улегнале они, ол'кнало му малце на зајаца, грудва од срце спуштила се малце подоле. На мочан меур. Стеза, ама па не толко.

Седнале што седнале, збориле што збориле. Пиле кафе што пиле. Горко, ама не смејаја зајко ништо да каже.

Све се договориле. Зајко се задужија млого за заштиту. Цунаја руку и кумија се.

Ама па, зајачка кожа на њега останала.

И па Трајко зајко могаја да се курчи, овјпут с јак грб, што кошта нек кошта.

С време биднаја и рекетар за Лава. С црни вуци колега. Пошто Лав не бија кум, него Кум.

*Наравучение:* Не се курчи без грб. Ако мора да се курчиш, куми се с Кума. [2]

---

2 Знам дека нема лавови и зебре у шуму, ама па Езоп у његову има. Е тај иста шума е.

## РАСПУТИНОВСКИ ПЕТАР: **ИЊЕКАДАН**

**Посветено на мојот правнук.**

Сите линии спирално завршуваа во иста точка, во потполна симетрија со времето и просторот, потполно вообичаено, а прилично безвременски и вонпросторно. Милијарди и милијарди сигнали спојувајќи се во еден, не диктирајќи ништо, едноставно наоѓајќи го својот пат. Галактички точни, сино-портокалово-црвенкасти и мирисајќи на младост. Вртлог на сеќавања и мисли. Една мисла тргна од кајшто вообичаено тргнуваат сите мисли без исклучок, помина низ првобитниот филтер со сите ништани, се затетерави малку на излезниот терминал, но цврсто го трасираше својот пат до најблиската, нејзе слична, мисла посестрима. Заедно во пар, тргнаа во хеликсовидна патека кон најблискиот фокус. По небитно краток изминат период веќе се наоѓаа во големо друштво, се губеа и последните траги на его, и сите пливаа панзадоволни кон небото.



Оригинаторот со никаков товар, несвесен за своето рано пропратено чедо, веќе создаваше нова мисла, овојпат со нова главна тема. Оригинаторот не беше безживотен труп, имаше доста да каже и да направи, и прилично многу да

мисли. Влезниот терминал беше она што го штитеше од останатите оригинатори, не дозволувајќи им влез на мислите со теми кои сам ги внел во филтерот. Да, сам ги внел. Сам ги одбрал и ги внел. Нема тука ништо чудно.

***

Кога сите знаат сѐ, и сите можат да прават сѐ и да имаат сѐ, и да кажат сѐ, и да бидат секаде останува единствено едно нешто по кое се вршеше сегрегацијата. Конзорциум, синдикат, организација, влада, конгрес, совет или компанија немаше. Имаше само гологлав, голобрад, развиен, висок и бос критериум.

Импликанти беа сите, оригинатори не беа сите. Импликантите и оригинаторите не се разликуваа во ништо освен во едно. Кога одеа пред порталот што водеше кон погоре опишаниот критериум, едните беа уважени, другите послужени.

***

Како и секој импликант, Тој немаше свест за својот статус. Како и секој оригинатор, неговиот брат знаеше дека Тој е висок, со долга руса плетенка која почнуваше од страната на главата, некаде над увокодот, и продолжуваше величествено до глуждот на ногопедот. Неодамна реши да ја израсне и сметаше дека тоа е одлична идеја. Критериумот не се согласуваше.

Некаде по осумилјадитото кратење на плетенката, една мисла тргна од кајшто вообичаено тргнуваат сите мисли без исклучок, и стигна до првобитниот филтер. Овој прилично возбудено ја пропушти и ја придружи со клоцнат бокал вода. На излезниот терминал му требаше мала вечност да профункционира, и да го отвори за прв пат излезот на патот. Мислата возбудено иташе кон најблиската, нејзе



слична, мисла посестрима. Сестринството на мислите доби нова членка. За да ја најде најблиската на неа слична мисла посестрима, оваа мисла излезена од оригинаторот со најубавата плетенка во неговиот декагон, почека вечност и отпатува бесконечност. Откако се сретнаа, како пар во хеликсовидна патека отпатуваа до најблискиот фокус. Егото исчезна, но друштвото во вртлогот стана сино и почна да мириса на распад. Ињекадан беше клучниот збор, а потомците на оригинаторите, многу едноставно, веќе беа тргнати во потрага еден за друг.

***

Останаа само луѓето. Една раса се ширеше. На сметка на сите останати, преживеаја, не претпоставувајќи ја својата надмоќност. Десеткувани започнаа нова ера. Преминот во новата ера беше посуптилен и од кинење на ливче од стар багрем. Беа исти. Новиот систем дојде сам по себе, ненаметнат и просторно-временски оправдан. Се имаа себе, но имаа и прашање. Едно, единствено, останато, неоткорнато. Во суштина чудно, а навидум нормално. Прашањето беше сино-црно-зеленкасто и мирисаше на распад. Владееше со сѐ.

***

Потомците на оригинаторите во својата меѓузависна потрага, трагаа по одговорот.

Се најдоа на хоризонтот на нештата, проговорија кратко и брзо дојдоа до консензус. Двајцата итаа кон домот на првобитниот оригинатор, човекот со најубавата плетенка во својот декагон. Критериумот попатно се согласи, беше тоа одлична идеја, и апсолутно ја негираше потребата од постоење на прашањето. Ињекаданот беше тажно инкорпориран во вртлогот. Критериумот престана,

оригинаторите и импликантите се изедначија во потполност. Целиот систем на хеликси, фокуси, терминали, филтри и човек знае што уште не, стана излишен во тоталност. Човекот не беше тоа што беше, не беше тоа што мислеше дека е, не беше тоа што другите мислеа дека е. Другите не постоеја. Расата беше единствена, уникатна, и немаше ништо на неа најмалку слично никаде. Човекот беше сам во просторот и времето. Вртлогот остана сино-црно-зеленкаст и мирисаше на распад.

Луѓето не беа излишни, тие беа таму. Продолжија, и едноставно мораа да сфатат дека младоста и распадот се едно исто, и дека боите немаат никаква улога во нивното постоење. Сфатија доста едноставно, посуптилно и од супернови на сите ѕвезди одеднаш. Вртлогот запре, а космосот премина во состојба на целосна и дефинитивна кома.



## SHE: СЕНАТОТ

Една тетка од врскаџиско ми бркаше работа да поднесам некој формулар, за кој требаше да се напише есеј и нормално - да се дадат пари и за кој се добиваше некоја диплома со печат. Во собата имаше една долга конференциска маса, а околу седеа студентите. Неколку од нив веднаш се стрчаа до челото на масата каде што седна една девојка, за да си ги подигнат дипломите. На нив пишуваше име и презиме, датум, место и пари колку биле платени за неа, а имаше и поголем празен простор за дополнување. Ја побарав мојата диплома и на неа немаше ставено сума колку што уплатив – девојката ми рече дека не сум платила, ама ја направиле дипломата во случај да платам при подигањето. Се навредив и пред да одам да ја барам тетката од врскаџиско за да ѝ се издерам дека ги украла парите, наѕрев дека девојката со дипломите ѝ пишуваше врз дипломата, во празниот простор, на една колешка (што и така не ја познавам) „Браво! Одличен есеј!“ на шпански, па се зачудив од кај па сега таа учела, па уште и есејот го напишала на шпански.

Истрчав полна со лутина горе на спратот, во гаражата која всушност беше соба со стакла, и пробав да влезам внатре. Останатите духови имаа состанок и не ме пуштаа внатре. Си реков дека сум млада, а тие стари, па не ме

сметаат рамноправна сѐ додека не преплашам возрасен човек до смрт. Отидов во другата соба, а останатите од нив вршеа комеморација за еден од нивните кој бил убиен од истребувач на духови кој го начекал на спиење. Ме игнорираа.

Нервозна што не ја добив дипломата за да одам во странство, па згора на сѐ и овие моиве ме сметаа за детиште или воопшто не ме забележуваа, решив да сторам нешто во врска со тоа. Почнав да ги гаснам ламбите, да тропам со прозорци, да дувам завеси и слично, но студентите ги сменија осигурачите, девојката со дипломите го затвори прозорецот, а еден од членовите на сенатот на духови, чичко Тихо, ми плесна една преку муцки. „Овде се случуваат сериозни работи, а ти изигруваш Каспер! Марш на таванот и да не си мрднала додека не те пуштам надвор!" Скиснав како попарена и го послушав. Јеби га, беше во право. Советот дискутираше на темата „Како да ги надитриме истерувачите на духови", за која се разви огромна дебата.



Постарите велеа дека треба да се повлечеме во напуштените куќи, како што се правело отсекогаш, а помладите сакаа да кренат револуција – инсистираа да шетаат слободно низ градот, нормално, само навечер (денски, светлината на сонцето беше премногу силна така што нашите тела стануваа целосно проѕирни, па немаше поента да се правиме луѓе преку ден) и да се обидат да се вклопат со обичните смртници. Така, демек, ќе сме се измешале со нив, а истерувачите нема да знаат кој е кој. Башка, велеа дека има згодни млади студенти и студентки кои буквално би умреле за да легнат со дух!

Ми беше забрането, ама сепак се шмугнав надвор од таванот преку оџакот (не ми беше омилено поминувањето низ ѕидови) и отидов кај тетката од врскаџиско. И писнав дека мора да каже дека сум платила, зашто летово сакав да одам на студенстка размена во некоја европска држава, ако не ги врати парите ќе ѝ го загорчам животот и за демонстрација телепатски кренав едно пенкало и ѝ напишав смајли на раката. Не знам колку ме сфати сериозно (никој друг не ме сфаќаше), но отиде кај девојката што седеше на конференциската маса и ѝ даде 500 од оние 1000 евра што ги платив јас. Ја буцнав со пенкалото по огромниот газ (телепатски!) и ги додаде другите 500. Ми ја врачија дипломата, девојката ми напиша „Екселентисимо, есејот просто воодушевува", а јас со победничка фаца и се исплазив на другата колешка бидејќи мојата посвета „беше боља". „Сепак, добро било да си проѕрен, на еден или друг начин", си реков.

Со насмевка од уво до уво и назад, се вратив на таванот преку оџакот. Истресов еден душек полн со прашина која ме затрупа, исчезнав за да спадне прашината од мене, потоа пак се појавив задоволна од стореното, и по два и пол дена се разбудив наспана, препотена од викотниците што доаѓаа од жешките дискусии на Сенатот.

## SHE: КУ-КУ ЧАСОВНИК

Чекајќи превоз во едно мало село на Југот, виде како еден автомобил седан закочи на паркингот. На возачкото седиште беше Мила, една познаничка - пријателка на пријатели. Внатре беше со уште две другарки, сите за нешто се смееја и викаа. Ја поканија да ја превезат до поголемиот град и таа прифати иако потајно никогаш не ги сакала – тие беа екстра популарни, покондирани тикви без мозок, кои на нејзино чудење секогаш ги добиваа добрите мажи. Всушност, ги мразеше. Во автомобилот седеше цврсто држејќи се за рачката, зашто за малку неколку пати не паднаа во ендек на планинските кривини. Сфати дека сите се пијани до бесвест и ја обзеде страв. Ги замоли да ја остават на првото место каде што има луѓе. „Ах, Тања... подобро на непознато место отколку во ендек“, си помисли.



Беше доцна во ноќта и реши да преспие во мотелот до паркингот каде што ја оставија, чекањето автобус во тоа доба ќе беше залудно. Како што влезе во мотелот, забележа убаво дотеран батлер на рецепција кој ѝ додели соба за двајца и ѝ покажа каде се наоѓа ресторанот.

„Вечерата се служи точно на полноќ“, рече, се поклони и исчезна.

Собата беше веќе дополу полна, имаше некоја девојка од Швајцарија која се шеташе наоколу без алишта. Беше добро градена, цицките и беа еднакви и имаше бразилска депилација. Иако ја погледна само за момент, Тања се засрами, но помисли дека Швајцарките толку се слободни пред сите бидејќи „го немаат нашиот менталитет“. Нешто слично на тоа што надвор од земјава сите се сончаат топлес, но никој не го прави тоа во Охрид или Струга.

„Хај!“, весело рече Швајцарката.

„Хелоу...“, тивко возврати Тања свртена кон ѕидот.

Иако не можеше повторно да ја погледне, ѝ завидуваше на младоста и на совршеното тело. Своето не го сакаше многу поради виснатиот стомак, гради и задник со рапава кожа кои ѝ останаа по прекинатата бременост. По којзнае кој пат си помисли каков ќе беше нејзиниот син и повторно ѝ навреа солзи на очите.



Имаше уште десетина минути до вечерата, па реши да прошета наоколу. Низ ходниците и салонот имаше слики со актови на жени од ренесансата кои сега би биле сметани за дебели, а во лобито гордо стоеше голем часовник од темно дрво во кој слободно можеше да застане човек. Во дневниот престој имаше голем телевизор со рамен екран, неколку маси со удобни столови полни со големи везени перници и богато нацртани ѕидови. Разгледувајќи се запрепасти кога забележа дека сите(!) луѓе слободно си шетаа наоколу... голи!

Веднаш си ги покри очите од срам, но никој не ѝ обрна внимание и таа ѕирна низ прстите. Во некои од нив дури и се препозна себеси. Имаше стари, млади, дебели и слаби, целулитни и згодни, средени и недепилирани. Сите се однесуваа најнормално, читаа списанија, пиеја кафе, гледаа репризи од „Вил и Грејс“ на телевизија, разговараа за новиот бестселер на Пауло Куељо... но сепак! Беа голи! Не можеше да го прифати тоа како разумно и истрча избезумено накај собата.

Гледајќи зад себе да не ја следи некој, се удри во некого. Во него препозна еден добар другар од средно, кој го немаше видено веќе петнаесет години. И тој беше гол како и останатите гости, па таа упорно се обидуваше да го гледа во лице иако погледот неколку пати ѝ падна надолу. Направија муабет, во стилот „шо прајш, како си", но немаше сила да го праша зошто сите се без облека. Тој забележа дека е збунета (покрај тоа беше единствената облечена гостинка во хотелот) и смирено почна да ѝ зборува.

„Не сакаме веќе да се срамиме од она што сме, од жени што не смеат да дојат дете на јавно место, од мажи што сметаат дека тоа што им е скриено во гаќите им е најголема доблест. Овде луѓето доаѓаат да се пронајдат себеси."

Го ислуша упорно гледајќи го в очи, а потоа со бавни чекори се оддалечи кон својата соба патем внимателно загледувајќи ги сликите по ѕидовите.

Застана меѓу двата кревети, пред огледалото. Стоеше без да трепне, без да мрдне, гледајќи во него. Стоеше и стоеше.. опкружена од празна тишина. Наеднаш снема струја, но таа не се помрдна и во мракот се обидуваше да ја препознае својата контура во огледалото. За неполна минута, струјата се врати.

Стоеше во непроменета положба, пред огледалото, но овој пат во него како да се гледаше за прв пат во својот живот. Гледајќи се, Тања ги турна прерамките од рамената и нејзиниот зелен фустан падна на земјата. Ја соблече и долната облека и повторно стоеше пред огледалото, без да трепне, без да мрдне, исто како претходно.

Од таа состојба ја освести ку-ку часовникот од лобито на мотелот кој чукаше дванаесет пати, за полноќ. Нагло се сврте кон вратата како часовникот да беше зад неа, уште еднаш длабоко се погледна во огледалото и отиде во трпезаријата да вечера.



## T.W.S: ОПЕРАЦИЈА ИСФРЛАЊЕ ЗЕЛКА (КИСЕЛА)

Да не се секирате ако ви умре циганката - мајка ми е тука! Кога веќе сме кај фрлање на расипан купус[3] (фала ти Мими што ме потсети) во понеделникот (з'ш беше неработен ден овде) Стефче се абмицираше да го исфрли купусот и туршијата[4] и да ги среди буриња за да не почнат да ни копаат во двор за да бараат распаднато тело, з'ш не само што ни троваше подрумот, туку комшиите почнаа да се шуткаат околу нашата куќа з'ш мислеа дека сум си ја утепала свекрва ми. Што е за право Стефче си побара инструкции од мене: како да ја изведе операцијата. А јас, паметна на мајка, му реков дека треба да ги фрли во кеса за ѓубре (што би се рекло, да се брца внатре) преостанатите зелки и зеленчуци од буриња, и водата планирав да ја фрлам во wc шолја. Сето ова течеше како подмачкано иако Стефче ми џиткаше поглед со недоверба. Ги однесовме буренцата позади куќа, никој да не нè види, и за брцањето,

3 Да не помисливте случајно дека Тошо ќе ме остави без купус??? После на Стефче со што ке му плескам сарми?!

4 Баба Есперанца со комшиката баба Јана ми направија туршија: додека правеа, јас ги вадев патлиџаните и пиперките од буренцето з'ш не ги сакам, ама на секое мое свртување, тие ги враќаа назад, така што целиот процес траеше подолго од обично и јас си отидов во Тирана со патлиџаните и пиперките у буренце (мајка ми ми рече: попаметниот попушта).

му врзав три кеси на рака и киднав на вториот спрат од другата страна на куќата. Правиот проблем настана кога Стефче ги отвори буриињата: почна да урла од надвор, а јас горе помислив: земјотрес!!! Се стрчав кај него (мама ми викаше дека на мака се познаваат јунаци, и јас, паметна на мајка, си ја слушам) и констатирав дека тоа ми е еден од најглупавите потези во животот: не знам дали вие сте доживеале во животот таква реа: искакана бебешка пелена и стоена 2-3 дена, мириса „куту парфем“ во споредба со ова. Тука ни гас-маска не ти помага, брат. Стефче се смее и урла (нешто како хистерија, веројатно од гасовите?!), а јас почнувам исто така да се смеам хистерично со нагони за повраќање во исто време. Целиот тој процес после тоа ми е малку во магла, ама знам дека немаше шанси тие буренца да ги внесеме во куќа и да ги истуриме во шолја. И најважно, го научив маж ми дека во ваков случај, одиш кај комшиите и ним им го фрлаш ѓубрето во двор! Веројатно е излишно да спомнам дека мојот „кеса на рака“ метод беше чиста утка. Наредните два дена куќата ни троваше. Дури денес се живее. Така да кој сака да ми дојде - не се секирајте: сигурно е сега.



## ЦВЕТКОВЌ ИРЕНА: СКОПСКА ПРИКАЗНА

Бескорисно е да се седи потпрен со лактот на оградата од балконот и да се гледа во небесното црвенило кое ми ги штипе слепоочниците. Но, што можам?! Тоа доаѓа сосема спонтано, доаѓа за да донесе неспокој и ме врзува после првиот поглед. Тоа е замка и свесна сум дека повторно ќе паднам во неа. Доволно е само малку човек да остане сам со себе за да ги почувствува оние „невини“ скокоткања во утробата. Чудно како времето во овие мигови почнува да се растегнува и собира. Тоа се шири и стеснува, почнува да си игра со нас, да нѐ преместува ту во минатото, ту во иднината. (За првпат ми е мачно што сум сама.)

Градот доби друга боја. Се скри во својата темна внатрешност, се натисна во сопствената утроба. Во немоќноста на ѕвездата спијат умните очи. (Немаше ѕвезди на небото таа вечер кога се возевме во колата со З. Беше спарнина, тешка и врела ноќ во доцниот септември. Одеднаш застана, ги тргна рацете од воланот, ги притисна во тупаница и ги стави врз своите уши. Велеше дека го притиска нешто во главата, дека се чувтсвува заробен во овој град, во овој урбан кафез. Го проколна сивилото околу него и ме замоли да излезам од колата, да го оставам САМ. Немаше ѕвезди таа ноќ во грдиот септември... веројатно затоа утредента врнеше дожд.)

Ах, па види, веќе се запалиле уличните светилки. Чудно, зашто влезот од мојата зграда е свртен кон улицата, а не кон влезовите од другите згради. Вистинска социјална блокада. (Со З. никогаш не се гледавме во очи. Па ние и не умеевме да разговараме. Всушност, не умеевме да се слушаме. Нашите средби поминуваа во еднонасочна комуникација, а завршуваа кога тој ќе ме замолеше да си одам, да го оставам САМ.)

Почна да дува ветер. Студот навлегуваше во мене низ врвовите од прстите. Рацете почнуваат да ми се грчат. Ги триев една од друга дланките и потоа дував во нив. Така ги враќам во живот. „Одамна не врнал дожд во овој осаменички урбанизиран пекол“ - констатирам. Овие суви и студени градски воздишки влегуваат во мене низ мојот нос, се распрснуваат во мојата внатрешност и излегуваат низ устата. Осветлена сум одвнатре и тоа е непријатно. Мразам кога копам низ сеќавањата, кога гледам во себе, зашто да познаваш нешто значи да го мразиш (можеби затоа никогаш вистински не го запознав З.).

Се свртев на другата страна и погледнав надолу. Мали бетонски столбови и паркирани автомобили. Ја исправив главата за со поглед да го опфатам целиот хоризонт. Булеварот наликуваше на нозе од некоја убавица легната на грб кои се протегаа во бескрајот кој се затскриваше зад високата бела зграда - постојаниот победник во борбата со мојот поглед. Семафорите му даваа необична веселост на пејзажот. Тие заедно со светлата на автомобилите создаваа чудесна симфонија од бои. Хоризонтот почнува да се менува, да добива смисла, да добива вредност. Тука има многу повеќе одошто за еден грст волшебни доживувања, но нема место за мене. Просторот слегнува со раменици не можејќи да ме впие во себеси. Јас не умеам да се пронајдам, ниту да го благословам овој неискористен



момент. Моето одвишно присуство прави уште една лузна во времето. (Понекогаш со З. се качувавме на покривот од мојата зграда и тој тогаш говореше за одвратноста од бесполезното седење врз ова бетонско здание. Велеше дека сака да ја мине ивицата од овој покрив, да чекори во воздух. Јас само го гледав и молчев. А знаев, знаев дека мисли оти не ни е местото овде на обајцата. Но, имаше ли место за нас некаде во светот? Знаев дека го мрази времето поминато со мене, но молчев. Потоа тој ќе ги покриеше очите со дланките и ќе ме замолеше да си одам, да го оставам САМ.)

Почна да станува сѐ постудено и постудено (исто како во студените октомвриски ноќи кога се грчев од потреба за прегратката на З.). Тишината го голташе хоризонтот и лицемерно ја загушуваше градската врева подготвувајќи бура. Потпрена на оградата го гледам Потопот во очи. Воздухот почнува да се згрчува, а во моите раце се раздвижуваат бубалки. Коските почнуваат да ми играат од страв. (Бев преплашена кога последен пат го видов З. Одмавнуваше со главата цврсто решен да молчи, а рацете сурово цврсто ги држеше врз своите уши. Со поглед се пиевме издадени од несогласувањата, мртви во обидите да се разбереме. Му го допрев грлото папсана од потреба за збор. Мрморев тивко во плач, а во тајните ходници од неговиот желудник ги пронаоѓав моите зборови недоџвакани, несварени, гнили.)

Заврна дожд. Капките почнаа иритирачки да ми се тркалаат низ лицето. Се прибрав во топлата соба решена да не го гледам залезот повторно (да го избришам, да го премолчувам, да го задушам З. во мене.) Ги затворив очите и сонував за исток.

1. Круг О

Во ресторанот на аголот од улицата седевме ние петмина. Беше пријатна ноќ и уживавме во убавото вино. Лени зборуваше долго, а мене некаква тегобна магла ми се втиснуваше во ушите. Без многу заобиколувања Лени ми ги даваше основните упатства околу патувањето. Утре заминувам. Повеќе не можев да го слушам, иако со последните сили се трудев. Мели седеше до него и црташе кругови со вилушката по чинијата. Беше тоа најчудното кружно движење кое досега го имав видено. На моменти успоруваше, само колку да ме залаже, а потоа молскавично брзо ја триеше вилушката по работ од чинијата, преметнувајќи го погледот од еден до друг. Бев свесна дека стравот веќе ми се исцртал во очите.

Бевме петмина, седнати на тркалезната маса. Моите најсакани, мојот свет кој требаше да го напуштам засекогаш.

2. Четириаголник □

Лени се уште зборуваше, а јас продолжив да ја играм играта на набљудување на кружниците. Убави се- забележувам- и секако необични. Го свртев погледот кон Лени.



Убав е и секако необичен. Бесрамно почнав да го зјапам, плашејќи се од една мисла. Мислата за новата четворка: Лени, Мели, Марио и Луси, без мене. Не можев повеќе да ја поднесам грутката која ми се создаваше во грлото. Очите ми се насолзија и за да ја скријам сопствената слабост погледнав низ прозорот. Парчето видик беше празно и здодевно. Веројатно имаше нешто поинтересно зад границите, но четирите агли од прозорот ми го затвораа погледот. Се гледаше само дел од улицата и два паркирани автомобили. Останатото што го гледав беше само здодевен бел ѕид на кој висеше прозорот. Четирите агли не можат да се помрднат...никогаш. Четирите упоришта во ѕидот со подадени раце дозволуваат само едно парче од хоризонтот во кој нема место за петиот елемент. Ги замислував Лени и Мели на горните агли, а Марио и Луси на долните два, затоа што токму така беа распоредени на масата. Лени ја милуваше раката на Мели и ѝ ја објаснуваше убавината на Америка, а Луси и Марио се смееја за дебелите нозе на конобарот.

3. Триаголник △

Лени продолжуваше да зборува и одвреме-навреме со јазикот поминуваше низ горната усна. Држејќи ја за рака Мели во еден момент ми го фати погледот кој повторно беше вперен во него. Се насмевна и со десната рака ми ја прибра левата дланка свиткана во тупаница, опфаќајќи ја целосно со долгите прсти. – Ќе ми недостасуваш, малечками рече намигнувајќи ми. Мели ја префрли десната дланка врз нашите две и со навалена глава ме погледна во очи. И мене исто- ми рече Мели.

Ги затворив очите. Солзите удираа по очните капаци барајќи да ги отворам за да го видат и тие светот надвор од мојата тажна внатрешност. Да го видат овој триаголен свет

ограден од нашите раце, создаден од крепоста на чворот од испреплетени прсти. Ситни искри на возбуда ме пецкаа по телото. Возбуда предизвикана од допирот на Лени. Се обидував да ја заборавам, да ја исклучам, да не ја забележувам дланката на Мели која нè притискаше. Сакав да му ги запомнам прстите вака природни и голи без венчалниот прстен кој Мели требаше наскоро да го одбере. Го гледав Лени толку блиску како никогаш до сега. Толку бел, нежен, стварен. Влегуваше во мене како никогаш до сега. Толку силен, толку телесен, толку топол. Ме убиваа сопствените страсти, а јас се повеќе тонев во омраза. Беше невозможно да се игнорира дланката на Мели.

4. Права|

Ја истргнав сега веќе испотената дланка и го растурив триаголникот. Тој не можеше да постои без солзи и омраза, а јас веќе немав сила. Го нагрнав џемперот и извинувајќи им се на сите заминав од ресторанот. Влегов во автомобилот решена да не ги отворам прозорите и покрај спарнината. Веќе беше после полноќ и единствено јасно се гледаше осветлената, долга, права улица. Едноличен пат кој беше мојот излез од светот на петмината. Излез од кругот кој тежнееше кон агли.



## ШОПОВ ИВАН: БАГАЖОТ НА СТАРИОТ ПРИЈАТЕЛ

Беше јуни, вторник - ден глупав како никогаш досега. Одев по една неважна улица на уште помалку важен тротоар и воопшто не ми пречеше што градот беше многу загаден. А ѓубре имаше насекаде, особено на тротоарот. Морам да кажам дека понудата на отпадоци беше разновидна: кутии од цигари; пластични шишиња; мрсни хартии и полуизедени тостови; скршени стакла; валкани шамивчиња; изџвакани мастики (една за малку ќе ми се залепеше за патиката); разни летоци кои ги фрлил некој граѓанин(?!), очигледно незаинтересиран за настанот што се рекламира; по некоја плунка исфрлена од устата на којзнае кој простак... И мене воопшто не ми беше гајле за тие отпадоци, сè додека не се лизнав на една лушпа од банана. Треснав на нечистиот бетон и гласно опцув. Чув силно смеење на рапав машки глас. Се свртев назад и здогледав неуреден човек кој прилегаше на скитник. Знаете, го имаше оној препознатлив парталав уличарски мантил, скинати чевли, небричена брада и излитен шешир. Сè уште смеејќи се ми пријде и ми подаде рака. Рече: „Пцуеш подобро од порано“. Останав да седам на тротоарот зашто сè уште не ми беше јасно кој е овој човек што од некаде ме познава. Ја прифатив неговата рака со недоверба, станав и зјапав во неговото лице. Тој продолжи да се ми смее некако улаво. Неговата развлечена од

смеење уста му го откри златниот заб. Па како можев да не го препознаам мојот стар пријател! Срдечно се прегрнавме и се избакнавме. На обајцата ни беше мило што по толку време повторно се сретнавме. И покрај тоа, јас немав некоја голема желба за разговор со него. Тој не брзаше никаде, а јас брзав НИКАДЕ. Но нели, нема смисла туку-така да си заминам, па решив да разменам некој збор со него. Забележав дека со себе влечка два огромни куфера. Го прашав: „Каде си тргнал? Што носиш во куферите?“ - „Тргнав на пат“ - рече. „А што носам во куферите? Во овој црниот носам секојдневни работи: мал прибор за ментална хигиена; малку храна, јадење и пиење за по пат. Ќе ми се најде. Носам, исто така, чиста долна облека; неколку маици; крпени чорапи; едно шишенце со маслиново масло; листови и пенкала; стари весници, во случај да треба да завиткам нешто; си ставив во куферот и игла и конец за крпење; ставив ножици, чешел, грицкалка за нокти, сапун; има во куферот и неколку чисти крпи; се разбира, има и нечисти. Во куферот носам, освен маици, и неколку блузи, да не застуди случајно таму каде што одам.“



Веќе ми беше здодевно да го слушам, но моето меко срце не ми дозволуваше да го прекинам бидејќи со огромна, за мене неразбирлива жар, раскажуваше за содржината на неговиот багаж. И продолжи: „Носам еден капут; носам две зимски капи; носам шал; носам резервни копчиња; можеби ќе ми се смееш, но носам и трска за риболов и мамци. Заборавив да ти кажам за кошулите. Носам две бели, две црни, една со хавајска цветна шара... ја носам, верувал или не, онаа зелена кошула што ја носев на матурската вечер. Се сеќаваш на неа?“ - „Се сеќавам“, реков, иако немав поим за која кошула станува збор. А тој ќе продолжеше да зборува што сѐ ставил во црниот куфер, но јас сакав да го забрзам разговорот бидејќи ми беше здодевно и повеќе ме интересираше каде оди отколку што носи во куферите. Затоа го прашав: „А што носиш во овој вториот, сивиот куфер?“ Тој го смени веселиот израз на лицето и почна да раскажува мрзеливо: „Тој куфер си го викам споменар. Во него чувам спомени: стари фотографии од девојки, од другари, од семејството, од старите соседи... носам две тетратки од основно училиште, во нив има секакви чкртаници што сме ги правеле на часовите. Има и твој потпис на едната“ - рече со носталгичен тон. „Носам и билети од концерти, од спортски натпревари; носам фискални сметки; носам интересни летоци за настани што сум ги посетил или за настани што сум сакал, а не сум ги посетил; носам секакви ливченца; носам многу писма и разлгедници; носам едно камче за кое мислев дека ми носи среќа; носам исечоци од весници и списанија; носам ситни подароци што сум ги добил некогаш...“



Го слушав пријателот без интерес. Па и нему му беше здодевно да раскажува за спомените. А јас бев сѐ позаинтересиран да разберам каде всушност оди мојот другар. И ми се брзаше. А тој раскажуваше и раскажуваше за својот втор куфер: „Носам и сликички од еден албум што го собирав како дете; ја чувам во куферот и првата стихотворба што ја напишав во градинка; чувам и еден мал молитвеник, знаеш, јас своевремено бев побожен човек“.

Повеќе не можев да издржам. Бев обзеден од голема љубопитност и го прекинав здодевното раскажување: „Добро, а каде си тргнал? Каде ќе одиш на пат? Каде ќе ги одвлечкаш овие преполни куфери?“ Неговото лице видно се натажи и се растревожи, целиот се растрепери. Како да немаше сила да ми одговори. Почна да пелтечи: „Јас... јас ќе одам... ќе одам во...“ Потоа длабоко воздивна и ми рече со тивок, речиси плачлив глас: „Заборавив. Јас не знам каде ќе одам“. Ме обзеде силна лутина. Другарот ми

одзеде многу од моето скапоцено време (бидејќи брзав) раскажувајќи глупости за неговиот багаж, за на крајот да ми каже дека заборавил каде оди?! Тој забележа колку сум лут, ги подигна куферите и се подготви да си замине. Се разделивме без збор и зачекоривме во спротивна насока. Јас со брз, тој со бавен чекор. Иако се разделивме без поздрав, знае тој, а знам и јас дека сè уште сме добри стари другари. Знаеме и дека повторно ќе се сретнеме. Тој - што не брза никаде и јас - што брзам НИКАДЕ.